ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
„КРСТЕ МИСИРКОВ“

ISSN 0350-8102

# МАКЕДОНИСТИКА
# 22

Скопје, 2023

МАКЕДОНИСТИКА
Списанието излегува повремено.

Од издавачот: проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, директорка на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“
Редакција: Светлана Давкова-Ѓоргиева (главен уредник), Веселинка Лаброска, Борче Арсов
Лектура: Светлана Давкова-Ѓоргиева, Веселинка Лаброска
Компјутерска подготовка: Александар Штерјев
Печатница: Графо Пром
Тираж: 300
Списанието е финансирано од Министерството за култура на Република Северна Македонија

УДК 811.163.3'28
УДК 811.163.3'282(497.723)

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“
МАКЕДОНИСТИКА 22/2023

ПЕРО АНАСТАСОВ

# ЗЛЕТОВСКИОТ ГОВОР

Трудот е примен на 19.10.2023 г.
Р е ц е н з е н т и: проф. д-р Еленка Стоевска-Денчова,
проф. д-р Светлана Давкова-Ѓоргиева

Од Редакцијата: Трудот Злетовскиот говор од Перо Анастасов е дипломска работа работена под менторство на акад. Божидар Видоески.

Во оваа работа е претставен материјал собиран од репрезентативни говорители на злетовскиот говор, кој е драгоцен и е од големо значење во истражувањето на македонските дијалекти. Рецензентите не интервираа во однос на содржината на односниов труд освен со ситни рецензентски корекции.

## ВОВЕД

Меѓу имињата на нашите средновековни градови и села кои започнуваат да се споменуваат во IX век, а почесто во XI век, се споменува и градот Злетово, град во Источна Македонија. По Самоиловата држава овие градови беа под византиска власт. За првпат градот Злетово го споменуваат изворите од XI век во хрисовулата на византискиот цар Василие II од 1019 година по повод формирањето на Мородвишката епископија како главна енориска населба со селата од своето подрачје. Базирајќи се на горниот податок може да се каже дека градот Злетово постоел неколку века порано, и најверојатно тој бил основан од Словените по нивното населување во овој крај. Населбата била лоцирана покрај истоимената река, до осоговските теснини. Западно од неа се простира плодородна долина која создавала услови за егзистенција. Благодарејќи му на рударството кое било развиено во блиските планини уште во римско време, Злетово станува главна населба на едно широко подрачје во западниот дел на Осогово. Така неговото име се наложува на целата област што ја покрива Злетовица и нејзините притоки. Нешто подоцна од XIV век Злетово станува административен центар за Источна Македонија, а воедно и црковен центар. Во новоформираната епископија од цар Душан во Злетовско биле вклучени и долината на Брегалница, Пијанец, Малешево и Славиште. Од историските извори се дознава дека Злетово и селото Лесново во периодот од XI до XV век станале центри на Македонија за распространување на христијанската вера и просвета, но и стожери на македонската народност. Духовниот центар на оваа патриотска дејност се наоѓа во манастирот Свети Гаврил во Лесново. Злетово и селата од неговиот атар Лесново, Древено, Ратовица и Ратковица се споменуваат и подоцна во периодот од XII до XIV век во врска со продорот на Печенаите и Куманите во овој крај. Населбите биле напаѓани и уништувани од овие племиња. Градот Злетово се јавува како наследник на една постара населба, чиј центар се наоѓа кај месноста Туралевци, во непосредна близина на денешното Злетово. Оваа населба заземала стратешка положба пред осоговските теснини, а покрај неа минувале важни патишта кои ја поврзувале со долината на Брегалница и Славиште.

Името на Злетово е од словенско потекло и е многу старо, а се споменува уште во првите векови.

Во 1282 година српскиот крал Милутин ја заземал оваа област од Византија. Во времето на цар Душан (1331–1355) Злетово со Лесновскиот манастир биле под владеење на феудалните владетели и деспотот Оливер. При распаѓањето на Душановото царство, Злетово влегува во состав на владеењето

на браќата Дејановиќ. Уште во XIII век во Злетово пазарен ден е петок, кој постои и денеска. Во времето на Милутин станува центар на средновековната жупа. Во 90-тите години на XIV век Злетово потпаѓа под турска управа. Според легендата со доаѓањето на Турците месното население побегнало од Злетово, ама најхрабриот човек останал и се скрил под колото на една воденица. Кога пристигнале Турците не нашле жив човек во селото. Тогаш тие дале наредба дека на оној кој ќе се појави ќе му биде помилуван животот. Скриениот селанец се појавил, а агата ја кренал сабјата и му наредил на селанецот да помине под неа. Кога тој поминал под сабјата, агата го нарекол „раја“, а тоа значело дека отсега па натаму ќе им служи на Турците. Најхрабриот селанец ги повикал и останатите селани кои останале да им служат на Турците. Составот на населението во Злетово бил различен. Во Злетово со миграциите се раселувале и се доселувале луѓе од различни места. Две до три фамилии се доселиле од Прилеп, бегајќи од турската наезда, од кои денеска е позната фамилијата Гребенарци. Во Злетово, покрај староседелците се доселиле и луѓе од Крива Паланка, Кочани и други места. Во времето на Александар Обреновиќ, конзул на српското кралство во Скопје бил Владимир Кариќ. Српската пропаганда се проширила и во Злетово, а за нејзин претставник се смета злетовецот Димитар Аџиски. Тој зел големо богатство и купил голем имот во Злетово. Во 90-тите години на XIX век се појавува и бугарската пропаганда. Димитар Аџиски од српската пропаганда преминува во составот на бугарската егзархија. Кон крајот на XIX и почетокот на XX век од вкупно 140 семејства само 12 семејства ја прифаќаат српската пропаганда. Во турско време Злетово потпаѓа под Ќустендилскиот санџак и под Кратовската кааза. Во 1913 година со потпаѓањето под српска власт, Злетово станува „варошица“ и седиште на општината сè до 1945 година кога станува околија, а потоа општина. Со формирањето на Комуните, Злетово влегува во состав на Пробиштип. Денешното население го сочинуваат староседелци и доселеници од планинските села. Злетово е на границата меѓу северните и источните говори, а најблизу е до штипско-кочанските говори. Како стара населба со бурна историја, во неа не се забележуваат посебни влијанија во говорот на населението. Географската положба и отвореноста кон источните говори придонеле за злетовскиот говор да стане дел од штипско-кочанските говори. При изработка на семинарската работа на тема „Обработка на злетовскиот говор“ користев материјал што го собрав од староседелците, кои својот живот го имаат поминато во Злетово. Живите информатори беа над шеесетгодишна возраст, а својот говор го прикажаа преку приказни и песни. Кај помладите генерации се забележуваше влијание од македонскиот стандарден јазик.

**Ф О Н Е Т И К А**

(гласовен систем)

Гласовниот систем на злетовскиот говор го сочинуваат шест вокали и 25 консонанти. Вокали се: а, е, и, о, у и темниот вокал ӑ.

**Вокалниот систем претставен графички изгледа вака:**

| | | |
|---|---|---|
| о | | у |
| е | ӑ | и |
| | а | |

**Консонантскиот систем претставен графички изгледа вака**:

| | | |
|---|---|---|
| б-п | ѓ-ќ | ѕ-ц |
| в-ф | ж-ш | к-г |
| д-т | з-с | џ-ч |
| м | н | њ |
| л | р | ј |

Во злетовскиот говор се среќава вокалното р̥, но не и вокалното л̥. Вокалното р̥ може да се сретне на апсолутниот почеток, ако по него следува консонант, или, ако е во позиција меѓу два консонанти. Во овој говор фонемите х и љ не се среќаваат. процесот на затврднување на л’ овде е завршен. Постои само тврдо л. Усните консонанти б, п, м имаат нормална артикулација и не се палатализираат. Останатите консонанти имаат нормална артикулација.

***В О К А Л И***

Вокалниот систем на злетовскиот говор не се разликува многу од македонскиот стандарден јазик. Со стандардниот јазик се согласуваат вокалите *а, и, у* кога се акцентирани, а вокалите *е, о* имаат специфичен изговор кога се под акцент ( *б'еѓа, б'елка, д'еца, дев'ојка, п̄'ос̄ти, в'енец*).

Во овие примери се среќава мала нијанса на отвореност на /е$^{а}$/ и /о$^{а}$/, но во повеќе случаи и овие вокали имаат нормален изговор.

## **Вокалите во неакцентиран слог**

Неакцентираните вокали се изговараат со извесна редукција на гласот. Степенот на редукцијата зависи од местото на вокалите, односно од околните консонанти. Најзабележлива е редукцијата на вокалот /а/ во слоговите пред акцент и во соседство на р. На пр.: (*валавич'ар, граѓ'ани, заг'ар, град'иште, раб'ота*). Редукцијата е честа во соседство со р, па затоа вокалот може слабо да се забележи (*брад'авица – брд'аци*). Редукцијата се забележува и кај вокалите /е/, /о/ (*белуштр'ак, реден'ик, леблеб'ија, попад'ија*).

**Темниот вокал //ӑ/:** Во злетовскиот говор темниот вокал ӑ се среќава во примерите: *алт'ӑн, алт'ӑни, кӑсм'ет*, како и во зборовите *зӑр* и *чӑк*; но: *в'етер, г'абер, св'екор*.

## **Промена на вокалите**

Промената на вокалите е застапена и во злетовскиот говор, а оваа промена ја забележуваме во следните примери:

- промена на вокалот /о/ во /а/: *мат'ика*;
- промена на вокалот /а/ во /у/: *дв'ујца*;
- промена на вокалот /о/ во /у/: *кум'ита, б'умба, тр'уица*;
- кај прилозите во крајниот слог имаме промена на вокалот /у/ во /е/: *д'оле, п'одоле, н'адоле*;
- промена на вокалот /у/ во /о/: *т'амо (там), он'амо (онам), ов'амо, бл'изо, н'апреко*;
- вокалот /у/ не претрпел промена во зборовите: *н'огу, ма'ўку (малку)*;
- кај некои членувани придавки вокалот /е/ преминува во /и/ па во /ј/ или целосно се испушта: *м'ојто, тв'ојто, н'ашто, в'ашто*;
- промена на вокалот /е/ во /и/ односно редукција: *шиќ'ер, идина'есе, тиниќ'иј*.

## **Асимилација**

Во злетовскиот говор непосредноста на вокалите во повеќе случаи не се избегнува како во другите говори со вметнување на хијатски гласови (*ј'аа, сн'аа, каб'аат, маан'а, б'ааги, јаан'а*).

## **Елизија**

Елизијата се среќава во брзото зборување и во составот на проклитичките зборови. Кај честицата ќе се губи вокалот е пред глаголи кои започнуваат на вокал: *ќ'идам*, *ќ'играм*.

**Подвижни вокали на апсолутниот крај**

Во злетовскиот говор прилозите се јавуваат без крајниот вокал: *'оѳек* (*оѳ'ека – отткаѳе*), *'оѳек са 'они, ѳоѳ'ек, ѳо кӑт ќе те ч'екам, сӑк* (сега) *ќе ѳојѳам*. Непостојаниот вокал /о/ се среќава во прилозите: *тӑм* (тамо), *'онам* (он'амо). Подвижниот вокал /е/ се јавува во: *'оште-ош*. Кај предлозите се испушта вокалот /и/: *поз'ат т'ебе* (позади).

**Рефлексите на некои вокали**

**Назалниот вокал /ѫ/**

Назалниот вокал /ѫ/ > /у/: *гр'уѳи, гусен'ица, з'уп, з'уби, з'упци, з'убло, к'уѳела, м'уш, м'ужје, м'ушќи, м'ука, р'ука, л'ук, м'учам се* (се мачам), *м'учно, п'ут, п'утник*. Во зборовите вокалот /ѫ/ > /а/: *кап'ина, н'екаѳе, с'екаѳе, н'икаѳе*, а /ѫ/ > /о/: *боб'оти, поп'ок*. Назалниот вокал /ѧ/ > /е/: *гов'еѳо, гл'еѳам, ечм'ен, гр'еѳа, оглеѳ'ало, ч'еѳо, ж'етва, ж'еѳен, т'еле, с'еме*.

Вокалот /ѩ/ > /е/, /у/: *з'аек, 'еѳар, ет'рва, ечм'ен, п'аук, пауж'ин;* но: *јӑзик*.

**Големиот ер /ъ/**

Во злетовскиот говор големиот ер /ъ/ во силна позиција се вокализира во /о/: *с'он, б'очва, б'оза, з'олва, в'ошка, ѳ'ош, п'еток, в'осок, м'озок, гол'ем*. Кај именките членуваната форма се јавува скратено: *ст'оло, н'ожо, говеѳ'аро, бакарѳ'ано, к'ошо*. Предлогот въ>у, а предлогот съ>сос, сӑс.

**Малиот ер /ь/**

Малиот ер /ь/ во силна позиција се вокализира во /е/: *темн'ица, темн'ина, чес, ч'есен, лен, пењ'ушка, т'емно*. Во живиот говор кај постарите луѓе го среќаваме темниот вокал /ӑ/: *бӑска, вӑзѳӑн, ѳӑн, ѳӑнӑска, ѳӑнта, лӑцно, мӑгла, сӑк, тӑнок, тӑнко, лӑже, лӑжица*.

Групата цвь- > цӑв-: *цӑвте* (цвета цветот). Суфиксите -ць > -ец, -ьмь > -ем, -ьсь > -ес: *вр'абец, вр'апци, ј'арец, ј'арци, ј'азовец, јар'ем, ј'арми, ов'ес*.

Секундарниот ер /ъ/ > /а/: *лаж'ица, м'азга, в'еѳар, б'истар, ѳ'обар, 'итар, 'остар*; но: *в'етер, г'абер* (кај помладите зборувачи на овој дијалект).

**/ꙑ/ (јери)**

Вокалот /ꙑ/ > /и/: *б'ик, вис'ок, р'иба, с'ин, б'иў* (бил).

**/ѣ/ (јат)**

Вокалот /ѣ/ > /е/, /а/: *в'ера, с'енка, мл'еко, с'ено, л'ето, л'ево, ѕ'ете, м'ера, в'ек, тр'ава.*

Групата цѣ > це: *цело, цел, цедило, цедиўка, цепе* (дрва).

**Вокалното /р̥/**

Вокалното /р̥/ > /р̥/: *б'р̥до, в'р̥в, с'р̥це, пр̥т'али, вр̥т'ено.*

***К О Н С О Н А Н Т И***

***/Л/***

Во злетовскиот говор почесто се употребува тврдото /л/, отколку мекото /л'/, /љ/. Во овој говор процесот на затврднување на /л'/ и /љ/ е завршен. Мала нијанса на меко /л'/ се забележува кога ќе се најде во зборови пред вокалите /е/, /и/. Кај помладите генерации мекиот изговор на /л'/, /љ/ се среќава кај личните имиња: *Љ'упчо, Љ'упка, Љ'уба,* а кај постарите генерации имаме изговор на тврдо /л/: *Л'упчо, Л'упка, Л'уба*. Тврдото /л/ го среќаваме во зборовите: *л'убов, ч'елат, л'ут, л'ујка, кл'уч, ч'ешла се, саб'але, лăже, Л'ена, лубен'ица, л'ани, бос'илок, б'олно, б'олка*. Фонемата /л/ на крајот на зборот се заменува со /ў/: *пет'еў, закл'аў, запал'иў, заповед'аў.*

Во средината на зборот /л/ се заменува со /ў/: *'еўка, з'еўка, М'иўка, стр'еўка, Бос'иўка, цед'иўка.*

***/Н/, /Њ/***

Во злетовскиот говор старото полумеко /н/ не се зачувало, тоа во сите позиции затврднало: *ј'агне, н'ива, нин* (нивни), *н'ејни, 'огин, огн'ило, нег̄ов, дрен, Др'евено, д'р̥вен, тр̥н, н'оќно, р'амниште, нос'ија, шарен'ијот, р'анет, цр'ешна*. Новото /њ/ го среќаваме во зборовите: *коњ, коњ'аник, т'р̥ња, св'иња, к'амења, им'ање,* но и кај глаголските именки: *ор'ање, коп'ање, трч'ање, рип'ање, иг̄р'ање.*

Со /њ/ се образуваат и множинските форми кај некои именки: *к'амен – к'амења, тр̥н – т'р̥ња, сок'ак – сокач'иња, к'аче – кач'иња, п'иле – пил'иња, ѕ'ете –ѕеч'иња.*

***/Ј/***

Покрај старото /ј/, ново /ј/ се среќава во следните примери:

1. /ј/ < /е/: *м'ојто, тв'ојто* (моето, твоето);
2. /ј/ < /и/: *м'ојте, тв'ојте* (моите, твоите);

3. епентетското /л/ се заменува со /ј/: *ѓр'обја, сн'опја, з'емја*;

4. на почетокот на зборот пред вокалот /е/, консонантот /ј/ се губи: *еѕ'ен, еѕн'аш, 'есен, 'езеро, ел'ен*;

5. /ј/ се чува на почетокот на зборот во следните примери: *ј'аѕам, ј'асен, ј'азовец, ј'ајце, ј'асли, ј'азик, Јов'ан, ј'аре, јамбол'ија, ј'аа* (јава на коњ).

/ј / се изгубило во следните позиции:

1. кај глаголите во заповеден начин: *нап'и се, п'и* (пиј), *уб'и се, покр'и гу, сокр'и се*;

2. во заменката чиј: *чи је к'оњо;*

3. кај заменките: *м'оа, тв'оа, с'екоа*;

4. кај глаголите меѓу вокалите о–а, а–а, и–а, и–е: *ст'оам, бр'оам, пр'омаа, тр'аам, чм'аам, уѕав'иа, сп'иеа.*

### /В/

Консонантот /в/ е лабиодентален глас, без оглед на неговото место и потекло (*вр'апче, в'оѕа, вл'ече, вр'ана, в'ечер, воѕен'ица, валавич'ар, навр'е*).

Етимолошкото /в/ се чува кај именките: *Бл'аговец, волов'ар, гов'еѕо, говеѕ'ар, ј'авор, тов'ар, вар'иво, чов'ек, чов'еци, готов'ина, глав'ица, глав'ина.*

Консонантот /в/ се среќава и во интервокална позиција: *ѕов'аѓа, нав'оѓа, пров'аѓа.*

Кај глаголите во прво лице еднина во минато определено свршено време се губи наставката -в: *виѕ'о, ѕојѕ'о, ојѕ'о, куп'и.*

На почетокот на зборот /в/ > /у/: *ул'ева* (влег'ува), *ун'атре, ул'ива, у л'ице* (в лице), *ул'ови, улегување.*

Стариот предлог въ е заменет со у. Непостоењето на предлозите *въ*, *во* и *в* е поради влијанието на северните говори, односно на српскиот и хрватскиот јазик.

Во следните примери туѓото /ф/ е заменето со /в/: *в'урна, В'иѕан, Виѕ'анка, вăст'ан.*

### /Ф/

Консонантот /ф/ се среќава во зборовите: *офиц'ер, ф'ала богу,* но се чува и во зборовите од туѓо потекло: *ферм'ан, ф'уѕбал* (в'удбал), *ф'абрика, к'афе* (к'аве), *фăн'ела*. Сп. и: *б'еф, скин'аф, ѕојѕ'оф, виѕ'оф.*

### /Ѕ/

Африкатот /ѕ/ се среќава во зборовите: *ѕевг'ар, ѕвон'ец, ѕв'езѕа, ѕв'иска, ѕв'ерка, бенѕ'ин, ѕид, наѕ'рка, ј'анѕа, г'анѕало, оѕѕ'ива, Ѕрк'аро* (презиме на селаните од с. Букеш), *наѕăѕн'ица, проѕ'ева.*

***/Ќ/, /Ѓ/***

Консонантот /ќ/ има слаба артикулација. Во злетовскиот говор се јавува во две варијанти:

1. /ќ/: тврдонепчен африкат кој може да биде изговорен со послаба или посилна фрикција;
2. /к'/: палатален глас кој може да се чуе со разни степени на палаталност.

/Ќ/ како палатален глас се јавува многу ретко, и тоа кога стои пред вокалите од преден ред (*вруќ'ина, домаќинл'ук, ќ'еше да д'ојде, сед'ејќи, цв'еќе, ќ'ерка*). Консонантот /ќ/ се јавува и во зборовите: *вр'еќа, св'еќа, 'оќе, н'ејќе,* но тешко е да се одреди разликата меѓу /ќ/ тврдонепчено и /к'/ палатално.
Консонантите /к/, /г/ пред вокалот /и/ редовно се изговараат како /ќ/, /ѓ/ (*м'аќи, р'етќи, раќ'ија, пл'итќи, н'исќи, др'уѓи, в'иде ѓи*). Кратката заменска форма за трето лице множина во акузативна форма се изговара како *ѓи*.

Консонантите /ќ/, /ѓ/ се среќаваат во туѓи зборови: *беќ'ар, дуќ'ан, ќуќ'ур, ќут'ук, ќут'ек, ќ'епеници, ќ'оше, ѓ'авол, ѓ'еврек, ѓ'убре, ѓ'оа* (божем).

/ѓ/ се среќава во зборовите (*в'еѓа, пр'еѓа, р'аѓа, рѓа, рѓ'осано, ѓум*). Старословенските групи тј, дј дале /ќ/, /ѓ/ (*браќа, свеќа, цвеќе, ќитќи, меѓа, преѓа, тромеѓе*). Групата /шт/ се среќава во зборовите (*оште, пештера, гробишта*), а групата /жд/ се среќава во зборовите: *дождовник, дождо*.

***/К/, /Г/***

Во злетовскиот говор меконепчените /к/, /г/ пред вокалите од преден ред се палатализираат (*банќи, ќитќи, сеќири, блаѓи, бисаѓи, траѓи, девојќи, вошќи*).

***/Х/***

Гласот /х/ на почетокот на зборот се губи: *ајдук, ладно, убаф, рана* (*да ѓи наранам официте*). Консонантот /х/ се развил во /к/: *пазука*. Во други македонски дијалекти гласот /х/ на крајот на зборот се заменува со /в/, а во злетовскиот говор гласот /х/ се губи: *бе* (бев), *гре* (грев), *кожу* (кожув), *бу* (був), *дојдо* (дојдов), *стра* (страв); се изгубило и во: *рисјани, Исус Ристос*.
Гласот /х/ се губи и во интервокална позиција: *м'ео* (стомакот), *муа* (мува). Во средината на зборот /х/ се губи: *сн'аа, стр'еа, ј'аа* (коњ). Кај постарите луѓе во некои зборови се забележува мала нијанса на /х/: *в'ехто, изв'ехтено, издихна, запехтал*. Групата /хв/ поминала во /ф/: *фала богу*.

## Консонантски групи

- пц: *пцовис'ал, тепц'ија, прокопц'ал*;
- дз > дѕ: *одз'ива, 'одѕиф*;
- пш > ч: *чен'ица, чен'ично бр'ашно*;
- тш > ч: *печ'ес, печесна'есе, печест'ина, пече'есе*.

**Промена на консонантите во консонантските групи**

Едначење на согласките по звучност: *бр'екче, брекч'иња, г̄р'аш̄че, р'ойски.*
Во злетовскиот говор се чува групата -св-: *св'аѕба, св'ећа, свек'рва, св'аќа, св'ари, свеѕ'ок.*

**Групи на консонанти различни по артикулација**

Упростувањето на консонантските групи се врши на два начина:

1. еден од консонантите во групата ја менува својата артикулација и ја приспособува кон артикулацијата на друг консонант за да се постигне целосен изговор на консонантската група;
2. или пак некој од консонантите целосно се редуцира.

- Групата -вн- поминува во -мн-: *оѕ'амна, оѕамн'ешно, рамн'ица, рамн'ина, израмн'и, р'амно, рамн'ишт̄е, сӑмн'а, ѕ'емне, г̄л'амња*;
- Групата -мј- не се менува: *з'емја, земј'осан, з'емјен с'уѕ, л'амја, ламј'осан, г̄ламј'осан;*
- Групата -бн- поминува во -мн-: *изѕ'емне, исѕ'емне*;
- Денталите /с/, /з/ главно се чуваат: *сл'ива, зависл'ив, най'рсник, йр'ичесна*;
- /с/ > /ш/ пред палаталното л’: *миришл'ифка* (диња), *йрошлак'а*;
- Се чуваат групите -зл-, -зн-: *мрзл'ив, йр'иказна, сказн'а, изл'уйи, разлиѓ'ави*;
- /с/, /з/ > /ш/ кога ќе се најдат пред /ч/: *л'ишче, кл'ашче, бр'ешче, ишч'аѕи*;
- Групата -из- поминува во -ис-: *исч'ист̄и, исч'ува, исч'ешла*;
- Групата -шч- се чува во деминутивните форми: *в'рше, г̄р'ашче, к'ошче* (кош);
- /т/ + /с/ > тс: *от̄с'екол, арна'ут̄ски, бр'ат̄ски, г̄р'ат̄ски*;

-/т/, /д/ + /н/ > тн, дн: *йреѕн'ишт̄е, ср'еѕни, йосл'еѕно, з'ӑѕно, б'ӑѕни* (вечер);

-пс-, -пш- > -пц-, /ц/: *йц'ет̄о, йц'ује*, (разговорно *ц'уе, ц'ува*), *цовис'а, цов'исан* (коњ), *ст̄'ийца се, ст̄'ийцол* (скржавец), *т̄ейц'ија*;

-Групите -чр-, -чвр- се заменуваат со -цр-, -цвр-: *ц'рн, црв'ен, црв'ец, цв'рс*;

- /т/, /д/ + /њ/ > -тњ-, -дњ- во северните говори, а во злетовскиот говор имаме тврдо /н/: *йр'еѕништ̄е, йр'еѕни, среѕн'ишт̄е, ср'еѕни, йосл'еѕни, ѕ'ӑѕно*;
- Лабијалното /м/ не поминува во /н/: *'от̄ме, й'амт̄и, йамт̄ив'ек*;
- Групата -жг- поминува во -џг-: *џѓура, џѓан*;
- Се чува и групата -жв-: *жв'ака, жвак'ање.*

**Консонантите во група со ј**

Во злетовскиот говор се чуваат остатоци од старото јотување.

- Старите групи -тј- > /ќ/, -дј- > /ѓ/, -нј- > /њ/: *бр'аќа, т̄р'еќи, т̄рек̄'ина, цв'еќе, цвек̄'иња, ѓ̄авол, л'уѓе, м'еѓа, м'еѓу, к'амење, йрст̄'иња*;

- групите -дј-, -јд- остануваат непроменети. Формите со –јд- се чести: *ѓојѓ'е, ојѓ'е, ѓојѓ'оа, пројѓ'е*;

- групата /л/ + /ј/ > /л/: *з'еле, ил'аѓо, пол'ак* (пудар), *сел'ак* (кај помладите генерации: сељ'ак, с'ељо);

- групата -зј- >-јз-: *гр'ојзе, л'ојзе, лојз'енце*, а се зачувала во примерот *козјо млеко*;

- групата -дл- < -гл-: *ѓл'ето < гл'ето*;

- групата -мн- > н: *н'огу, н'ајногу*.

## Метатеза

Во злетовскиот говор се врши промена на групите:

-рв- > -вр-: *г'авран, гавр'анче, гавран'ест*;

-рј- > -јр-: *бајр'ак, бајр'аче*;

-зј- > -јз-: *гр'ојзе, гројзоб'ер*;

-зј-: *к'озјо мл'еко, к'озјо п'утче* (патче).

## Губење на консонантите

Во злетовскиот говор се губат оклузивните консонанти поради тешкиот изговор.

- Во групата -стн- се испушта консонантот /т/: *к'орисно, п'осни, жал'осни, р'аѓосни, ж'алосен, м'асен, п'осен, м'рсен*;

- консонантот /т/ се чува пред суфиксот -ство: *бр'атство, бог'атство, км'етство;*

- /т/ се губи пред /ц/, /ч/: *ѓоб'иче, оц'епил*, но има и зборови во кои се чува: *м'етче, р'итче, кор'итце, лив'атче*.

## Скратување на цели слогови

Скратувањето на цели слогови се среќава во злетовскиот говор, и тоа кај постарите жители: *гл'еѓај-гл'еј, м'ожеш-м'ош, с'ега-саг'а, к'ога-кат, т'ака-така, ѓ'ека-ѓек, ч'аѓор-ч'аѓар*.

- Во групите -стр-, -здр- се губат /т/, /д/: *ср'ебро, ср'еќа, зр'аци, жр'епче, зр'ак, зр'ел*;

- во групите -ст-, -жд-, -шт-, -зд- се губат /т/, /д/: *бр'ес, л'ис, б'олес, ѓ'ош, мл'аѓос*;

- обезвучување на звучните согласки на крајот на зборот: *гр'ат, гр'оп, н'арот, з'ит, н'ош, ч'елат*;

- крајното /т/ редовно се губи кај броевите: *еѓина'есе, петна'есе, ѓеве'есе, четириесе*.

***А К Ц Е Н Т***

Акцентот е слободен, неопределен, а може да стои на секој слог. На пр.: *риб'ар, п'есок, н'осеме, баб'ичка, воден'ица, ластов'ица.* Во некои случаи акцентот може да се најде и на почетниот и на последниот слог. Тоа е карактеристично за глаголите во сегашно и минато определено свршено време за прво и трето лице еднина (*р'уча* – 3л. едн. сегашно време : *руч'а* – 3л. едн. минато определено свршено време; *т'рча* – 3л. едн. сегашно време : *трч'а* – 3л.едн. минато определено свршено време).

**Акцентот кај именките од машки род**

- Двосложните именки што завршуваат на вокал се акцентираат на почетниот слог: *М'иле, В'ојо, К'оста, р'идо*;

- повеќесложните именки што завршуваат на суфиксот -ија, -ина се акцентираат на претпоследниот слог: *Ил'ија, суд'ија, горешт'ина, јунач'ина, кад'ија*;

- именките што завршуваат на суфиксот -ек, -ук се акцентираат на последниот слог: *чов'ек, ел'ек, ајд'ук, ќут'ук*;

- именките што завршуваат на суфиксите -ар, -ач имаат акцент на последниот слог: *вол'ар, врат'ар, мечк'ар, риб'ар, глават'ар, пис'ар, говед'ар, нос'ач, се'ач, свир'ач, ков'ач, игр'ач;*

- именките што завршуваат на суфиксот -ак имаат акцент на последниот слог: *врб'ак, јун'ак, сел'ак, прост'ак, прос ј'ак;*

- именките што завршуваат на суфиксот -ник имаат два типа акцент:

1. на почетниот слог: *п'утник, гр'ешник, н'аследник, р'асадник, з'елник, пр'авник;*

*2.* на последниот слог: *бесн'ик, војн'ик, крвн'ик;*

- именките што завршуваат на -ал, -ол, -ел имаат акцент на последниот слог: *бок'ал, бак'ал, рас'ол, мрс'ол, кот'ел, ор'ел, пет'ел*, а во множина кај некои од овие именки акцентот паѓа на почетниот слог: *к'отли, 'орли, п'етли;*

- именките што завршуваат на суфиксот -тел имаат акцент на претпоследниот слог: *род'ител, уч'ител, прија'тел, служ'ител;*

- именките кои образуваат множина со наставката -ње имаат акцент на претпоследниот слог: *к'амен – кам'ење, к'орен – кор'ење;*

- именките што завршуваат на -ер, -ир, -ор, -ур имаат акцент на последниот слог: *пип'ер, шиќ'ер, калуѓ'ер, мерм'ер, паст'ир, манаст'ир, комп'ир, биг'ор, соб'ор, докт'ур, бож'ур;*

- именките од турско потекло имаат акцент на последниот слог*: ал'ат, ин'ат, кăсм'ет, таби'ет, сим'ит;*

- именките што завршуваат на суфиксот -ец имаат акцент на последниот слог: *глуш'ец, квас'ец, кон'ец, клин'ец;* а именките кои означуваат етничка припадност имаат акцент на претпоследниот слог: *Америк'анец, Англич'анец, Алб'анец.*

**Акцентот кај именките од женски род**

- Двосложните именки од женски род се акцентираат на почетниот слог: *р'иба, б'ања, р'ука, в'ода, н'ога;*

- повеќесложните именки имаат акцент на вториот и третиот слог од крајот на зборот: *кол'иба, колен'ица, прод'авница, к'очина, год'ина, б'абичка, слоб'ода, пепер'уга;*

- именките што завршуваат на -ба, -ва, -га, -да се акцентираат на претпоследниот слог: *кол'иба, тег'оба, копр'ива, ет'рва, свек'рва, маќ'ева, држ'ава, пепер'уга, грам'ада, жен'идба, вер'идба, сел'идба;*

- именките што завршуваат на суфиксот -ија имаат акцент на вториот и на третиот слог: *тепц'ија, нос'ија, чин'ија, Мар'ија, Анастас'ија, Рум'унија, Алб'анија, Србија, Буг'арија;*

- именките што завршуваат на суфиксот -ина имаат акцент на вториот и на третиот слог: *вис'ина, кап'ина, детел'ина, к'очина, к'озина, с'удбина;*

- именките што завршуваат на суфиксот -ка имаат акцент на третиот слог: *бр'адичка, в'одичка, м'етличка;*

- именките што завршуваат на суфиксот -ица се акцентираат на претпоследниот слог: *кум'ица, лис'ица, оран'ица, лубен'ица, циган'ица, воден'ица;*

- именките што завршуваат на суфиксот -ачка имаат акцент на претпоследниот слог: *плет'ачка, дав'ачка, врш'ачка.*

**Акцентот кај именките од среден род**

Именките од среден род немаат акцент на последниот слог.

- Двосложните именки имаат акцент на почетниот слог: *с'ело, с'ено, в'ино, м'оре, ј'агне;*

- повеќесложните именки имаат акцент на претпоследниот слог: *врт'ено, кол'ено, гов'едо, бог'атство;*

- именките што образуваат деминутивни форми со суфиксите -це, -че имаат акцент на претпоследниот слог: *врт'енце, брд'аче, ѓерд'анче, амб'арче,* но има и исклучоци: *кр'ошниче, ч'ешмиче, вр'екиче, т'орбиче;*

- именките што завршуваат на суфиксот -иште имаат акцент на претпоследниот слог: *буњ'иште, пазар'иште, пепел'иште, ајduч'иште, слам'иште, сол'иште, сир'иште, играл'иште, преноќ'иште;*

- именките кои образуваат множина со суфиксот -ија се акцентираат на претпоследниот слог: *магар'иња, девојч'иња, врапч'иња, врем'иња.*

**Акцентот кај туѓите зборови**

Туѓите зборови се акцентираат на последниот слог од крајот на зборот: *тун'ел, шин'ел, телеф'он, ками'он, офиц'ер, ѓенер'ал, шпи'он, пишт'ол, баук'он, мер'ак, сок'ак, качам'ак, ќут'ек, сорт'ук, ел'ек, ѓевр'ек, душ'ек, ѓерд'ан, бост'ан, пелив'ан, минт'ан*, а исклучок се именките: *ч'ардак, ш'ајак, 'амбар, т'аван.*

**Акцентот кај сложените именки**

Повеќесложни именки кои се акцентираат на третиот слог: *трил'етница, буб'амара, млат'ислама, п'андивек,* но среќаваме и повеќесложни именки кои се акцентираат на последниот слог од крајот на зборот: *водоп'ој, колов'ос, сончогл'ед, средор'ек, домаз'ет.*

**Акцентот кај придавките**

- Придавките што завршуваат на суфиксите -лив, -ат, -ит се акцентираат на последниот слог: *мрзл'ив, брл'ив, шупл'ив, бог'ат, брк'ат, ветров'ит, гласов'ит, бележ'ит, лековит, маглов'ит;*

- придавките што завршуваат на суфиксот -ок се акцентираат на последниот слог: *вис'ок, длаб'ок, шир'ок,* а исклучок е придавката *сл'адок*;

- придавките што завршуваат на суфиксот -ин се акцентираат на претпоследниот слог: *м'арин, б'абин, м'амин, с'естрин*;

- придавките што завршуваат на суфиксот -ски се акцентираат на претпоследниот слог: *вол'овски, ар'апски, кас'апски*;

- придавките што завршуваат на суфиксот -ен се акцентираат на претпоследниот слог: *воден'ичен, жел'езен, чел'ичен, д'рвен*, но: *шар'ен, студ'ен, сол'ен*;

- придавките што завршуваат на суфиксите -ов, -ав се акцентираат на последниот слог: *поп'ов, топол'ов, јал'ов, козињ'ав, мрсул'ав, мастил'ав, пепел'ав, метил'ав.*

**Акцентот кај заменките**

- Придавските заменки се акцентираат на кореновиот слог: *мој, твој, наш, н'аше, ваш, в'аше,* исто така се акцентираат и формите од прашалните заменки: *к'оја, к'оје, ч'ија, ч'ије;*

- показните заменки се акцентираат на последниот слог: *ов'ој, он'ој,* но: *он'аа, ов'ија, он'ија.*

**Акцентот кај броевите**

- Броевите се акцентираат на последниот слог: *ед'ен, една, едн'и,* броевите од 11–99 се акцентираат на вториот слог: *едина'есе, двана'есе, осумна'есе, три'есе, осумд'есе;* а броевите образувани со -стотини имаат акцент на третиот слог: *четирист'отини, петст'отини, девет'ст'отини.*

**Акцентски целости**

Во злетовскиот говор не се образуваат акцентски целости: *на м'ене, со т'ебе, при н'его, ср'етна ги, вид'е гу, не зн'ам, не с'ам.*

## М О Р Ф О Л О Г И Ј А

Во злетовскиот говор постојат следниве членски форми: -о, -то, -та, -те:

1. именки од машки род: *в'оло, м'ажо, чов'еко, ӷове9'аро, р'и9о;*
2. именки од женски род: *ж'енаӣа, р'ибаӣа, 9ев'ојкаӣа, м'асаӣа; ж'ениӣе, р'ибиӣе, 9евојк'иӣе, м'асиӣе;*
3. именки од среден род: *9'еӣеӣо, с'елоӣо, ӣ'илеӣо, 9'ецаӣа, с'елаӣа, ӣил'ињаӣа.*

Злетовскиот говор не ги познава членските форми: -от, -ов, -он, -во, -но, -ва, -на, -ве, -не.

## *И М Е Н К И*

Во народните умотворби и во живиот говор се среќаваат остатоци од старите падежни форми: *ф'ала б'оӷу, лебам'и, крсӣам'и, бр'аӣ бр'аӣа не р'ани, ӣ'ешко кој ӷо н'ема.* Кај именките од машки род кои завршуваат на вокал забележуваме остатоци од вокативната форма: *М'иле шо ӣр'авеш, М'арко ка9'е си.* Именките што завршуваат на консонант имаат вокативна форма -е: *Јов'ане, к'уме, ӣ'оӣе, в'оле,* а некои имаат двојна форма: *Тр'ајче – Тр'ајчо, бр'аӣе – бр'аӣу, чов'ече – чов'еку.*

Примери за вокативна форма кај личните имиња и именките од женски род: *Елице – Елицо, М'илице – Милицо, Маре – М'аро, сӣр'ино, в'ујно, сн'ао, нев'есӣо, б'або.*

### <u>Образување множина кај именките</u>

Еднoсложните именки од машки род образуваат множина со наставките -ове, -ишта, -је, а двосложните и повеќесложните именки со наставките -и, -ња: *с'инове, бр'еӷове, ӷр'а9ове, ѕв'ерове, бр'ојеве, р'убове, р'и9ове, б'уове, бр'оишӣа, к'уӣишӣа, кр'аишӣа, р'и9ишӣа, р'уӣишӣа, ӣ'уӣишӣа, ӷр'обишӣа, в'уци, ун'уци, з'уби, 'уши, кол'ари, 'амбари, офч'ари, сӣ'ожери, 9ир'еци, јӑз'ици, к'амења, к'орења, р'емења, ӣрсӣ'ења, ӣ'рња.*

Образување на збирна множина (*л'ис – л'исје – л'исја, сн'оӣ – сн'оӣје – сн'оӣја, кл'ас – кл'асја*) и на избројана множина (*9в'а л'еба, 9'есеӣ 9ӑна*).

Именките од женски род образуваат множина со наставката -и: *р'иби, ӣел'ени, ж'ени, р'уќи, м'уќи, н'оѓи.*

Именките од среден род што завршуваат на -о, множина образуваат со наставката -а: *с'ело – с'ела, ч'ело – ч'ела, с'е9ло – с'е9ла, с'иӣо – с'иӣа.* Именките од среден род што завршуваат на -о, збирна множина образуваат со наставката -ја: *кр'ило-кр'илја, ӣ'еро- ӣ'ерја, 9'рво-9'рвја.* Именките од среден род што завршуваат на -е, множина образуваат со наставката -иња: *рам'иња, им'иња, ӣил'иња, ӣел'иња, маӷар'иња.*

## *З А М Е Н К И*

**Лични заменки:**

еднина: 1л. ја | множина: 1л. н'ие
2л. ти | 2л. в'ие
3л. он ('она, 'оно) | 3л. 'они

**Падежни форми кај заменките**:

еднина: 1л.

ном. ја (ј'азека)

дат. (на) м'ене ми, ми

акуз. м'ене ме, ме

еднина: 2л.

ном. ти (т'изека)

дат. (на) т'ебе ти, ти

акуз. т'ебе те, те

еднина: 3л.

ном. он, 'она, 'оно
дат. (на) н'его му, н'еа и
акуз. н'его го, го, н'еа гу, (ја, а)

множина: 1л.

ном. н'ие

дат. (на) н'ас ни, ни

акуз. н'ас нѐ, нѐ

множина: 2л.

ном. в'ие

дат. (на) в'ас ви, ви

акуз. в'ас ве, ве

множина: 3л.

ном. 'они

дат. (на) ни им, и

акуз. ни ѓи

Во злетовскиот говор се употребуваат двојни дативни форми со предлогот (на), а вакви форми среќаваме и во делчевскиот и во кумановскиот говор. Кратките заменски форми се употребуваат по глаголот (*виѕ'е г̄у (ја), к'оп̄ам ја б'ашчат̄а; м'ијам се, ч'ешлам се, от̄иѕ'оа си, врн'аа се*). Повратната заменка во злетовскиот говор гласи: *с'ебе, с'ебе се, с'ебе си.* Кратките заменски форми (*си, се*) се употребуваат често (*м'ене си г̄у куп̄'увам н' símбат̄а*).

**<u>Прашални и релативни заменки</u>**

Прашални заменки: к'ој, к'ојa, к'ое, к'ои; чи-ч'ија, ч'ива, ч'ије, ч'ие, ч'ии, шт'о-шо.

дат. на к'ого, на к'ој, за шо (ме в'икаш);

**<u>Придавски заменки</u>**

| еднина: | множина: |
|---|---|
| м'ој, м'оа (м'ојa), м'ое | н'аш, н'аша, н'ашо (н'аше), н'аши |
| тв'ој, тв'оа, твое | в'аш, в'аша, в'ашо, в'аши |
| нег'ов, нег'ова, нег'ово | н'ини |
| н'ина, н'ино, н'ини | |

Во злетовскиот говор придавската заменка стои пред именката: *Н'ашаша к'уќа ѓу йокр'ија. Н'иноѿо ѕ'еѿе ѿл'аче н'оѓу.*

**<u>Показни заменки</u>**

Показни заменки се: машки род: 'он, ов'ој, он'ој (н'ој)

женски род: 'она, ов'аја, он'аја

среден род: 'оно, ов'оа, он'оа

Во мн.: 'они, ов'ија, он'ија.

## *ПРИДАВКИ*

Множинската форма кај придавките се образува со наставката -и за сите три рода: *ѓл'аѕен – ѓл'аѕни, 'арен – 'арни, уб'ав – уб'ави, б'абин – баб'ини, шар'ено – шар'ени, зел'ена – зел'ени.* Во злетовскиот говор се членуваат и придавките: *ѿл'иѿок –ѿл'иѿкио, кр'евок – кр'евкио, ѿл'иѿка – ѿл'иѿкаѿа, ѓол'емо – ѓол'емоѿо, бубаќ'ерна –бубаќ'ернаѿа (ѿамучни).* Во реченица придавката оди пред именката: *ѓол'емо ч'уѕо, 'иѿро ѕ'еѿе, м'ајќин с'ине,* а се користи и формата *с'ине мајќ'ино.*

Компаратив и суперлатив се прави со префиксите по- и нај-: *ц'рн, ѿ'оцрн, н'ајцрн.*

Остатоци од старите компаративни форми имаме кај: *в'ише, ѿ'овише, н'ајвише.*

***БРОЕВИ***

Прости броеви се: *'еѕен, 'еѕна, 'еѕно, ѕва – ѕве, чет̄'ири, п̄'ет̄, еѕина'есе, чет̄ирина'есе, ил'аѕо (иљаѕа).* Редни броеви: *п̄рф, фт̄ор, фт̄'ора, т̄рет̄,* а бројни

придавки се: *ѕв'ујца, т̄р'ујца, чет̄вор'ујца.*

***ГЛАГОЛИ***

Глаголскиот систем ги познава сите времиња, а некои од нив ретко се употребуваат во комуникацијата. Најчести суфикси за образувања на глаголите се: -е, -уе (*ж'ене се, вер'уе, зб'оре, м'исле, о'ѕе, улез'е, т̄емне'е, зелене'е, слабе'е*). Стариот предлог въ > у (*улев'а, унес'е, умеш'а, уп̄рег̄н'а*). Глаголите од и-група преминуваат во е-група: *н'осе, п̄р'осе, св'ире, раб'от̄е.* За машки род глаголската л-форма е: *виѕ'еў, чит̄'аў, т̄рч'аў, бр'аў* (вид'ел, чит'ал, трч'ал, бр'ал). Во злетовскиот говор не се употребуваат глаголските форми со *има/нема.*

**Глаголски времиња (прости глаголски форми)**

**Сегашно време**

| а-група: копа | | е-група: сее | |
|---|---|---|---|
| еднина | множина | еднина | множина |
| 1л. к'опам | 1л. к'опаме | 1л. с'еам | 1л. с'ееме |
| 2л. к'опаш | 2л. к'опате | 2л. с'ееш | 2л. с'еете |
| 3л. к'опа | 3л. к'опат | 3л. с'ее | 3л. с'еат |

Глаголите од и-група преминуваат во е-група (св'ире, н'осе).

**Наставки за образување на сегашното време:**

| еднина | множина |
|---|---|
| 1л. -м | 1л. -ме |
| 2л. -ш | 2л. -те |
| 3л. / | 3л. -т |

Кај глаголите од а-група и е-група прво лице едн. има наставка -м, а трето лице едн. нема наставка. Глаголите од а-група во трето лице множина не содржат две а. Со сегашното време се искажува и значење на минатост: *ѕа г̄о р'анат̄, т̄'оку раб'от̄и за ѕа укр'аѕе.* Презентската форма за 3л.едн. од глаголот „можам“ е моеш, а од глаголот „сака“ е *'оќе, 'оќеш, 'оќеме, оќет̄е.* Негираната форма од

глаголот „сака“ е: *н'еќу, н'еќеш, н'еќе, н'еќеме, н'еќеше,* н'еќат (*н'еќу ga ч'ујам за н'его, н'еќеше ga g'ојgеше ама ќе се л'ушам*).

## Минато определено свршено време

| а-група: рипа | | е-група: ожнее | |
|---|---|---|---|
| еднина | множина | еднина | множина |
| 1л. рип'а | 1л. рип'аме | 1л. ожнеј'ал (ожн'а) | 1л. ожнеј'аме (ожн'аме) |
| 2л. рип'а | 2л. рип'ате | 2л. ожнеј'а (ожн'а) | 2л. ожнеј'ате (ожн'ате) |
| 3л. рип'а | 3л. рип'аа | 3л. ожнеј'а (ожн'а) | 3л. ожнеј'аа (ожн'аа) |

## Наставки за образување на минатото определено свршено време:

| еднина | множина |
|---|---|
| 1л. / | 1л. -ме |
| 2л. / | 2л. -те |
| 3л. / | 3л. -а (-ја) |

Наставката за прво лице еднина за минато определено свршено време се изгубила, па затоа се изедначува со наставките за второ и трето лице еднина. Наставките за прво и второ лице множина за минато определено свршено време се изедначиле со наставките за прво и второ лице множина сегашно време. Во злетовскиот говор дали глаголот ќе биде во сегашно или во минато определено свршено време зависи од местото на акцентот. Ако глаголот се акцентира на почетниот слог (*к'опа*), тогаш глаголот е во сегашно време, а ако глаголот се акцентира на претпоследниот слог, тогаш глаголот е во минато определено свршено време (*коп'а, коп'аме, коп'аше, коп'аа*).

| еднина | множина | еднина | множина |
|---|---|---|---|
| 1л. ч'у | 1л. ч'уме | 1л. набр'а | 1л. набр'аме |
| 2л. ч'у | 2л. ч'уте | 2л. набр'а | 2л. набр'ате |
| 3л. ч'у | 3л. ч'ују | 3л. набр'а | 3л. набр'аа |

**Минато определено несвршено време**

| а-група: копа | | е-група: бере | |
|---|---|---|---|
| еднина | множина | еднина | множина |
| 1л. к'опаше | 1л. коп'аме | 1л. б'ереше | 1л. бр'аме |
| 2л. к'опаше | 2л. коп'ате | 2л. б'ереше | 2л. бр' ате |
| 3л. к'опаше | 3л. коп'аа | 3л. б'ереше | 3л. бр'ааа |

**Наставки за образување на минатото определено несвршено време:**

| еднина | множина |
|---|---|
| 1л. -ше | 1л. -ме |
| 2л. -ше | 2л. -те |
| 3л. -ше | 3л. -а (-ја) |

Минатото определено несвршено време се образува од несвршени глаголи. Наставката за прво лице еднина се изедначила со наставките за второ и трето лице еднина. На пр.: *Мислеше ја ϑека и т̅и ќ'иϑеш со нас или т̅ам сеϑеше т̅и.*

хотѣти

| еднина | множина |
|---|---|
| 1л. ќ'еше | 1л. ќ'еме |
| 2л. ќ'еше | 2л. ќ'ете |
| 3л. ќ'еше | 3л. ќ'еа |

**Заповеден начин (императив)**

| и-група: носи | | а-група: шета | |
|---|---|---|---|
| еднина | множина | еднина | множина |
| 1л. / | 1л. / | 1л. / | 1л. / |
| 2л. н'оси | 2л. нос'ите | 2л. ш'етај | 2л. шет'ајте |
| 3л. / | 3л. / | 3л. / | 3л. / |

е-група: пее

| еднина | множина |
|---|---|
| 1л. / | 1л. / |
| 2л. п'ој | 2л. по'ите |
| 3л. / | 3л. / |

Глаголите од а-група образуваат заповеден начин со наставката -ј за второ лице еднина и -јте за второ лице множина, глаголите од и-група со наставката -и за второ лице еднина и -ите за второ лице множина, а глаголите од е-група со наставката -ј за второ лице еднина и -ите за второ лице множина. Заповедта се засилува со зборовите *ѳе, бре*: *ѳе к'опај, жн'еј бре, пл'еви бре ж'ито*.

**Глаголска л-форма**

**Наставки за образување на глаголската л-форма:**

еднина множина

машки род: -ў -ле (м.р., ж.р., ср.р)

женски род: -ла

среден род: -ло

На пр.: (*вик'аў, вик'ала, вик'ало, вик'але, нос'иў, нос'ила, нос'ило, нос'иле*).
Од глаголите *ојѳ'о, ѳојѳ'о, сум*, глаголската л-форма гласи: (*'ошол / ош'оў, 'ошла, 'ошло, 'оше, ѳ'ошол / ѳ'ошоў, ѳ'ошла, ѳ'ошло, ѳ'оше, б'иў, б'ила, б'ило, б'иле*).

## Глаголска придавка

Во злетовскиот говор глаголската придавка се образува со наставките: -н (м.р.), -на (ж.р.), -но (ср.р.), -ни (мн.), додека пак, наставките -т, -та, -то, -ти не постојат. На пр.: *брич'ен, брич'ена, брич'ено, брич'ени, ḡаз'ен, умр'ен, закол'ен, бањ'ан, п̄аɘн'ан, жен'ен, висн'ан, нап̄ул'ен, исп̄разн'ен.*

## Глаголски прилог

Глаголскиот прилог се образува со наставката -ќи: *жне'еќи, нос'еќи, коп̄'аќи, т̄рч'аќи, неќ'еќи*. Оваа глаголска форма ретко се употребува во злетовскиот говор.

## Глаголска именка

Во злетовскиот говор глаголската именка се образува со наставката -ње (*коп̄'ање, ор'ање, иḡр'ање, п̄ој'ање, жал'ење, п̄еч'ење*). Глаголската именка се акцентира на претпоследниот слог.

## Помошниот глагол „сум“

| Сегашно време | | Имперфект | |
|---|---|---|---|
| еднина | множина | еднина | множина |
| 1л. сам, су, си | 1л. сме | 1л. бе (б'еше) | 1л. б'еме |
| 2л. си | 2л. сте | 2л. б'еше | 2л. б'ете |
| 3л. е, (је) | 3л. са | 3л б'еше | 3л. б'еа |

| Императив | | л-форма | |
|---|---|---|---|
| Еднина | множина | еднина | множина |
| 1л. / | 1л. / | бид'еӯ, бид'ела, бид'ело | бид'еле |
| 2л. б'иди | 2л. б'идите | | |
| 3л. / | 3л. / | | |

**Негацијата не + глагол (не сака)**

| **Сегашно време** | | **Имперфект** | |
|---|---|---|---|
| еднина | множина | еднина | множина |
| 1л. н'еќу | 1л. н'еќеме | 1л. н'ејќеше | 1л. н'ејќеме |
| 2л. н'еќеш | 2л. н'еќете | 2л. н'ејќеше (н'еќеше) | 2л. н'ејќете |
| 3л. н'еќе | 3л. н'еќет | 3л. н'ејќеше | 3л. н'ејќеа |

**Сложени глаголски времиња**

**Минато неопределено време**

| еднина | множина | еднина | множина |
|---|---|---|---|
| 1л. бег'аў сам, су, си | 1л. бег'але сме | 1л. пој'аў сам | 1л. пој'але сме |
| 2л. бег'аў си | 2л. бег'але сте | 2л. пој'аў си | 2л. пој'але сте |
| 3л. бег'аў је | 3л. бег'але са | 3л. пој'аў је | 3л. пој'але се |

| еднина | множина |
|---|---|
| 1л. сам б'иў | 1л. сме б'иле |
| 2л. си б'иў | 2л. сте б'иле |
| 3л. је б'иў | 3л. са б'иле |

Помошниот глагол сум се чува во трето лице еднина и множина, но има мал број на изрази каде се губи: *ч'ума ӣе уд̣р'ило, Г'осӣод̣ ӣе уб'ил*. Минатото неопределено време се употребува за директно кажување: *Од̣'иў сам мн'оḡу ӣ'уӣи, но н'еḡо не с'ам су ḡо наод̣'иў*. Во злетовскиот говор помошниот глагол *сум* оди во позиција по основниот глагол: *коӣ'аў су, од̣'иў је, жнеј'але са.*

**Предминато време**

Во злетовскиот говор предминатото време ретко се употребува.

| еднина | множина |
|---|---|
| 1л. б'еше (бе) работ'иў | 1л. б'еме работ'иле |
| 2л. б'еше работ'иў | 2л. б'ете работ'иле |
| 3л. б'еше работ'иў | 3л. б'еа работ'иле |

Во предминатото време местото на помошниот глагол *сум* е пред основниот глагол (*Ја бе найрав'иў к'уќа к'оīа се он б'еше роɡ'иў.*).

**Идно време**

| еднина | множина |
|---|---|
| 1л. ќе с'еам | 1л. ќе с'ееме |
| 2л. ќе с'ееш | 2л. ќе с'еете |
| 3л. ќе с'ее | 3л. ќе с'еат |

Во злетовскиот говор партикулата *ќе* се користи за правење на идното време. Во овој говор ја забележуваме и формата (*ќ'иɡам месӣо ќе 'иɡам*). Со идното време се искажува и претпоставка: *Ќе 'има ӣече'есе īоɡ'ини.*

**Минато идно време**

| еднина | множина |
|---|---|
| 1л. ќе п'аднеше | 1л. ќе падн'еме |
| 2л. ќе п'аднеше | 2л. ќе падн'ете |
| 3л. ќе п'аднеше | 3л. ќе падн'еја |

**<u>Идно прекажано време</u>**

| | |
|---|---|
| еднина | еднина |
| 1л. ќе сам уч'иў | 1л. ќе сме уч'иле |
| 2л. ќе си уч'иў | 2л. ќе сте уч'иле |
| 3л. ќе је уч'иў | 3л. ќе са уч'иле |

**<u>Условен начин</u>**

Условниот начин се прави со партикулата би и глаголската л-форма. На прво место оди глаголската л-форма, а потоа партикулата би (*Ст̄иг̄н'аў би на вр'еме, 'ако ми к'ажеше.*).

**<u>Неменливи зборови</u>**

***<u>Прилози</u>***

1. **прилози за време**: кăт (кога), сăк (сега), сăга (сега), пол'ани, догод'ин, д'оцно, пр'еѓеска, есен'оска, з'имуска, прол'етоска, л'етоска, в'езден, тăк (тогаш), тог'ај;
2. **прилози за место**: т'уј (тука), кăде (каде), 'около, т'амо (там), он'амо (он'ам), отовд'еј, отонд'еј;
3. **прилози за начин**: тăка (така), кр'ишум, сед'ечки, сто'ечки, натет'ик;
4. **прилози за количина**: ма'ў̊ку, т'оку (толку), н'огу, ич, штог'а (многу).

***<u>Предлози</u>***

1. предлозите в и во се заменети со предлогот у (*у Злет̄ово, у куќа*);
2. предлогот со во злетовскиот говор ги има формите сос, сăс (*сос нег̄о, сăс неа*);
3. предлогот од има форма от, према/спрема (*удн'о у з'емја ќе т̄е т̄р'ешт̄и от̄ Госп̄од*).

***Ф О Н Е Т С К И   О С О Б Е Н О С Т И***

**1.** големиот ер /ъ/ > /о/ , а малиот ер /ь/ > /е/: *с'он, д'ен*;

**2.** старата група въ- е заменета со у-: *улез'е, ун'ат̄ра*;

**3.** рефлексот /ѫ/ > /у/: *р'ука, з'уп̄, м'уш*;

**4.** вокалното /л̥/ > /у/: *в'ук, к'ук, ж'ут̄о*;

5. групата ол > у: *в'ук, ḡрамаḑ'оў;*
6. мекиот глас /љ/ се затврднал во /л/ ( но кај помладите генерации мекиот изговор на /л'/, /љ/ се среќава кај личните имиња: *Љ'уйчо, Љ'уйка, Љ'уба,* а кај постарите генерации имаме изговор на тврдо /л/: *Л'уйчо, Л'уйка, Л'уба*).
7. /л/ се заменило со /ў/ во средината на зборот: *е'ўка, зе'ўка, би'ўка, сӣре'ўка, беси'ўки, цеḑи'ўка*;
8. строго чување на границата меѓу тврдото /н/ и /њ/: *Нев'ена, В'ена, н'ино (нивно), еḑ'ен, ел'ен, но: к'оњ, ӣр'оњ, коӣ'ање*;
9. согласката /в/ се губи на апсолутниот крај: *виḑ'о, рек'о, сеḑ'о, ḑојḑ'о*;
10. чување на интервокалното /в/: *волов'ар, ј'авор, ḑов'аѓа*;
11. замена на групата -цѣ->-це-: *цело, цеḑило, цеḑи*;
12. групата -цвъ->-цӑв- : *цӑвӣе*;
13. групата -свъ->-сӑм-: *сӑмна, осӑмна*;
14. консонантите /к/, /г/ пред вокалите /е/, /и/ се палатализирале во /ќ/, /ѓ/: *вр'уќи, ḑр'уѓи*;
15. старата група ѩ > е во сите позиции: *ечм'ен, 'еӣрва, 'ечи*;
16. губење на т во членот -о(т) за машки род и непостоење на членските морфеми -ов, -он, -во, -но, -ва, -на, -ве, -не;
17. специфична форма на глаголската л-форма за машки род;
18. чување на формите од помошниот глагол *сум* за трето лице еднина и трето лице множина (е, је, са);
19. чување на глаголските форми од помошниот глагол сум: *сам– су– си, бев– бе–беӣе*;
20. замена на предлогот *в, во* со *у*;
21. замена на предлогот *со* во *сос*;
22. слободен, подвижен акцент.

# ЗАКЛУЧОК

Злетовскиот говор е североисточен говор кој припаѓа на северното наречје. Овој говор се наоѓа на границата меѓу северните и источните говори, па затоа трпи поголеми влијанија од источните говори (штипско-кочанските), а помали влијанија од северните говори. Село Древено е оддалечено 3км од Злетово, па затоа во говорот на жителите од оваа село се забележува влијание од кратовскиот говор.

Врз промените кои настанувале во злетовскиот говор големо влијание имале: историскиот развој на селото, влијанијата на српската и бугарската пропаганда. Тие влијанија не предизвикале големи промени во говорот, па затоа злетовскиот говор како посебна говорна целина останува во склопот на штипско-кочанските говори.

Во село Злетово се населиле фамилии од Прилеп, Кочани, Крива Паланка и други места, но нивниот дијалект не влијаел врз промената на злетовскиот говор.

**Р Е Ч Н И К**

**А**

**ајл'к**.........................................................................даванија (давачка)

**алаб'ак**..................................................................................простак

**армас'ан**...............................................................................свршен

**Б**

**бај'арна**................................................................................бајачка

**бал'ега**............................................................. зборува непотребни работи

**балт'ија**.............................................................................. секира

**бат'ак**...............................................................................водено место

**бр'аниште**........................................................................забранетото пасиште

**брк'алка**........................................................................дрвена лажица

**бук'ал**.............................................................................дрвен сад за вода

**бук'ол**.........................................................човек кој ништо не разбира

**бурџ'ија**.............................................................................свpдел

**В**

**в'азел**..................................................................................јазел

**в'арка**...................................................................................брза

**в'едро**.....................................................................дрвен сад за млеко

**вер'ига**...............................................................ланец за оџакот

**в'рло**.............................................................................................стрмно

**в'рчва**..........................................................................земјен сад за туршија

**в'ута**.........................................................................волнен пешкир за жени

**в'урка**..........................................................................направа за предење

**Г**

**газ'ер**...........................................................отворот на воденичкиот камен

**гал'атен**...........................................................................................безобразен

**г'ат**..........................................................................................нечист човек

**гл'ог**..................................................................................бодликаво дрво

**г'уам**..................................................................................................голтам

**Д**

**давраид'исан**................................подобрување на здравјето на болен човек

**д'ага**...................................................................... штица за правење буриња

**дог'ан**.............................................................................................мрзливец

**др'аке**.........................................................................................................трн

**д'рлав**...................................................................................нечист, неизмиен

**дрм'ак**................................................................................................ густа гора

**д'ума**........................................................................................................збор

**Ѓ**

**ѓ'ол**................................................................................................ длабок вир

**ѓув'еч**........................................................................јадење во земјен сад

**ѓурунт'ија**........................................................................................караница

**Е**

**'еѓа**.................................................................................................тестира

**ем'иш**...............................................................................................зеленчук

**еж'овица**...........................................................................................морница

**еџ'индија**.................................................време околу заоѓање на сонцето

**Ж**

**жв'ака**.............................................................................................јаде полека

**ж'угне**..................................................................................................оздрави

**З**

**зав'еан**.............................................................................................будалест

**з'авет**.....................................................................................заклон без ветер

**зап'икаса**.........................................................................................запамети

**зб'ива**...........................................................................................бавно дишење

**земн'ик**.................................................................................................подрум

**И**

**изд'еби**.............................................................................................изненади

**издин'а**...............................................................................човек кога умира

**изметн'а**.......................................................................................се промени

**испркн'а**.....................................................................................брзо порасна

**Ј**

**јалов'ица**...............................................................неплодна, јалова овца

**ј'арка**...............................................................................двегодишна кокошка

## К

**кава'уте**........................................................................................доручек

**кален'ица**.........................................................................земјена чинија

**ка'уци**...........................................................................патики од клашни

**кауч'ини**.......................................чорапи до колена без стапало од клашни

**кл'ада**...............................................................................безживотен, мрзлив

**кл'аденец**...........................................................................извор покрај река

**клоп'отарка**..........................................................................................ѕвонец

**кл'анка**................................................................................................дрдори

**код'оши**..........................................................човек кој поткажува некого

**кован'ина**..............................................брашно околу воденичкиот камен

**коп'ања**................................................дрвено корито за хранење на свињи

## Л

**лкрд'ија**....................................................................................................збор

**л'ито**.........................................................непоставено, излитено палто

**л'очка**....................................................................................................дамка

**л'упка**....................................................................................................лушпа

## М

**маал'арка**...........................................................жена која оди по куќите

**мерн'ик**..........................................................................стап за мерење

**м'езга**...............лигава маса под дрвената кора(под кората на сирово дрво)

**минт'ан**.........................................................................машка кошула

**мотори'ўка**........................................................направа за мотање преѓа

**мр'ака**............................................................................................парче месо

**м'утлак**.............................................................................................веројатно

**Н**

**набрд'ило**..........................подвижен дел од разбојот во кој се става брдото

**навил'ан**.......................................................................една вила сено

**нацунц'урен**.........................................................................накитен

**нер'ез**...........................................................................................прасе

**О**

**об'едок**.............................................................................јадење околу мрак

**об'ерен**.........................................................................................оплачкан

**'одер**.........................................................................................плач на дете

**озимк'ула**........................................................................ крава пред телење

**оп'ак**.......................................................................................................... лош

**оросп'иа**...................................................................................непоштена жена

**Р**

**р'акла**................................ вкрстени дрвја во реката за сопирање на водата

**р'оде**.........................................................................................силно плачење

**р'уба**...................................................................................момински дарови

**рукав'ица**............................................................................нараквица

**С**

**с'ал**.................................................................................................само

**с'ак**......................................................мала мрежа со два стапа за риби

**с'ацак**..............................................триаголно железо за на огниште

**с'ӑнки**.................................................................................божем

**скр'инци**...........................................................................делови од разбој

**с'оспа**.................................................................................снежен нанос

**стегн'ат**.............................................................................................скржав

**стипц'ар**............................................................................................скржав

**ст'ипца се**.......................................................................................се коцка

**с'угреби**..............................................................вид сипаница во кожата

**суф'елка**..........................................................................дел од разбојот

**Т**

**таб'ани**..............................................................долниот дел на стапалото

**та'ин**..................................................................................следува, мера

**т'имба**...................................................................................голема глава

**тр'оњ**............................................подлога на коњ, дрвен кревет без страни

**Ќ**

**ќул'авка**.........................................................капа изработена од клашни

**ќуп'ар**.........................................................................................мал човек

**ќ'уп**.........................................................................земјен длабок сад

**У**

**ул'авен**...................................................................................верен, женет

**'умлен**.........................................................................................натажен

**'ука**.........................................................ги топли рацете со здив, наука

**Ц**

**ц'инцар**..............................................................................скржав човек

**ц'ибри се**.......................................................................................се смешка

**ц'ибрее**..........................................................................................наконтан

**циг'улка**..........................................................................................виолина

## Џ

**џ'анка**.....................................................................................ситна слива

**џ'анка**......................................................................................сака, проси

**цивџ'ан**...........................................................................................врабец

**џ'умка**.........................................................изрласток на кожата после удар

## Ш

**ш'еј**................................................................................................предмет

**шил'еже**.................................................................едногодишно јагне

**шлакан'ица**....................................................................................шамар

**шт'ирка**...........................................................................јалова овца, крава

**штукн'ал**.....................................................................................се изгубил

**штукн'ан**.......................................................................................збудален

## Т Е К С Т О В И

### К'ач Булам'ач

Н'екој чов'ек уч'ел т'урски тр'и год'ини кај н'екој Т''урчин. За ц'елите тр'и год'ини науч'иў го с'амо зб'оро „к'ач булама'ч". Тог'ај пош'оў си н'акај д'ома. Дод'ека си од'иў по п'уто се си вик'аў „к'ач булама'ч, к'ач булама'ч". Ама вид'еў ед'ен в'ир, заглед'аў се у н'его и заборав'иў шо е тоа „ к'ач булама'ч". Улегн'аў у в'иро и ван'аў да б'рка да тр'аже шо изгуб'иў. Дош'оў ед'ен Т'урчин и го праш'аў шо тр'аже, чов'еко рек'оў: „Е бре 'ага шо печал'и за тр'и год'ини, т'уј загуб'и". Тог'ај врл'иў се Т'урчино у в'иро и почн'аў и он да тр'аже. Брк'але у в'иро и дв'ујцата, ама н'ишто не н'ашле. Искоч'иў Т'урчино од в'иро и вик'аў: „А бре чорб'аџи у ов'ај в'ир направ'и се к'ач булама'ч ". – Е, 'ага тој б'еше к'ач булама'ч – рек'оў чов'еко. Тог'ај Турчино ван'аў да го т'епа. Па теп'аў, теп'аў дод'ека ов'ај на праш'аў к'ако да в'ика. Н'ишто н'ема, н'ишто н'ема, в'икај – рек'оў Т'урчино. Чов'еко си пош'оў н'атамо и сѐ си вик'аў и сѐ т'ака си вик'аў. По п'уто сретн'але го ловџ'ии и кăт го ч'уле шо в'ика и 'они почн'але да го т'епат, оти вик'аў „н'ишто н'ема, н'ишто н'ема". Кăт го истеп'але н'огу р'екле му да в'ика: „на дăн по дв'а по тр'и". И чов'еко па по пу'то сѐ си тăка вик'аў. Сретн'аў чов'еци шо н'осат мрт'овец. Кăт го ч'уле шо в'ика заобикол'иле го и му р'екле: „ај м'ајку ти, н'ие ов'ај не мож'еме да го прежал'еме, а ти па дăн по два по три". Па и 'они ван'але, па теп'але, теп'але и го докар'але до м'али д'уши.

– Е, к'ако да в'икам – рек'оў чов'еко.

– В'икај в'ечна п'амња, б'ог да го пр'осте – р'екле 'они. Чов'еко по п'уто почн'аў т'ăка да си в'ика. Ама па сретн'аў св'атове кои вод'иле мл'ада нев'еста, а он па „в'ечна п'амња, б'ог да го пр'ости". И 'они 'убаво го истеп'але.

– Е, к'ако да в'икам? – рек'оў чов'еко.

– Ај, ерл'ија н'ека је, една'ăш за в'ека – р'екле му 'они. И така вик'ајќи чов'еко отиш'оў д'ома.

### Не пи в'ода ќе ст'анеш ел'енче

На ед'ен чов'ек умр'ела му ж'ената и му остав'ила с'ин и ќ'ерка. Он се прежен'иў за др'уга. 'Арно 'ама им'аў н'огу мер'ак за ловџил'ăк. Една'ăш утеп'аў

едн'а јер'ебица и ја дон'еў д'ома за да ја уг'отви жен'а му. Утр'ото жен'а му заборав'ила да го покр'ие к'отлето и м'ачката гу из'ела јереб'ицата. Шо ќе пр'ави ж'ената? Мисл'ела, мисл'ела и да не гу к'ара муш ѝ, прес'екла си д'есната п'азува и ја зготв'ила. В'ечерта кăт вечер'але м'уш ѝ рек'оў: „М'ори ж'ено ов'аа јереб'ица н'огу е сл'атка, па ќе ут'епам". Тог'ај жен'а му р'екла „А м'оре м'ужу не смеј'а да ти к'ажам, м'ачката гу изед'е јереб'ицата и од стр'а да не ме т'епаш, пресек'о си п'азуката и од н'еа направ'и веч'ера". М'ужо па рек'оў: „Е, ж'ено н'огу б'ило сл'атко чов'ечко м'есо". Тог'ај маќ'еата р'екла: „Ај да ѓи р'анеме д'ецата, па к'ога ќе ѓи уг'оеме, ќе ѓи зак'олеме". М'ужо се слож'иў со тај пр'едлог. 'Арно 'ама едн'а ст'ара б'аба ч'ула и им каж'ала на д'ецата и ги посоветув'ала да б'егат. Пр'итоа р'екла да з'емат ч'ешел, сап'ун и бр'ич. Кăт че ве ст'асат врл'ите го п'рво ч'ешело и ќе ст'ане г'уста г'ора и дод'ека 'они да ја м'инат в'ие ќе изб'егате. Кăт ќе се прибл'ижат, а в'ие врл'ете го сап'уно и ќе се ств'ори гол'ема к'аў и дод'ека 'они да ве ст'игнат в'ие ќе поб'егнете ба'аѓи. К'ога пак ќе ве ст'игнат врл'ете го бр'ичо и ќе се ств'орат 'остри кам'ења и 'они ќе се ис'ечат, а вие ќе изб'егате. Д'ецата т'ăка направ'иле и избег'але. Од'иле, од'иле по п'уто и д'ошле до едн'о кл'аденче, а на бр'атчето му се прип'ило в'ода и р'екло: „Д'аде, п'ие ми се в'ода, ќе п'ијам".

– Нем'ој ќе ст'анеш м'ечка, 'оти т'ука п'иле м'ечќите – р'екло дев'ојчето. И бр'атчето не п'ило. Пон'атаму д'ошло до др'уго кл'аденче и на бр'атчето пак п'овеќе му се п'ило, и пак сак'ало да п'ие.

– Нем'ој бр'атче ќе ст'анеш ел'енче, отт'ука п'ијат елен'ите – р'екла с'естрата. Бр'атчето не ја послуш'ало и се нап'ило. 'Одма се створ'ило ел'енче. До клад'енчето им'ало топ'ола и дев'ојчето се кач'ило на н'еа. Ел'енчето дăње се кр'ило у ш'умата, а н'оќе доваѓ'ало п'ило вода и легнув'ало до топ'олата. Едн'ăш д'ошле ц'арските сл'уѓи да ѓи п'ојат к'оњите в'ода. К'оњите не мож'еле да п'ијат 'оти дев'ојката свет'ела у в'одата како месеч'ина од убав'ина, та с'амо ѓи диг'але гл'авите н'агоре н'акај топ'олата и се в'искале. Кăт погледн'але сл'уѓите вид'еле гу дев'ојката и 'одма му каж'але на ц'аро. Дош'оў ц'аро и м'олил гу дев'ојката да му б'иде сн'аа, 'ама 'она не сак'ала. Ц'аро наред'иў да ја прес'ечат топ'олата. Дăње с'екле, ама за м'аўку и останув'ало. Н'оќе доваѓ'ало ел'енчето и сеч'еното м'есто го оближув'ало. Топ'олата станув'ала подиб'ела. И т'ăка н'икако не м'ожеле да гу прес'ечат. Навăн'ала се 'една б'аба да гу изл'ăже да сп'адне и тог'ај да гу ф'анат. Д'ошла б'абата, а сл'уѓите се скр'иле да ч'екат. Б'абата зем'ала 'една п'одница (вршник) и гу став'ила на гл'авата на'опоко. Дев'ојката вик'ала: „Не тăка б'або, онăк'а ст'ави го в'ăне се т'ăка н'осе". Сп'адни ќ'ерко да ми к'ажеш к'ако да гу н'осам подниц'ата на глав'ата, р'екла б'абата. Дев'ојката спадн'ала, сл'уѓите ја фан'але и гу одв'еле к'ăде ц'аро. Ц'аро гу направ'иў сн'аа за с'ин си. 'Она на ц'аро сè му каж'ала за бр'ат ѝ шо стан'аў ел'ен кој с'екоја в'ечер доод'ил до топ'олата и рик'аў до с'естра му. Ц'аро наред'иў да го в'анат и да го дов'едат у нег'овите град'ини за да м'оже с'естра му да го гл'еда. Т'оа го направ'иле сл'уѓите и го дов'еле во ц'арската град'ина к'ăде с'екој дăн с'естра му го глед'ала.

## Мач'оро Булукб'аша

Н'екој чов'ек им'аў си н'огу д'еца, 'ама нем'аў леб да ги р'ани. Рек'оў на ж'ена му да ѓи п'азе д'ецата, а он д'ека знај'еў ќе иш'оў. Пош'оў на п'ут и стигн'аў у н'екое с'ело. Улез'еў у н'екоја к'уќа 'они кӑт се спрем'але да веч'ерат. Збрк'але у едн'о кор'ито бр'ашно, чукн'але по н'его и д'ошле да ј'адат гл'увци к'ако прас'иња. Тог'ај чов'еко зем'аў ед'ен ст'ап и рек'оў: „Ај да ви се нев'иде, на м'ене д'ецата ми т'рпат, а в'ие гл'увци ќе р'анете". Домаќ'ините му р'екле: „Нем'ој, 'ако ѓи налут'еме, ноќ'еска н'ас ќе не из'едат". Тог'ај чов'еко рек'оў: „Кај н'ас шо има ед'ен булукб'аша, ед'ен глуш'ец, н'ема да се св'рне, 'ама е н'огу ск'уп и не м'ожете да го пл'атете". Домаќ'инката р'екла: „Н'ие сме бог'ати и ќе го к'упеме. Н'ие п'овеќе д'аваме по ни". Чов'еко ош'оў у н'иното с'ело, наш'оў ед'ен мач'ор и го став'иў у т'орба во к'оја се з'обат к'оњите и се врн'аў па у с'елото и им рек'оў на домаќ'ините да заб'ркат бр'ашно и да ѓи в'икнат гл'увците. Домаќ'ините направ'иле го т'оа и гл'увците д'ошле. Чов'еко наедн'ӑш пушт'иў го мач'оро, он рипн'аў и гл'увците избег'але, 'ама домаќ'ините не в'иделе 'оти е мач'ор. Чов'еко и рек'оў да му ја нап'унат зобн'ицата п'ари, 'ако с'акат да го к'упат. 'Они напун'иле му ја зобн'ицата со п'ари и 'он си пош'оў за д'ома, 'ама да не се с'етат домаќ'ините, 'оти т'оа е мач'ор почн'аў да б'ега. 'Арно 'ама домаќ'ините заборав'иле шо да го р'анат мач'оро и потрч'але дв'ујца по чов'еко да го пр'ашат. 'Они трч'але, 'ама чов'еко б'иў д'оста дал'еко, па почн'але да в'икат: „Еј, чов'еку шо ј'аде булкуб'ашата?" „Мас, мас" вик'аў чов'еко од дал'еко. 'Оти б'иле н'огу дал'еко 'они уб'аво не зач'уле, па мисл'иле 'оти вик'аў „вас, вас". Па му викн'але: „нас, нас ли", а тој пак: „мас, мас". 'Они сват'иле д'ека булкуб'ашата ни ќе ѓи ј'аде, па от'ишле и ѝ раскаж'але на с'ите сел'ани. Сел'аните за да се сп'асат одлуч'иле с'ите да б'егат. Т'ака и направ'иле, 'ама дв'ујца се врн'але да в'идат шо раб'оти булкуб'ашата (мач'оро). Кӑт се врн'але у сел'ото, вид'еле к'ако мач'оро б'иў иск'ачен на едн'а вис'ока пл'емја, леж'аў и се оближув'аў. Гл'авата ја ниш'аў г'оре, д'оле. 'Они помосл'иле д'ека се кач'иў да ѓи гл'еда к'ӑде са, а шо ја ниш'аў гл'авата, мисл'иле д'ека се каўн'аў. „Т'ӑко ми ов'аа з'емја, т'ӑко ми ов'оа н'ебо, 'ако ѓи ст'асам с'ите ќе ѓи ј'адам". Ов'ие се исплаш'иле и п'овеќе не се врн'але у с'елото.

## Лис'ицата и 'ежо

Став'иле се едн'ӑш лис'ицата и 'ежо, и 'ежо гу прашув'аў лис'ицата: „Шо ј'адеш к'умо л'исо".
– Ј'адам си кок'ошчичќи – р'екла к'ума л'иса.
– А ти шо ј'адеш к'уме 'еже – р'екла лис'ицата.
– Коренч'иња – рек'оў 'ежо.
– Е, ти коренч'иња, 'ама ја кокошч'иња – се фал'ила лис'ицата.
– Ј'адам кокошч'иња, 'ама 'ако сајб'ијата ст'аве кл'уса ќе му ги пл'атеш с'ите – рек'оў 'ежо.

– Он ст'ава кл'уса, 'ама ја б'ркнаў озд'оле, отк'ачам ја, па си з'емав кок'ошче – р'екла лис'ицата.
– 'Арно 'ама, 'ако му т'екне да ја об'рне кл'усата шо ќе пр'авеш тог'ај? – рек'оў 'ежо.
– Д'ошла едн'ăш лис'ицата да кр'аде, 'ама чов'еко ја обрн'аў кл'усата и л'иса се вăн'ала почн'ала да кв'иче и 'ежо ја ч'у'ў и дош'оў.
– Е, к'умо л'индро, ќе д'ојде с'ега чов'еко, ж'ива ќе те од'ере и к'ожата ќе ја прод'аде – рек'оў 'ежо.
– Тăка д'ăлго вр'еме гу подев'аў 'ама се приближ'ила з'ората. Тог'ај 'ежо и рек'оў: „Сл'ушај к'умо л'индро, ја да ти к'ажам, напр'ави се умр'ена и чов'еко ќе р'ече, а стоп'анка ж'ива не те најд'о, па ж'ива да те од'ера, па ќе те р'икне, а ти се да ќ'утеш".
– Он ќе з'еме ќе те отк'аче и ќе те в'рле зад н'его, да ја нам'есте п'оново кл'усата, а ти бег'ај, бег'ај.
Дош'оў чов'еко и се т'ăка направ'иў к'ако шо вик'аў 'ежо и лис'ицата избег'ала.
Н'екој пак чов'ек направ'иў ш'анец ок'олу л'озјето да не му улев'аат же'ўќи и 'ежове и да не му го ј'адат гр'озјето. 'Ошоў 'ежо да ј'аде гр'озје, 'ама пропадн'аў у ш'анецо и почн'аў да п'иште. Ч'ула го лис'ицата и д'ошла. Лис'ицата тог'ај р'екла му: „Е, ти ме сп'аси, 'ама ја не м'ожам да те сп'асам, те го чов'еко д'ека 'ќе те ут'епа". Тог'ај 'ежо р'екоў: „М'ене шо ќе ме ут'епа, ќе ме ут'епа, 'ама нав'едни се б'арем да се здрав'уеме за посл'еден п'ут". Кăт се наведн'ала лис'ицата да се здрав'ујат, 'ежо ѓи боцк'ите у м'уцката на лис'ицата, а таа од бол'ешќи вăн'ала да б'ега. Кăт ја вид'еў чов'еко р'екоў си: „Ја стоп'анката ј'ала шо ј'ала, па и т'орба напун'ила си". И т'ăка 'ежо се спас'иў и испадн'аў по'итар од лис'ицата.

## Димитр'ија в'ино п'ије

Димитр'ија в'ино п'ије
пот тој д'рво давин'ово.
Долет'але три г'ăлăба,
нарус'иле ч'аша в'ино.
Изгов'ара Димитр'ија:
„Анѓел'ино п'рвно л'ибе,
ја дод'ај ми т'нка п'ушка,
да уб'ијам два г'ăлăба,
два г'ăлăба, три па'уна:
Изгов'арат два г'ăлăба
два г'ăлăба, три па'уна".
Не см'е н'ие за стрел'ање,
н'ие запал'и се Шар План'ина
Т'амо г'орат три јун'ака.

П'рви г'оре до кол'ена,
др'уѓи г'оре до пој'аси,
тр'ети г'оре до рам'ења.
Т'ој шо г'оре до кол'ена
т'уѓи меѓи преор'ало.
Т'ој шо г'оре до пој'аса
р'ујно в'ино продав'ало,
со в'ода го меш'ало.
Т'ој шо г'оре до рам'ења
на м'ајка си надман'ало,
надман'ало не удр'ило.

**Ѓ'орѓи п'орти затвор'ени**

Ѓ'орѓи п'орти затвор'ени
затвор'ени сардос'ани
три пот'ери Арна'утски,
г'оли б'оси к'ако 'оси,
се ни б'ило Сел'им п'аша.
'Итро б'ило мл'адо Ѓ'орѓи
промен'и се ж'енска р'уба.
Искоч'ило пр'ед п'ашата,
Сел'им метан'ие д'ава,
Сел'им з'има.
Изгов'ара Сел'им п'аша
„Бре Ѓорѓ'ице, бре нев'есто
д'ека ти је мл'адо Ѓ'орѓи?"
одгов'ара Ѓорѓ'ица нев'еста:
„Оно ми је у Соф'ија,
там ќе с'еде три год'ини.

**Повал'и се г'ора бужур'ова**

Повал'и се г'ора бужур'ова
д'ека н'икој не м'ош да ја м'ине,
не м'ош п'иле да прол'ета,
а к'амоли јун'ак да пом'ине.

'Ошта б'ила г'ора у зб'орове
достас'ала, пест'отини св'ата.
Т'уј стас'але, т'уј се пладнув'але.
С'еко св'атче пот зел'ено бор'че,
к'ум, стар'ојко пот 'алоф тренд'афил,
д'евер, сн'аа пот шар'ена р'ужа,
младож'ења пот зл'атна јаб'ука.
Изгов'ара д'евер на сн'аата:
„Е, сн'ао црв'ена р'ужице,
ние сме од гол'ема р'ода,
д'али 'имаш д'арје да дар'ујеш?“
Изгов'ара сн'аа на девера:
„Еј дев'ере црно'оќи нев'ене
ј'азе 'имам н'огу дар'ове,
дар'ове за Пос'авна з'емја,
а па н'ели за петст'отини св'ата.
На сват'овето по 'аршин ч'оа
на дев'ерите 'алови чор'апи.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Видоески, Б. 1960–1961: „Основни дијалектни групи во Македонија“. *Македонски јазик* XI–XII, кн. 1–2, Скопје, с. 13–31.

Видоески, Б. 1962: *Кумановскиот говор.* Скопје.

Видоески, Б. 1970: „Акцентските системи во македонските дијалекти“. *Литературен збор* XVII, бр.3, Скопје, с. 1–11.

Конески, Бл. 1967: *Историја на македонскиот јазик.* Скопје

Кушевски, К. 1958: „Делчевскиот говор“. *Македонски јазик*, IX, кн. 1–2, Скопје, с. 67–108.

Ќерамитчиев, А., Апостолов, А. 1965: *За историјата на селото.* Скопје.

УДК 811.163.3'28
УДК 811.163.3'282(497.77)(038)

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“
МАКЕДОНИСТИКА 22/2023

СЛОБОДАН ШОШКОСКИ, МАКЕДОНКА ДОДЕВСКА

# РЕЧНИК НА ИНТЕРЕСНИ МИЈАЧКИ И БОШКАЧКИ ЗБОРОВИ

Трудот е примен на 15.02.2023 г.

Р е ц е н з е н т и: проф. д-р Веселинка Лаброска,
проф. д-р Борче Арсов

# Наместо предговор

Роден сум во Скопје 1973 година. По завршувањето на средното образование во скопската гимназија „Јосип Броз Тито“ во 1991 година, студирав историја на Философскиот факултет на УКИМ, каде што дипломирав во 1998 година.

Имам работено на разни работни позиции: од 2009 до 2017 година како наставник по историја во скопската приватна гимназија „Алгоритам“; од 2014 до 2018 година соработував како стручен соработник со издавачката куќа „Арс Ламина“ во делот на преводната стручна литература од областа на историјата и на хуманистиката.

Од 2010 година објавувам прилози со историска тематика (особено за историски личности и настани поврзани со Лазарополе) на блогот http://lazaropolee.blogspot.com/

Иако сум роден во Скопје, моето потекло по таткова линија е од Лазарополе, каде што имам поминувано многу летни и зимски распусти. Растењето во таква средина, опкружен со многу приказни и анегдоти за селото, во мене предизвика интерес за зачувување на дел од таа богата култура.

Уште од мал природно бев внесен во богатиот мијачки дијалект на моите дедо и баба, кои нормално, сè до својата смрт, во кругот на семејството и со соселаните зборуваа исклучиво на она што ние го нарекувавме ***мијачки лазорски јозик***. Како дете родено во Скопје и растено во проширено семејство со моите дедо и баба, мислев дека она што тие го зборуваат е некој друг, различен јазик од она што го слушав во градот и на училиште. Интересот за овој дијалект, кој е полн со зборови коишто не ги сретнував во други дијалекти, ми се врати во текот на студирањето. Така, од средината на деведесеттите години (1994), започнав спонтано да ги запишувам зборовите коишто ги слушав најпрвин од дедо ми и баба ми, од постарите селани од Лазарополе, но и од некои записи од книги посветени или пишувани од лазоровци. Со тек на време се обидов да го барам значењето на зборовите, нивното потекло, коренот на зборот, јазикот од кој доаѓаат. Особено интересен ми беше феноменот на т.н. бошкачки – скриен јазик, кој го користеле печалбарските тајфи од селото и кој како фонд на зборови целосно се разликува од мијачкиот лазорски дијалект. Ова зборува за креативноста на луѓето од тоа време, кои водејќи се од потребата да не бидат разбрани од никого, создале една мешавина од измислени и позајмени зборови од другите соседни јазици, но со променето значење.

Овде собраните зборови не претендираат да се прикажат како конечна верзија на лексиката на мијачкиот лазороски дијалект, туку ова е првичен обид и искрено се надевам, ќе биде инспирација за натамошно истражување на ова наше македонско јазично богатство. Воден од желбата барем нешто да се зачува од заборавот на забрзаното современие, од дијалектот кој сè поретко активно се зборува, искажувам благодарност за можноста ова да се публикува.

Слободан Шошкоски

## Вовед

Речникот што е пред вас претставува еден вид индекс со толкувања на мошне интересни зборови од мијачкиот говор, како и зборови од бошкачкиот јазик, еден од тајните јазици што се зборувале во Македонија во минатото, а денес веќе се подзаборавени и ова е начин да се спасат од заборав.

Мијачкиот говор го зборуваат Мијаците населени во дебарскиот крај, главно во малореканскиот (Лазарополе, Галичник, Тресонче и соседните села). Бошкачкиот говор, според Оливера Јашар-Настева[1] (1970: 553–570) бил еден од тајните јазици што ги зборувале ѕидарите, говор со богата лексика во која семантичките и метафоричките образувања заедно со елементите од туѓо потекло, најдобро ја одразувале не само општествената положба, туку и интелектуалното ниво на нивните носители.

Во литературата за тајните јазици се среќаваат повеќе називи: *шаен*, *пословечки*, *условен*, *оиачечки*, *ласшовечки јазик* односно *говор*. Во 1928 г. во *Гласник Скойског научног друшшва*, Т. Ѓорѓевиќ утврдил дека во Македонија постоеле голем број тајни јазици. К. Јиричек и И. Шишманов сметале дека Македонија е татковина на тајните јазици. Кај тајните јазици се изделувале лексички елементи од домашно и од туѓо потекло (турско, грчко, албанско), од различни семантички групи, низа слични метафори и компарации, основи и морфолошки елементи при образување неологизми. Со оглед на природата на тајните јазици, нивниот карактер и намената што ја имале, со оглед на фактот дека нив ги употребувале неписмени луѓе, мала била веројатноста да се употребат во писмена форма. „Ѕидарскиот“ таен јазик се употребувал редовно на работа, кога се сакало нешто да се сокрие од работодателот, домаќинот или од непожелните присутни. Во секојдневниот живот, надвор од работата и дома, ѕидарите го употребувале својот местен говор. Со тајните јазици се служеле исклучиво мажите. Во почетокот постоел еден таен јазик кој можел да послужи како „langue source“. Како период на појавата на „ѕидарските“ јазици во дебарскиот крај може да се земе втората половина на XVII век.

Материјалот е првично собран од авторот Слободан Шошкоски, а дополнет од авторката д-р Македонка Додевска со податоци од *Толковниош речник на македонскиош јазик*, *Турско-рускиош речник* (*Турецко-русский словарь*) од Р. Р. Юсипова, книгите *Турскиише лексички елеменши во македонскиош јазик* од О. Јашар-Настева, *Грцизмиише во македонскиош јазик* од М. Аргировски и списанието *Македонски јазик* (МЈ, Год. II, бр. 3-4, 1951 и МЈ, Год. VI кн. 1, 1955).

Дадени се и зборови без толкување затоа што значењето им е неодредено, но оставени се во списокот како показател на богатството на македонскиот народен јазик со можност во иднина да бидат протолкувани. Во заградите се дадени толкувања од Толковниот речник на македонскиот јазик[2] и

[1] „*За македонскиише* тајни јазици“, Оливера Јашар-Настева, Годишен зборник на Филозофски факултет, бр. 22, Скопје, 1970, 553–570.

[2] достапен електронски на веб-страницата: https://makedonski.gov.mk/

од Турецко-русский словарь[3] (Türkçe-rusça sözlük) од Р. Р. Юсипова. Користен е и речникот на Таќе Папахаџи (Dicţionarul dialectului aromăn, Tache Papahagi, 1974, Bucureşti) за зборови позајмени од ароманскиот (влашкиот јазик).

Речникот на интересни мијачки и бошкачки зборови е редактиран, лекториран од д-р Македонка Додевска, а техничкото уредување е на Александар Штерјев.

За толкувањата на дел од примерите за коишто сметавме дека се турцизми, имавме драгоцена помош од д-р Зоран Спасовски, научен соработник во Одделението за ономастика во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", за што искрено му благодариме.

Македонка Додевска

[3] Турецко-русский словарь (Türkçe-rusça sözlük) од Р. Р. Юсипова, ред. Т. Е. Рыбальченко, Москва, Русский язык Медиа, 2007.

**Скратеници:**

**алб.** – албански
**арап.** – арапски
**бот.** – ботанички
**бошк.** – бошкачки
**в.** – види
**влаш.** – влашки
**герм.** – германски
**гл.** – глагол
**грч.** – грчки
**грч.-лат.** – грчко-латински
**дем.** – деминутив
**др.** – друго
**едн.** – еднина
**ж.р.** – женски род
**ирон.** – иронично
**л.** – лице
**лат.** – латински
**мн.** – множина
**мусл.** – муслиманско
**перс.** – персиски
**прен.** – преносно значење
**разг.** – разговорно
**сл.** – слично
**ср.р.** – среден род
**срп.** – српски
**стгрч.** – старогрчки
**тур.** – турски
**унг.** – унгарски
**франц.** – француски
**црк.** – црковно

# А

**аба** (тур. **aba** ʽгруба волнена ткаенина, шајак, бурка') Дебела волнена ткаенина.
**абдал** (тур. **abdal** ʽбудала, глупак, скитник, дервиш, идиот, кретен') Будала, глупак.
**абер** (тур. **haber** ʽнајава, порака, вест, глас, новост') Вест, глас, порака.
**аберлија** (в. тур. **haber**) Човек што носи вести.
**адет** (тур. **âdet** ʽобичај, навика') Обичај, навика.
**ажамија** (тур. **acemi** ʽпочетник, неискусен, неспособен човек, новодојденец, **во народната поезија:** неразумно, наивно, лудо дете) 1. Аџамија. 2. Млад, неискусен човек.
**ажамилок** (в. тур. **acemi**) Период на младост.
**ажеле** (тур. **acele** ʽбрзање, итно, но и брз, непромислен') Овде се користи со спротивно значење 'не е итно'.
**ажија** (тур. **hacı** ʽпосетител на светите места, станува збор за муслиманските и за христијанските свети места') Човек што се поклонил на светите места.
**ажилок** (в. тур. **haci**) Аџилак, одење на поклонение на светите места.
**азатлама** 1. (тур. **azatlamak, azatetmek** ʽослободи, пушти на слобода'), 2. (тур. **azatlama** – глаголска именка ʽослободување, пуштање на слобода') Стара овца.
**аздисување** (тур. **azmak** ʽполуди, бесен, насилен') Претерување.
**азер** (тур. **hazır** ʽготов, подготвен') Готово, подготвено.
**ајгар/ајгир** (тур. **aygir** ʽпастув') Млад коњ, ждребе, пастув.
**ајдамак** (тур. **haydamak** ʽнеранимајко, скитник') Неранимајко.
**ајмана** (тур. **haymana** ʽпасиште, неработник, скитник, неранимајко, мрзлива личност') (прен.) Лесноумен, талкач, несигурен, ветрушка.
**ајне-ајне** Различно.
**акање** Скитање, талкање.
**акмак** (тур. **akmak** ʽглупак, будала') Прост, необразован, ништо не разбира и не знае.
**ал** 1. Дали. 2. Мака или несреќа. (*Шо ал ме најде!*)
**алаванто** несредено, испревртено
**аладами** 1. (тур. **anladın mı** ʽразбра ли') 2. (тур. **anlamak**, ʽразбира, сфаќа' + **mı**, прашална честица ли, дали') 1. Јасно. 2. Разбираш.
**алаштисување** Постигнување, остварување добар приход.
**але** Полски нужник, клозет.
**аликим селам** (тур. **aleyhüm selâm/selâm aleyhüm, алејкум селам/селам алејкум**) Вид муслимански поздрав.
**алипно** (грч. **αλειφο/aleifo** ʽгмечи, смачкува, масира') Слабо, болезливо.
**алис** Сѐ, цело, вкупно.
**алишча** Алишта.
**амкање** Лапнување, кога со отворена уста се настојува да се лапне нешто. За време на Бадник постои еден обичај кога кокошкино јајце обесено на конец,

што е заврзан за сукало или фурка, се занишува, а луѓето што живеат во куќата се обидуваат со амкање да го дофатат јајцето. Оној што ќе успее во тоа, се верува дека ќе биде среќен преку целата година.

**анасана** (тур. **ana** ʽмајка’ + **-sı** ʽнегов, нејзин’ + (**n**)**a** ʽдативна наставка’ – правец, насоченост < ʽмајката негова (пцост)’ вид пцовка) Некој вид пцовка.

**анатема/натема те, натема** (грч. **anathema**, стгрч. **ἀνάθεμα** ʽпринесување жртва, дар, меморијален натпис, посвета’, **црк.** ʽпроклетство, проколнување’) 1. Црковно проклетство. (*Оѕи по ѓаволите, мавни ми се!*)

**анжак** (тур. **ancak** ʽи така, само, сепак, но само’) Добро! (*Камо среќа!*)

**апелана** Ширум отворено на сите страни.

**апикаса** Научи, дознае, открие.

**апла** (грч. **ἁπλόος** ʽотворено, без заобиколување’) Отворено, искрено.

**апсик/апсика** (бошк.) Убав/убава.

**апсико** (бошк.) Квалитетно, убаво, лично, симпатично.

**апцикосување** Досетување, разбирање, сфаќање.

**аралок** (тур. **aralık** ʽрастојание, меѓупростор, отвор, пукнатина, тесен пат меѓу два ѕида, две куќи, интервал, временски интервал, период’) Растојание, фуга.

**арам** (тур. **haram** ʽгрев, проклетство, да е проколнато’) Срам. (*Арам ѕа ти е. – Срам ѕа ти е.*)

**арамилок** Арамилак, кражба.

**аран** Голема струнена вреќа.

**аргас** Непријатен мирис од штавена кожа.

**аргач** Место каде што пренокува стадо овци.

**армасаник/армасаница** Вереник/вереница, свршеник/свршеница.

**армасување** Веридба, свршување.

**Арнаутин** Албанец.

**арслан** (тур. **arslan** ʽлав’, (прен.) ʽсилен, храбар, смел, бестрашен човек, јунак’) 1. Лав. 2. (прен.) Убав и силен како лав.

**арч** (тур. **harç** ʽтрошок, расход, данок, вид данок, главарина’) Трошок.

**асален** (тур. **asil** ʽдобар, вреден, корисен, здрав, способен’) Добар, исправен.

**асално** (в. тур. **asil**) Добро сторено, чесно направено.

**аталија** Бистра, интелигентна, напредна.

**атержија/атержика** Маж/жена што прави атер.

**ату не/е ату** Еден вид извик (*Како ѕа не!*)

**афорисување** 1. Поставување, назначување. 2. Налутен, лошо настроен кон некого.

**ашиќере** (тур. **aşikâr** ʽјавно, очигледно, сфатливо, видливо, јасно, отворено’) 1. Сигурно. 2. Конечно.

**ашкетија** (1. стгрч. **ἀσκητής**/**asketes** ʽиспосник, искушеник, човек што се воздржува од сите уживања’, 2. (прен.) ʽчовек што живее како аскет’) Аскет, осаменик.

**ашлак** (тур. **aşlak** ʽмангуп, неранимајко’) Мангуп, неранимајко.

# Б

**бабажан** (бош.) Голем, крупен, корпулентен човек.

**бабалак** (тур. **babalık** ʽтатко на жената, татковство, грижлив татковски став, посвоител, очув, тест, свекор') Наследство, татковина, дедовина.

**бабачко** (тур. **babaçko** ʽкрупен, развиен, силен човек, човечиште') Голем, крупен.

**бабјак** 1. Вид растение, двегодишна билка што расте на неплодни, запуштени места како плевелот. Растението може да достигне височина и до два метра, има жолти цветови, слично со блостур, лат. Verbascum phlomoides. 2. (бошк.) (прен.) Висок, развиен, но мрзелив и тешко подвижен човек.

**бабуѓер** Измачкан, ишаран човек.

**багдатија** Куќа чијашто фасада не е малтерисана туку е со ковани штици (даски).

**бажа** (тур. **baca** ʽоџак, димник, тавански отвор, отвор на кровот') Отвор на кров од куќа.

**базиријан** Трговец.

**бајрак** (тур. **bayrak** ʽзнаме') Знаме.

**бајрактар** (тур. **bayraktar** ʽзнаменосец') 1. Тој што го носи знамето. 2. (прен.) Прв, предводник, главешина.

**бакла** Примитивна црпалка направена од тиква (лејка), бот.Vicia faba.

**балабурдија** (можеби според градот **Баллабур** во Азербејџан) Мешавина, збир на нешто, луѓе, материјал и сл.

**балдисување** (тур. **bayılmak** ʽпапса, премали, (се) истошти, изнемошти, капне, премре, (се) умори, онесвести') Уморување, заморување.

**балосување** (бошк.) Лажење.

**бамбашка** (тур. **bambaşka** ʽособен, необичен, своевиден, сосема поинаков, сосема посебно') Посебно, се разликува или тоа е нешто друго.

**баржа** (бошк.) 1. Боја. 2. Кал.

**баржање** (бошк.) Мачкање, размачкување со храна околу устата.

**баржотница** Мачканица.

**басарко** (бошк.) Невнимателен, растурлив, несмасен, расеан, лежерен, рамнодушен, неодговорен, кој не обрнува внимание на работата што ја извршува.

**бастање** (бошк.) Бладање, зборување во сон.

**бастисуват** (бошк.) Мавнува, замавнува, удира.

**бастон** (франц. **bastonnade** ʽбоцкање', ʽтепање по табаните') Физичка казна, ќотек. (Треба да се истакне дека во турската војска се користел и францускиот јазик.)

**батак** (тур. **batak** ʽкал, кално место, блато, мочуриште', (прен.) ʽизгубен, осуден, безнадежен, безизлезност, расипан човек, никаквец') 1. Кал. 2. Блато.

**батакчија** (бошк.) (тур. **batakçi** ʽрасипник, растурач, пустокуќник, измамник, расипан и нечесен човек, должник') Забушант, растурикуќа.

**батал** (тур. **batil** ʽзапуштен, запоставен, неприбран, расипан, разурнат, неуреден, премногу голем’) Невнимание, негрижа, индиферентен однос кон нешто.

**батален** (в. тур. **batil**) Напуштен, оставен, запоставен.

**бафча** (тур. **bahçe** ʽградина, овоштарник, бавча’) Градина.

**бач** (тур. **baç** ʽплаќање данок, царина, но и признание, почит’, ʽстарешина на бачило, најстар овчар на бачило’) Главен мајстор во бачилото, старешина во бачилото, оној што го прави сирењето, најстар овчар во бачилото.

**башка** (тур. **başka** ʽдруг, поинаков, различен’, ʽпосебно, одделно’) Посебно, поинаку.

**башлак** (тур. **başlık** ʽкапа, наслов, заглавје’, ʽвид качулка за заштита од невреме’) Главна греда од кровна конструкција.

**безбели** (тур. **bezbelli** ʽбез сомнение, секако, сигурно, (се) разбира, јасно, така е, очигледно, навистина’) Без сомнение, секако, сигурно, (се) разбира, апсолутно јасно, така е, очигледно, навистина.

**беје** Беа. (*Беје овѕе. – Беа овде.*)

**бекрија** (тур. **bekri** ʽпијаница, љубител на пијалак, боем, лумпувач’) Боем.

**бела** (тур. **bela** ‘неволја’) Пакост, несреќа.

**белалишче** Место каде што се перело, белело облеклото, платното.

**бела(на)** (бошк.) Вар. (*Жбурни ја белана! – (Ис)т̄ури ја варт̄а!*)

**белки** (тур. **belki** ʽможеби, веројатно’) Можеби.

**бело** (бошк.) Млеко, сирење. (*Белоно ми мускат̄ малу. – Сирењет̄о ми мириса малку.*)

**белутрак** Изразито бел камен.

**бем** Храбар, силен, моќен.

**бендисување** Допаѓање.

**бербат** (тур. **berbat** ʽнечист, валкан, гнасен, ужасен, стравотен’) Валкано, нечисто.

**бербат човек** (в. тур. **бербат**) 1. Валкан. 2. Лош, расипан човек.

**бербатење** (в. тур. **бербат**) Валкање.

**бериќатврсан** (тур. **bereketversin** < **bereket** ʽблагодет’, **versin** ʽнека даде, донесе’ – ʽнека даде, донесе благодет/да ти е (среќно) и благодетно’) Вид поздрав.

**бериќет** (тур. **bereket** ʽизобилие, плодност, плодородност’, ʽрод, плод, жито, благодат’) 1. Изобилство на родот. 2. Летнина.

**бериќетен** (тур. **bereketli** ʽобилен, изобилен, плоден, плодороден’) Плоден, роден, изобилен**.**

**бетер** (тур. **beter** ʽполош’) Полошо.

**беќар** (тур. **bekâr** ʽерген, неженет човек, момче, човек кој живее одвоено од семејството) Неженет човек, момче.

**беќарлок** (тур. **bekârlik** ʽергенство, момчешки живот, живот на самец’) Момчештво, ергенлак.

**бечви** Машки панталони, дел од мијачката машка носија.

**биз бизе** (тур. **biz bize** ʽмеѓу нас’) Меѓу нас.

**биле** Единица, ас во карти.

**билмез** (тур. **bilmez** ʽглупак, незнајко, неук, невешт, неинформиран човек’, ʽмрзлив, неработник, денгубник’) Неук, необразован.

**бинек/бинекчија** (тур. **binek** ʽвисок коњ за јавање’) Коњ за јавање.

**бинлак** (тур. **binlik** ʽбанкнота од илјада’, ʽстаклен сад од 1000 драма течност, односно околу две и половина оки или околу три литра’) Плетен балон за ракија.
**битисан** (тур. **bitkin** ʽпропаднат, исцрпен’) За никаде.
**биринжија** (тур. **birinci** ʽпрв, најспособен, најдобар, првокласен’) 1. Прво. 2. (прен.) Најдобар, првокласен, елегантен.
**бискар** Претрес.
**бистор** Бистар.
**бичкија** (тур. **biçki** ʽпила, остар чевларски нож за кроење кожа’) Пила.
**бишка** Вид игра, слична на хокеј.
**блажеви** (бошк.) Болки.
**блазнење** Завидување. (*Се блазниш на некој шо јадеш нешчо.*)
**блаосовување** Благословување.
**блвење** (бошк.) Повраќање.
**блеблебија** (тур. **leblebi** ʽпечен наут’) Леблебија.
**блекачка** (бошк.) Овца.
**блешчавило** Блескање, отсјај.
**блзд** (мн. **блздови/блзје**) Бусен трева.
**блома** (бошк.) Мрзелива, трома, нечиста.
**блскање/блскотење** Блескање/блескотење.
**блскот/блскотница** Болскот/болскотница, блескот/блескотница.
**блснување** Блеснување.
**блшчавост** Блескавост.
**блшчење** Блештење.
**бобаќ** (грч. **βαμβάκι**) Памук.
**бобаќар** 1. Памукчија, човек кој одгледува или продава памук. 2. (прен.) Мек, попустлив човек.
**боботарница** Распален оган.
**боботарење** (бошк.) Вревење.
**боботење** Тропање, шумот што го дава запалено ќумбе на дрва.
**боботко** (бошк.) Човек што зборува без прекин и без врска.
**боботница** (в. **боботарење**) (бошк.) Галама, врева.
**бобрит (се)** (се) набабрува
**бобулка** Зрно.
**бовча** Скутина.
**Богоровица** Богородица.
**бодинање** Јавање коњ во трк.
**бодинач** Јавач.
**Бодник** Бадник.
**боднување** (в. **збоднување**) 1. Зајавување. 2. Тргнување.
**божубиго** (*Боже, уби го! Скраши му ги макише!*) Човек за жалење, за гревота.
**боздисан** Се прави одважен.
**бокле** (бошк.) Тешкотија, мака.
**боктисување** Здосадување, досадување.
**болаче** Струпче, мала, но преувеличена болка, болест или рана на телото.
**болевање** 1. Боледување 2. Болење.
**болкосуват (се)** Врши голема нужда.
**бопање** Расфрлување. (*бопаш – фрла, (се) расфрла*)

**боравење** Важење, сметање, земање предвид. (*Се боравит това. – Се важи тоа.*)
**борилишче** Борилиште.
**борч** (тур. **borç** 'долг, заем') Долг, земено на заем.
**борчење** (в. тур. **borç**) Должење, имање долг.
**борчлија** (тур. **borçlu** 'должник, тој што има долгови') Должник.
**боски/босици** Дојки, гради, цицки.
**босак** Израсток, брадавица.
**ботеење** Растење, извишување, напредување.
**боцало** (бошк.) Терзија, шивач.
**боцат** Боцка, боде со игла, нож или заострено дрво.
**бош** (тур. **boş** 'празен говор', 'безначаен, ситен, ништожен, залуден, бескорисен') 1. Настрана. 2. Нешто ставено на несигурно, што може да падне.
**бошкач** (бошк.) Мајстор.
**бошкачки јозик** Скриен, таен говор и јазик којшто го зборувале мајсторските тајфи кои работеле на печалба, за да не може да ги разбере никој и да им ги открие тајните.
**бошкање/бошнување** (бошк.) Чепкање, допирање, потфаќање нешто со рацете.
**бошотење** Лажење, заташкување, затскривање.
**братучеда** Братучетка.
**брбулавење** (бошк.) Валкање.
**брбулка** (бошк.) Компир.
**брбулко** (бошк.) Извалкан, како компир изваден од земја.
**брбушка** Измет од овца или од коза.
**брго** Брзо, бргу.
**брeење** Кивање.
**брезак** Коњ со бел белег на челото.
**бремзање** (бошк.) Плачење, сакање на нешто, кенкање.
**брендање** (бошк.) Пребрзо и неразбирливо зборување.
**брецел/брецеле** Вид инсект (скарабеј).
**брецкање** Пецкање.
**брзнење** Парање, отплетување.
**брлавење** (бошк.) Несмасно јадење, замачкување.
**брлок** Дел од кожата на загинато животно.
**бропнување** (бошк.) Паѓање, паднување.
**бротает (го)** Го оговараат.
**бублење** Негување. (*Го бублит. – Го негува.*)
**бувалка** (бошк.) Рака, голема рака.
**буза** Сандак за чување на храна и пијалак, фрижидер. (*Нурни со рокава во бузана.*)
**буздун** Тром, тешко подвижен.
**буклинка** Семе од бука, расте на листовите од дрвото.
**булук** (тур. **bölük** 'дел, воена единица, група, групирање, мноштво, одред војска', 'сурија, стадо, многу овци') 1. Чета, јато. 2. (прен.) Многу.
**бунишче** Ѓубриште, буниште.
**буњела** Виљушка.
**бурадија** (тур. **burada** 'на ова место, овде, тука') 1. Поројница. 2. Слевање на водата од дожд по невреме.

**бурбатење/бурбатница** (бошк.) Лошење, мачнина предизвикана од мешање на храна.
**буржула** Газија.
**бурзук** (тур. **bursuk** 'јазовец') Намќор.
**бутин** Дрвена справа за матење млеко и вадење маст.
**бутур/бутурно** Никакво, лошо, неубаво.
**бутур човек** Затворен, некомуникативен, интровертен.
**буфтамбек** (бошк.) Ќотек, тепачка.
**буфтање** (бошк.) 1. Кашлање. 2. Тепање.
**бушка** Крава.
**бушуќеле** Заборавен, расеан, заостанат.

# В

**ваган** Сад, посатка за јадење.
**вајза** (бошк.) (алб. **vajzë** ʽдевојка, момичеʼ, ʽдевојка, момаʼ) Невеста, жена, девојка. (*Скивни ја вајзана. – Види ја невестана, девојкана.*)
**ваке** Вака.
**валаганка/валаганки** Вид палачинки.
**валаница** Валканица.
**валање** Валкање.
**валма** 1. Вретено, оска, столб на воденичко колце. 2. Волна обработена во форма на топка, на голема кадела. 3. (прен.) Магла, чад, сноп на светлина – (тоа што се обликува како прстен, во круг, како перче, сноп) растурена, неуредна или завиткана.
**вамо** Ваму.
**вапцање/вапцување** Боење/бојадисување.
**вари-борави** (бошк.) Денгуби, работи нешто, но без резултат.
**вардење** Внимавање, пазење.
**ведреље** (бошк.) Заминување, одење, бегање. (*Мулни му да ја ведрит. – Кажи му да бега, да оди.*)
**везден** Постојано.
**везник** Нарамник со дрва или некој друг материјал што човекот го носи на својот грб.
**вежалка** Нарамена жена што носи товар врзан на грбот.
**вежување** Врзување товар на грбот.
**вејкрпа** Лесноумен, непостојан, променлив во мислењето.
**велвеле** (бошк.) Незгода, неволја.
**веровит** (бошк.) Некој кому може да му се верува, поверлив човек. (*Мануков е веровит.*)
**ветор** Ветар. (*Ветор и могла. – Ветар и магла.*)
**веторност/ветричавост** Ветровитост.
**ветошар** Човек што купува стари работи – „антиквар", може и сиромав.
**ветрушка** Непостојан и нерешителен како ветерот.
**вжашен** Вџашен, изненаден, вчудоневиден.
**вжлтување** Вжолтување, пожолтување.
**вжурување** Запалување, потпалување на оган.
**видело** Газија за ламба.
**вије** Вие (2л. мн.).
**викален** (бошк.) Оној што вика, испраќа некого, најчесто гурбетчија.
**виличење** Кривење, искривување.
**виткалник** (бошк.) Вид комат, пита со виткани кори.
**витроса (се)** (се) отстрани, (се) уништи.
**вкопан** (бошк.) Фатен како прави некое нечесно дело.
**влитосување**

**влк** Волк.
**влна/влница** Волна, волница.
**внотра** Внатре.
**водит (се)** Се парат коњи или крави.
**војдудуле** Церемонијал со кој се моли Господ да падне дожд.
**војевање** Војување. (*Ќа војеваме ако̄ требе̄т. – Ќе војуваме ако̄ треба.*)
**војтачење** (бошк.) Денгубење.
**воловарник** Говедарник и место каде што се паселе воловите и кравите.
**воомјазен** Променет, засрамен, изненаден.
**вопер** Вампир.
**вотнување** Вденување, провлекување, провирање (конец во игла).
**вочосан** (бошк.) Напиен, пијан човек, побледен, болен, неарен.
**впалување** Избувнување, (се) изнервира. (*Се впали. – Избувна, (се) изнервира.*)
**впури** Наседне, наивно прифатил или извршил некоја работа.
**врагоштен** Враголест, итар.
**вратниче** Мала врата, вратичка.
**враќе** Врати (мн. од врата).
**врвотница** Гужва.
**врвулица** Гужва.
**врено** Врело, жешко.
**вретенарка** (бошк.) Слаба, тенка жена, девојка.
**врзка** Јазол.
**врлак** (бошк.) Лош, поган, лут човек.
**врлење** (бошк.) Лутење.
**врогнување** (бошк.) Удирање, обично со некој предмет. (*Веѕри ја ќа те врогнет со стапон! – Бегај, ќе те удри со стапот!*)
**врпца** Врвка.
**врчма** 1. Ќуп за чување вода. 2. Лакома, ненаситна жена.
**втропач** Насилник, упаѓач, насилно влегување.
**вуња** Вујна.
**в црскалување** Стркалување.
**в’** во (предлог)

# Г

**глтање** Голтање.
**глтка** Голтка.
**глтник** Душник.
**гагал** (бошк.) (тур. **gaga** ʽклун') Смеа, смеење.
**гагалење** (бошк.) Гласно, неконтролирано смеење.
**гагач** (бошк.) Човек што постојано зборува, наметлив човек.
**гајгури/гајгурови** (бошк.) Јајца.
**гајрет** (тур. **gayret** ʽнапрегање, напор, труд, желба за работа') Еден вид охрабрување.
**галабија** (арап. бела наметка кај Египќаните, Арапите)
**галиба** (тур. **galiba** ʽверојатно, изгледа, можеби') Белким, можеби, веројатно.
**ганди** Сандали.
**ганзање** (бошк.) Влечкање, бавно одење.
**гарабет** Трошок.
**гафил** (тур. **gafil** ʽнепретпазлив, негрижлив, невнимателен, немарен, неодговорен, тром') Срам, понижување.
**гачка** Приказна, случка, настан.
**гебавица** 1. Бавен, лежерен. 2. Неспособен човек.
**гебер** (тур. **geber** < **gebermek** ʽцркне, пцовиса; угине, скапе; отиде по ѓаволите') Цркни.
**гебережек** (бошк.) Палав. (*Ѓалено је ѓебережек. – Детено е палаво.*)
**геберисување** (бошк.) Спиење.
**гегање** Инсистирање, постојано барање на нешто.
**гекат** Удар.
**главување** Слугување, запослување на дете како испомош (чирак).
**гламна** 1. Изгорено, згаснато дрво. 2. (прен.) За нешто црно или поцрнето.
**гламница** Вид трева.
**гламносување** Изгорување, загорување или оцрнување на нешто.
**глауч** Своеглав човек.
**гледаче** (бошк.) Прозорец.
**гледишче/гледалишче** Гледалиште.
**глездавост** Глуждавост (кога дрвото е прекриено со многу глуждови).
**глезден** Глужд.
**глобоко** Длабоко.
**глобочина** Длабочина.
**глодач** Човек што провоцира, нервира, провокатор. (*Имај мукает, оња је ѓлодач. – Бидди внимателен, оној е провокатор.*)
**гнетење** Лакомо, ненаситно јадење.
**гноса** Гнаса, гнасен човек.
**гносење** Гнасење.
**гоз** Газ, задник.

**голган** Суво дрво без кора.
**гологоз(с)** Разголен, гол.
**голушка** Тврда семка од овошје.
**госеница** Гасеница.
**готвење** Подготвување (за пат и сл.).
**градилишче** Градилиште.
**грамбул** Полно, преполно од луѓе.
**грамотен** Учен, образован, писмен човек.
**гргање** Обилно течење на вода, паѓање на силен дожд.
**грделија** Се однесува за човек, но поради разни причини не му се споменува името.
**грдо** Бедно, неубаво.
**греб** Повод, причина.
**гребосно** Рапаво, нерамно.
**гробишча** Гробишта.
**грода/гроди** Града/гради.
**гродник** Градник.
**грофтање** (прен.) Зборување во група луѓе, повеќе разговори во исто време.
**грумење** Гмечење, притискање на нешто меко да се стопи или да се исцеди.
**грумец** (грутка стврднат шеќер, сирење, снег и сл.) Поголем камен.
**групање** Јадење на тврда храна што крцка.
**губилишче** Губилиште, место каде што се извршуваат смртни казни.
**гувеење** Срамежливо гледање надолу.
**гугавица** Вид обредно лепче, проскура со лик на жена наменета за Бадник.
**гугање** 1. Зборување на нешто тајно, доверливо, зборување со мимика. 2. Тивко заљубено зборување.
**гугуш** Лигуш, неранимајко.
**гудулење** 1. Мрморење 2. Зборување на самиот себе.
**гунгула** Гужва.
**гурање** (бошк.) (алб. **gurrë/a** ʽизвор, кладенец, кладенче’) Одење.
**гурбет** (тур. **gurbet** ʽскитник, номад, чергар’, ʽтуѓина, туѓа земја’, ʽпечалба’) Печалба.
**гурбетжија** Печалбар.
**густо** (лат. **gustus** ʽвкус, апетит, мерак’, ʽзадоволство, уживање, но може да е преземен збор од влашкиот јазик’) Мерак, ќеф.
**гутавење** Гужвање. (*Алишчана се многӯ гӯта̄ви. – Алишта̄та̄ се многӯ гӯжвани.*)
**гушало** Наметка за околу врат, шал.
**гушење** Прегрнување, гушкање.

# Д

**давија** Гужва, навала.
**давор** Добиток.
**дакика** (тур. **dakika**, **dekika** ʽминута’) Се употребува како израз за нешто набрзина сторено, но и за нешто што е со второстепено значење, неважно.
**далдисување** (тур. **dalmak** ʽ(се) занесе, се внесе во нешто’) (прен.) Занесување во нешто со цело внимание.
**далдуп** Лаком, ненаситен.
**дамла** (тур. **damla** ʽкапка, мозочен или срцев напад’) Шок, колапс, срцев или мозочен удар.
**дандарање** Неважно зборување за сѐ и сешто.
**дарак** Влачарница на вода за перење и за истегнување на ресести волнени ткаенини.
**даскал** (грч. **ο δάσκαλος/daskalos** ʽучител’) Учител.
**Дебелак** (бошк.) Бугарин
**Дебор** Дебар
**деветно сновење** Обилно, прекумерно јадење.
**дегдисување** (тур. **değdi** < **değmek** ʽда припаѓа, да сака, да пристигне, да присуствува, да се сретне’) Случување на нешто, на некој настан.
**дегмеде** (тур. **değme** ʽдопир, контакт’, ʽобичен, просечен, кој било, некој случаен, секој’) Случајно, ретко, неочекувано случување.
**дејгиди** Вид извик.
**деклисување-деклиш** Ти текнува?
**дексање** Бендисување, прифаќање на тоа што се нуди. (*Не ӣе ͽексаӣ! – Не ӣе ӣочиӣува, не ӣе ферма!*)
**делипала** (тур. од **deli** ʽлуд, умно пореметен, бездушен’, ʽхрабар, смел’ и **pala** ʽдолг меч//плоснат дел од нешто//долго весло потоа голема кришка, комад//коњски покривач’) 1. Луд, умно пореметен, бездушен. 2. Храбар човек со налудничави и неочекувани постапки.
**делување** Делење.
**дерман** (тур. **derman** ʽлек, спас, помош, сила’, ʽрешение, излез од тешка положба’) 1. Лек, спас, помош, сила. 2. Решение, излез од тешка положба (*Се немаӣ ͽерман оͽ неӻо. – Се нема сӣас, слобоͽа оͽ неӻо.*)
**дестур** (тур. **destur** ʽдозвола, пропусница’, ʽдоволно, изобилно’) Употребено е за Гурчин Кокале – кој бил дестур на сите паши, со ова се истакнува големиот авторитет што го имал во мијачкиот крај, доколку тој дозволел да влезе некој паша, тогаш никој не се противел.
**дибидус** (тур. **dübedüz** ʽсосем, потполно, ептен, докрај’) Сосема, многу.
**див/дивион** (бошк.) Задник, пенис.
**дивање** (бошк.) Разбирање. (*Мулкај, мануков не ͽиваӣ. – Зборувај, момчево не разбира.*)

**дизгин** (тур. **dizgin** ʽкожен каиш од поводникот на коњот, узда’, ʽслободно одење’) Узда.
**дијанија** 1. Чуден, незгоден човек. 2. Диво животно.
**дикат** (тур. **dikkat** ʽвнимание’) Внимание.
**дикели** Вештачки заби, протеза.
**диклање** (бошк.) Барање. (*Подиклај му од белоно! – Побарај му од сирењето!*)
**дилбер** (тур. **dilber** ʽљубовник, саканик, миленик, либе’, ʽубав, оној што ги привлекува и ги освојува срцата’) Убаво и младо момче, ерген, саканик, љубеник.
**диуле** Мало, диво кисело јаболко.
**длначка/горначка** Долниот – мекиот/горниот – тврдиот дел од лебот, средина и крајче.
**длниште** Внатрешниот дел од облеклото – промената.
**длобоко** (в. **глобоко**)
**доб** Даб (дрво).
**добор** Добар. (*Добор ден! – Добар ден!*)
**добрава** Густа шума.
**довардување** Дочувување, допазување.
**дограма** (тур. **doğrama** ʽдрвени/метални градежни делови, градежна дрвенарија’) Столарија, дрводелство.
**догурување** (бошк.) Доаѓање.
**дозборвување** Дозборување.
**дозиздување** Доѕидување.
**долап** (тур. **dolap** ʽорман во ѕид, плакар, ниша’, ʽсандак, ковчег’) Шкаф.
**дол долама** (тур. **dolama** ʽвид на старинска машка и женска облека со долги ракави изработена од чоја’, ʽкусо горно палто на коњаник’) Долга бела наметка наменета за постари мажи.
**долдуп** (в. **далдуп**)
**долење** Понижување, омаловажување.
**домажување** Домачкување.
**домашар** Човек (селанец) кој не одел на печалба, ниту пак на зимување со овците, ја преседувал годината во селото.
**домлкнување** Домолкнување.
**допишчување** Допиштување.
**допушчање** Допуштање.
**доплнување** Дополнување.
**доплнувач** Дополнувач.
**дорадување** Дорадување.
**доскивување** Здогледување.
**дотлчување** Дотолчување.
**доќофтување** (бошк.) Дотепување.
**дошептување** Дошепнување.
**дошлак/дошлаци** Дојденец/дојденци.
**драга** Лавина.
**дракул-дрку** Стар човек.
**драпање** Чешање.
**дркулавење** Стареење.
**дрлуш** Човек со конјуктивитис (воспаление на рожницата).

**дрндало** Тамбура.
**дрндање** Неповрзано зборување.
**дрндупка** Несериозен приод, нереално, инфантилно. (*Играат дрндупки.*)
**дробно** Мало, ситно.
**дробускија** Ситна, мала, неразвиена жена.
**дроздален** (шумска птица, лат. Turdus musikus) 1. Шумска птица. 2. Сам, осамен.
**дропја** Развиена, дебела жена.
**дрочи го, (не)** Не го гали.
**дрочит (се)** Забушава, се одмара безгрижно.
**дрскотница/дрсларник** Дијареја, пролив.
**дрстило** Специјално место за перење јамболии и кожени работи.
**другачка/другачки** Другарка/другарки.
**другош** Другпат.
**дрча** Бура, невреме, кога паѓа снег со дожд, лапавица.
**дубара** (тур. **dubara** ʽдвојна двојка во игрите табла и домино', (прен.) ʽклевета, измама, сплетка, шега') Измама.
**дудуле** (тур. **düdük** ʽшупелка, луле, свирче, звучен сигнал', (прен.) ʽумствено ограничен човек, глупак, идиот, кретен') Зборот е употребен со специфичната мијачка деминутивна форма **-уле**, а значењето е лесноумен.
**дудумак**
**дудуман** Фрлен предмет надалеку и непрецизно.
**дулбија** Дурбин.
**дулѓер** (исто како дунѓер) Дрводелец, столар.
**дуле** Вид земјен сад за течност, бардаче, стомниче.
**дулец, дулци** Делови од долама – бранувања, набрани делови од доламата.
**дулка** Метален испуст на јавна чешма.
**думбаз** Големец.
**думбазе** (бошк.) Злато.
**дунда** Женски полов орган.
**дуња** (тур. **dünya** ʽсвет') Свет.
**дупнонебо** Немирен човек кој започнува некаква неприлика.
**дурбак** Плашило, страшило.
**дурлање** Излежување (*дурлат* – (*се) излежува*).
**дурпање** Триење.
**дуфнување** Бегање (*Си му ја дуфна. – Си избеѓа.*)
**душеме** (тур. **döşeme** ʽдрвен под') Патос, под.
**душман** (тур. **düşman** ʽнепријател, противник') Непријател, противник.
**длг** Долг.
**длжина** Должина.
**длжник** Должник.

# Ѓ

**ѓаворија** (бошк.) Варена храна, манџа.

**ѓавкање** Досадување, зборување за неважни работи.

**ѓаконија** (грч. **diakonos, διάκονος** во најраното христијанско време: ʿуправник на општински имоти и старател на сиромасите и болнитеʾ, подоцна: ʿцрковен слуга и помошник при богослужење, најнизок свештенички чин, помошен свештеникʾ) Раздавање за душа, задушница.

**ѓаконосување** (грч.-лат. **διάκονος/diaconiconum** во православната црква: ʿкратка молитва што ја пее или чита ѓаконʾ) Помолување, прекрстување.

**ѓале/ѓалиња или ѓеле/ѓелиња** (бошк.) (алб. **djalë** ʿмомче, дете, младичʾ, ʿсинʾ, ʿјунак, смел човекʾ) Дете, деца.

**ѓаол** (грч. **ο διάβολος** ʿѓавол, сатана, враг, зол духʾ) Ѓавол.

**ѓаолшчина/ѓаолшчилок** (в. грч. **ο διάβολος**) Ѓаволштина/ѓаволштилак.

**ѓаросување** Помагање.

**ѓебеја** (тур. **gebe** ʿтрудница, бремена женаʾ) Бремена жена.

**ѓевчек** (тур. **gevşek** ʿслаб, тромав, млитав, лабав, опуштенʾ) Повеќе се однесува на начин на одење, држење и став: лабаво, мрзеливо одење.

**ѓениш** (тур. **geniş** ʿширок, пространʾ, ʿ(прен.) безгриженʾ) Флегматик.

**ѓеран** (грч. **γέρανος/geranos** ʿжеравʾ, ʿнаправа, лост за вадење на вода од бунарʾ) Дрво за сушење алишта, кожени работи или јамболии.

**ѓериз** (тур. **geriz** ʿодводен каналʾ) Канализација, одвод за отпадна вода.

**ѓова** Божем.

**ѓоза** (тур. **göz** ʿоко, поглед, гледање, очна шуплинаʾ) 1. Се употребува со преносно значење за некој кој е тука, а не треба да биде. 2. Дополнителен пар на непосакувани очи.

**ѓон** (бошк.) (тур. **gön** ʿисончана/сирова кожаʾ, ʿштавена, цврста говедска или коњска кожаʾ, ʿдебел дел од чевел под стапалотоʾ) Необразован, прост човек.

**ѓубрежија** Ѓубреџија, метлар.

**ѓугум** (тур. **güğüm** ʿголем бакарен сад за вода, бакарен бокалʾ) Поголем лимен сад за чување на течност.

**ѓугумале** (в. тур. **güğüm**) 1. Помал ѓум. 2. (прен.) Млекар или бозаџија, затоа што работата им била врзана со ѓумови.

**ѓузе** (бошк.) Слуга, помошник на мајстор, водаџија.

**ѓузел** (тур. **güzel** ʿубав, елегантен, прекрасен, господскиʾ, ʿубавица, љубенаʾ, ʿдобар, пријатен, величественʾ) 1. Убав, елегантен, прекрасен, господски. 2. Убавица, љубена.

**(Е)Ѓуптин/(Е)Ѓупци** Ром/Роми или Египќанец/Египќани.

**ѓуривари** (бошк.) Нешто направено несмасно и неуредно.

**ѓуриштисување** Турнување со намера да се сопне, да падне.

**ѓутуре** (тур. **gütürü** ʿнешто земено или купено без мера, на куп, наеднашʾ,ʿсè заедно, едно над другоʾ, ʿна големоʾ) Се употребува кога се дава некаква произволна проценка од око.

# Е

**ебого** Ебаго.
**еда** Извик на изненаденост.
**едикојси** Некојси.
**еднуш** Еднаш.
**езгија** (тур. **ezgi** ʽмелодија’, (прен.) ʽдвижење, проток, начин’, (прен.) ʽвознемиреност, тага’) Дел од музиката кога се случува забрзано удирање на тапанот со тенки удиралки, проследено со пискот од зурлите.
**екнување/ектисување** Паднување, струполување.
**ексик** (тур. **eksik** ʽпомалку од мерата, недоволно, кусо’, ʽнецелосен, дефицитарен, фаличен, неточен’) Се употребува како израз на незадоволство: што сака нека биде, нека оди по ѓаволите.
**ела, ела ми** Дојди, дојди ми.
**елбасанско масло** (името доаѓа според **Елбасан**, град во Албанија) Маслиново масло.
**елбете** (тур. **elbet**, **elbette** ʽсекако, јасно, природно, сигурно, несомнено, (се) разбира’) Сигурно, несомнено, секако, (се) разбира.
**елемените (од)** Од стари времиња, од Римјаните. (*Овие рабоќе се од елемените. – Овие работи се од стари времиња, од Римјаните.*)
**емиш** (тур. **yemiş** ʽовошје’) Овошје.
**ендезе** (тур. **endeze**, **endaze** ʽмерка за должина’) Се употребува за метално метро, најверојатно неимарските тајфи користеле таков вид на метро – мерна единица за одредување на потребната должина.
**ер како** Како и да било.
**ер кога** Кога било.
**ер кој** Кој било.
**ер колку** Колку било.
**ер кому** Кому било.
**ермениja** (грч. **η ἑρμηνεια** ʽтолкување, објаснување, разјаснување’) Се однесува на еден вид книга, односно тетратка во која зографите ги запишувале своите тајни за правењето бои, цртањето и сл.

# Ж

**жабуркање** Правење гаргара во устата.
**жавкање** (в. **ѓавкање**)
**жагуре** Дете на рана возраст (фонетска варијанта на **џагуре** – во дијалектот на Лазарополе нема фонема /џ/).
**жаде** (тур. **cadde** ʽдрум, државен пат, јавен пат, главна улица, авенија’) Пат, џаде.
**жадија** (тур. **cadı** ʽволшебница, гатачка, вештерка, вештица’, (прен.) ʽфурија, лоша жена’) Лесна, неморална жена (*Скивај колку је айсика жадијана. – Гледај колку е убава женайа.*)
**жам** (тур. **cam** ʽстакло, окно, прозорец’) Стакло, џам, прозорец.
**жамлија** (тур. **camlı** ʽона што е од стакло, стаклен’) Џамлија.
**жамлок** (тур. **camlık** ʽпретсобје преградено со стаклена врата’, ʽстаклена витрина’) Витрина, џамлак, креденец со стакло.
**жанг** (тур. ʽ**çan** ѕвонче, камбана’) Камбана.
**жапка** Дрвено резе.
**жаришче** Жариште.
**жаросување** Помочување. (*Скивни ја одий како жаросана! – Види ја оди како йомочана!*)
**жаросуват (се)** (се) црвенее, поцрвенува.
**жбарање** Барање со рака во темнина, напипување.
**жбурнување** Турање, истурање. (*Жбурни малу йунџа! – Тури малку вода!*)
**жглембање** Длабење во дрво или во камен.
**жглопка** Вдлабнатина.
**жграбало** Гребало, гребло, но и сѐ што гребе.
**жграбаница** Гребаница.
**жграбање** Гребење.
**ждребуле-ждреблуле** Мало ждребе, ждребенце.
**жебо** Старо, овенато со брчки.
**жебурка** Брчка на челото.
**жегаво** Тегаво.
**жеголач** (жегол, железна или дрвена прачка што се става на јарем при впрегање) Предмет што служи како направа за буричкање во огниште.
**жегрлавење** Мачење, напрегање.
**желездо** Железо.
**жемпер** Џемпер.
**женување** Оженување.
**жеп** Џеп.
**жеравење** Имање многу. (*Ѓалево жеравий жуфли. – Дейево има многу вошки.*)
**жереме** Необично висок човек.
**жернон** Воденица.
**Жерноница** Селото Жировница.

**жешчина** Жештина.

**живожариче** (бошк.) (живожарица ʽжив оган, оган што гори’, ʽжешка пепел измешана со жар, жар што не е истлеан’) (прен.) Итра, брза, работлива девојка/невеста.

**жигер** Џигер.

**жигери(о)сување** Нервирање (според фразата – „Му ги изеде џигерите“ што значи *измачува некоī*)

**жидавија** Живо, пргаво дете/животно.

**жилење** Опирање, притиснување.

**жилка** Чатал. (бошк.) Работа.

**жилкање** (бошк.) Работење.

**житна кал** Човечки измет.

**жлтавеење/жлтеење** Жолтеење.

**жлтица** 1. Жолтица. 2. Златна пара.

**жлто** Жолто.

**жлчка** Жолчка.

**жмалање** Постојано јадење на нешто.

**жожоле** Нешто извишено, кое надвишува.

**жофнување** (бошк.) 1. Гаснење на јаглен во вода. 2. Ритуал на баење со помош на гаснење јагленчиња. (*Ќа ми ӣи жофна јоīленчиња.*)

**жугање** (ʽзаживување, терање посилно во својот развој’) Постојано зборување на нешто без врска, укорување на некого, напаѓање со зборови.

**жужук** Несмасен, висок дебел човек.

**жунење** Ѕунење, ѕвонење. (*Жуниш. – Ѕуни.*)

**жунжуле** Џунџуле, вид цвеќе, Narcissus pseudonarcissus.

**жуфлар** (бошк.) Вошкар.

**жуфла/жуфли** (бошк.) Вошка/вошки.

# З

**забавишче** Забавиште.
**заба(ву)вање** Задоцнување. (*Се забави плакион. – Задоцни стариот.*)
**забагастрен** Запустен, испустен, неодгледуван.
**забаржување** Замачкување. (*Скивни го манукон како је забаржан. – Види го момчено како е замачкано.*)
**забербатување** Запрлување, завалкување.
**заблснување/заблешчување** Заблеснување.
**збоктисување** (бошк.) Здосадување, станува здодевно.
**заборчување** (в. **борч**) Задолжување.
**забошотување** (в. **бошотење**) Залажување, заташкување, одвлекување на вниманието на друга страна.
**забошотувач** (в. **бошотење**) Залажувач.
**забрецан** Работи, засилен во работата.
**забуцан** Загубен некаде, камуфлиран.
**завардување** Запазување, припазување. (*Заварди го овеја да не шлибнет. – Припази го ова да не се истури.*)
**завежување** Заврзување.
**заворна** (лост или клинец со кој се осигурува вратата да не се отвори, резе) Се однесува на греда за потпирање, затворање на портата. (*Отчини ја заворнана од порта. – Симни ја, спушти ја гредата од портата.*)
**заглобочување** Задлабочување.
**загрнување** закривање.
**загулен** Заостанат, примитивен.
**загушување** Прегрнување.
**задирање** Задевање, зафаќање.
**задирач** Задевач.
**задоргоз** Немирко, закачко, предизвикувач.
**заемање** Зајмување.
**заепирување** Заинатување, Останување на своето, да се изврши нешто без оглед на тоа што им досадуваш на другите.
**зазборвување** Зазборување.
**зазвездување** Излегување на првите ѕвезди на небото.
**зазвонување** Заѕвонување.
**заздишување** Задишување.
**зазелавен** (бошк.) Поднасмеан, завеан, расеан.
**зазиздување** Заѕидување.
**зајаден (зајадување)** Искаран, лут.
**зајдислнце** Зајдисонце.
**зајочување** Заофнување.
**зајурвање** Подбивање, потсмевање.
**заклнување** Заколнување.

**заклопување** Затропување.
**закосување** Загризување.
**закошкување** Затуркување, забутување.
**закрасотување** Закиселување.
**закрдали (ја)** Легни ја.
**закрепување** Задржување за нешто за да не се падне. (*Се закрепив за вратничено. – Се задржав за вратичката.*)
**закучан** Тврдоглав, непопустлив.
**залисување** Зачудување.
**залубување** Заљубување.
**замажување** Замачкување.
**замижување** Умирање. (*Абре плакион замижал. – Абре стариот умрел.*)
**замлзување** Замолзување.
**замлчување** Замолчување.
**замоглување** Замаглување.
**занем** Молк, тишина, не зборувај. (*Абре доста, занем! – Абре доста, молк!*)
**заникодница** Погрдно име за жена, жена што не е за никаде.
**запаметување** Запомнување.
**запенање/запенување** Запнување. (*Ми запенат рокавот за телон. – Ми запнува ракавот за жицата.*)
**запетлување** Закопчување.
**запишчување** Запиштување.
**заплускување** Заплескување.
**запредок** 1. Дрвено тркалце за вретено. 2. (прен.) Мало. (*Скивај го запредок, това ќа ми повелало! – Види го мало, тоа ќе ми наредувало!*)
**запретување** Закопување, затрупување, погребување.
**запушчање** Запуштање.
**зарадвување** Зарадување.
**зарзават** (тур. **zarzavat** 'зеленчук') Зеленчук.
**зарзаватжија** (в. тур. **zarzavat**) Пиљар.
**заслзување** Засолзување.
**заслнишче** Засолниште.
**заслнување** Засолнување.
**застелка** Парче земја.
**застопување** Застапнување, стапнување.
**затова** Затоа.
**затотнување** Задатнување, загрмување.
**затулен** Затворен, неспособен (затскриен).
**заутен** Изгубен, несвесен.
**зафтасување** Стигнување, но има и значење на средба. (*Не се зафтасавме. – Не се сретнавме.*)
**зафутарување** (бошк.) Крадење. *(Зафутари го! – Укради го!)*
**зафутунување** Удирање. (*Зафутуни го! – Удри го, тресни го!*)
**зашевратница** Шлаканица. (*Ќа ти влепа една зашевратница. – Ќе ти удрам една шлаканица.*)
**зашевратување** Мавање шамар, шлаканица.
**зашпарување** Заштедување. (*Нешчо шо имаме зашпарано... – Нешто што имаме заштедено...*)

**зашрафување** Заштрафување.
**заштркување** Запрскување.
**зашчо** Зашто.
**зашчукување** Заикување.
**зашчури** Се почувствува чад (*зашчури ѓо – зайали ѓо оѓноѿ*).
**збитак** Силен, корпулентен.
**збоднување** Вјавнување, зајавување.
**збозиле (се)** (Се) скарале. (*Абре, Тофе и Рафе изѓле∂а се збозиле. – Абре, Тофе и Рафе изѓле∂а се скарале.*)
**зборвење** Зборување. (*Су ја ѓрешил нешчо, не ми зборвеѿ! – Сум зѓрешил нешѿо, не ми зборува!*)
**зборишче** Местото каде што се одржувало мијачкото племенско советување.
**збоќан** Направен, створен.
**збрндано** Подготвено нешто набрзина што не чини. (*Зѓоѿви ми нешчо за ја∂ење, ама ∂а не је збрн∂ано. – По∂ѓоѿви ми нешѿо за ја∂ење, ама ∂а не е набрзина.*)
**збурбатување** (бошк.) Слошување, повраќање (*Коѓа йоѓле∂ав у∂олу, ми се збурбаѿи. – Коѓа йоѓле∂нав на∂олу, ми се слоши.*)
**збучување** 1. Забучување. 2. Нешто што многу брзо пораснува, нараснува.
**звезда** Ѕвезда.
**звездалија** Човек со среќна ѕвезда, човек што има харизма.
**звездено** Ѕвездено.
**зверкање** (бошк.) Ѕиркање, гледање.
**звиска** Млада овца.
**звонање** Ѕвонење.
**звонар/звонач** Ѕвонар/ѕвонач, оној што ѕвони.
**Звонко** Ѕвонко, машко име.
**звонлио** Ѕвонливо.
**звоно** Ѕвоно.
**здекан** Зафатен, ангажиран.
**здиплен** (бошк.) Починат.
**здипли** (бошк.) Почина.
**здиплување** (бошк.) Крадење, земање.
**здифоса** Умре, почина.
**здишење** Дишење.
**здреле** Незнајко, несозреан.
**здрелнување** Неспретно отсекување парче коса со конечен неестетски изглед.
**здринување** Изгребување.
**здробак** Припрост, заостанат.
**здробен** Уморен, беспомошен.
**зевзек** (тур. **zevzek** ʽшегаџија, дрдоркоʼ) Глуп, смотан.
**зеење** 1. Гледање во нешто занесено и отсутно. 2. Растојанието во распукан ѕид или меѓу штици (*зееѿ шчицан, зееѿ враѿана*).
**зеир** (тур. **zehir** ʽотровʼ, (прен.) ʽјад, горчинаʼ) 1. Отров. 2. Лошо.
**зејгора** Лесен во умот, несозреан, приглуп.
**зелавење** (бошк.) Смеење.
**зелавко** (бошк.) Смешко.
**зеленко** (бошк.) Млад, неискусен.

**зелице** (*дем.*) од зелје.
**зелка** (бошк.) Глава.
**земјишче** Земјиште, земја, терен.
**земјосан** (бошк.) Пијан, неподвижен. (*Стурите го земјосанион од чардак, да не се уцркалит. – Симнете го пијанион од чардак, да не се стркала.*)
**зенгин** (тур. **zengin** ʻбогат, плоден, имотен, великодушен’) Бројно, измерливо богатство: имотен, богат.
**зидар/зиздач** Ѕидар/ѕидач.
**зизд** Ѕид.
**зиздање** Ѕидање.
**зиљосуват** Завидува.
**зимовалишче** Зимувалиште.
**зимовишче** Зимница.
**зингират** Ѕвони.
**зинзибар** Мало дете.
**зира** Течност од пресно сирење.
**зноење** Знаење.
**зоб** Заб.
**зобан** Долга машка наметка од дебела чоја за заштита од дожд и снег.
**зобанче** Кратка маичка, чоена наметка.
**зобец/зобци** Забец/запци.
**зобница** Ткаена торба со зоб за хранење на добитокот.
**зобор** Забар.
**зоден** (бошк.) Јајце.
**зоек** Зајак.
**зоечко** Зајачко.
**золаво** (бошк.) Шеќер.
**золјав** (бошк.) Ситен, сув снег.
**зомба** (тур. **zımba** ʻорудие за правење дупчиња во хартија, кожа, тенекија и др.’) Метална направа за дупчење во дрво или во кожа.
**зопчаник** Запчаник.
**зорт** (тур. **zor** ʻсила, мака, неволја, тежина, страв’) Мака, тешкотија, нужда, принуда.
**зреле** (бошк.) Будалетинка.
**зрцала** (бошк.) Очила, наочари. (*Подај ми ји зрцалата, не скива. – Подај ми ги наочарите, не гледам.*)
**зрцалка** (бошк.) Секс.
**зрцање** (бошк.) Гледање.
**зрцки** (бошк.) Очи.
**зрчење** (бошк.) Вџашено, нападно гледање.
**зурање** (бошк.) Мочање.
**зурла** (тур. **zurna** ʻдувачки инструмент’) Музички народен, дрвен дувачки инструмент, кај Мијаците неизоставен елемент на веселбите се *зурлите и тапаните*.
**зуцкање** Изустување нешто низ заби.

# И

**ибрик** (тур. **ibrik** ʽпоголем бакарен сад за вода со посебно извиен тесен отвор’) Лимен сад за налевање.
**ибришим** (тур. **ibrişim** ʽвид свилен конец’) 1. Свилен конец. 2. (прен.) Чист и дотеран.
**игралишче** Игралиште.
**избаржување** Измачкување.
**избербатување** Извалкување.
**избрзнување** Отплетување.
**избрикување** Избричување.
**избурбатување** Исповраќање.
**извалување** Извалкување.
**извардување** Испазување, изчувување.
**извиличување** Искривување на лицето, правење гримаса.
**изглтување** Изголтување, испијување, пиење набрзина.
**изгрејслнце** Изгрејсонце.
**издлжеток** Издолжеток.
**издлжување** Издолжување.
**издр(и)ска** 1. (Се) расипа. 2. (Се) посра.
**изесливост** Со голем апетит.
**изеслија** Човек со голем апетит.
**изжгрбување** Изгребување.
**иззиздување** Изѕидување.
**изин** (тур. **izin** ʽдозвола, согласност, одобрение’) Дозвола.
**излисување** Исчудување.
**излогување** Излажување.
**изложување** Излажување.
**измажување** Измачкување.
**измеќар** Селски слуга, момок.
**измијување** Измивање.
**измлзување** Измолзување.
**измлкнување** Измолкнување.
**измлчување** Измолчување.
**измокување** Измочување.
**измотување** Изматување.
**измочување** Измачување.
**изналисување** Изначудување.
**израдвување** Израдување.
**изрезилавување/изрезилување** Посрамотување.
**изругување** Исмејување.
**изурување** (бошк.) Измочување.
**имза** (тур. **imza** ʽпотпис, автограм’) Потпис.

**илач** (тур. **ilâç** ‛лек’) Лек.
**Илигден** Илинден.
**илме** (тур. **ilmek** ‛лабаво врзе, слабо прицврсти, врзе јазол, едвај допре’; **ilme** ‛вез, јамка, котелец, зашивање’) Вез на платно што е ставен во некаква рамка.
**имела** Несвест, вртоглавица.
**инзање** (бошк.) Смеење.
**исквасување** Изводенување.
**исклвување** Исколвување.
**исклнување** Исколнување. (*Бабана ме исклна. – Бабата ме исколна.*)
**искосување** Искасување.
**искошкување** Истуркување.
**исривоклчување** Искривување, искривоколчување.
**ıслнчување** Исончување.
**испишчување** Испиштување.
**испердашување** Истепување.
**исплнување** Исполнување.
**испорака** Кожа од младо јагне.
**испошчување** Чистење од вошки (од глаголот *пошти*).
**испроменување** Издотерување.
**испулување** Изгледување.
**испушчање** Испуштање.
**истлчување** Истолчување.
**иступучување** Грутка, оток (*иступучен предмет* – изобличен во смисла како испакнат, со грутка, за дел од тело со оток).
**истуфкување** Покајување за непромислено кажан збор, за постапка (*Се истуфка како го рече тоа.*)
**исќофтување** Истепување.
**исштркување** Испрскување.
**итор** Итар.
**итрошчина** Итроштина.
**ифрит** (тур. **ifrit** ‛зол џин, зол демон, ѓавол, зол дух’, (прен.) ‛разгневен, лут, бесен човек’) (прен.) Лут, срдит, навреден од некого.
**ифтибар** (тур. **ihtibar** ‛чест, почит’) Има почит кон некого, кон нешто.
**ифтиза** (тур. **iktiza** ‛потреба’) Зорт, мака.
**ифтирија** (тур. **iftira** ‛клевета’) Клевета, клеветење, давање погрешна квалификација за некого од завист.
**ич** (тур. **hiç** ‛ништо, никако, воопшто’) ништо, ниту малку.
**ишарет** (тур. **işaret** ‛знак, намигнување, сигнал, движење’, ‛претчувство, предзнак, навестување’, ‛трага, отпечаток’) Тајно давање на знак со очи, глава или со рака.

# Ј

**ја** Јас (1л. едн.).
**јабанжија** (тур. **yabancı** ʽстранец, туѓинец, непознат човек') Странец.
**јаблкница** Јаболкница.
**јаблко** Јаболко.
**јаблчар** Јаболчар, вид домат.
**јадосување** Разочарување, обесхрабрување, нервирање.
**јалнаш** (тур. **yanlış** ʽнеточно, погрешно') Осамен во мислењето/во тврдењето, 'е во грешка'.
**јаловарник** Место каде што се чувале јаловите овци, место за напасување.
**јаловица** Неротка, стерилна овца.
**јамак** (од тур. **yamak** ʽпомошник, асистент') Име на една бакарна посатка која се користи место грне за варење.
**јаникара** (тур. **yanıkara** ʽвид заразна болест, црн пришт') Се користи како име на болест, која во минатото била смртоносна.
**јарамак** (бошк.) (тур. **yaramak** ʽда се биде од корист, работа') (прен.) За млад невработен човек, бадијалџија.
**јашик**
**јениш** (в. **ѓениш**)
**јоглен** Јаглен.
**јогленжија** Јагленџија.
**јогленисување** Јагленисување.
**јогодарник** Јагодарник.
**јоготка** Јаготка.
**јогула** Јагула.
**јодица** Јадица.
**јозик** Јазик.
**јозичар/јозичарка** Јазичар/јазичарка, лингвист/лингвистка.
**јозичарка** Вид печурка, јазичарка.
**јозичност** Јазичност.
**јоже** Јаже.
**јожар** Јажар, ортомар.
**јокнување** Пукнување, истрел од огнено оружје.
**јоктисување**
**јолдање** (бошк.) (тур. **yoldaş** ʽпријател, сопатник, другар') Скитање.
**јолжија** (тур. **yolcu** ʽпатник, сопатник') Патник.
**јонжа** (тур. **yonca** ʽдетелина') Детелина.
**јосменица** (тур. **yosma** ʽвесела, убава, грациозна, млада жена, кокетаʽ, ʽблудница') 1. Весела, убава, грациозна, кокетна, млада жена. 2. Блудница. 3. Кокета.
**јоток** Специјално предиво за рачно ткаење.
**јочење** Офкање.

**јочина** Силина, јачина.
**јунашчилок** Јунаштво, херојство.
**јурија** Отворен простор, ледина.

# К

**кабает** (тур. **kabahat** ʽгрев, вина’) Вина, кривица.
**кабиле** (тур. **kabîle** ʽрод, племе’) Сој, род.
**кабулење** (тур. **kabuli** ʽсака, прифаќа, (се) согласува, дава дозвола’) Посакување (*кабулит – посакува*).
**кадана** (**kadın** ʽугледна жена, добра домаќинка за жена Турчинка, госпоѓа, дама’) (прен.) Дете во служба на куќен помошник, измеќар. (*Работи силно како коњ.*)
**кадарност** (тур. **kadir** ʽспособен, вреден’) Способност.
**кадросување** (франц. **cadre** ʽрамка, просторот што го опфаќа камерата додека слика’) Фотографирање.
**казадиса** Заработи.
**каздисан** Потиштен, уморен.
**казма** (тур. **kazma** ʽлопата за копање, копач’) Копач.
**каил** (тур. **kail** ʽсогласен, склон, подготвен за нешто’)
**кајп** (бошк.) Крај, готово, нема ништо.
**какаван** Слабак.
**какаре** (бошк.) Јајце.
**какачка** (бошк.) (тур. **kaka** ʽизмет, фекалија’) Стврднатa нечистотија (мрсул) во носот.
**какогоде** 1. Како било. 2. Лошо, непристојно, неуредно, запуштено, нечисто.
**калабалок** (тур. **kalabalık** ʽмноштво, многубројно, гужва, турканица, толпа’) Гужва.
**калапче** Шеќер во коцка, вкалапен шеќер.
**калем** (бошк.) (тур. **kalem** ʽмолив’) Молив.
**каленик** Чинија
**калеш/калеша** (тур. **kalleş** ʽцрномурест’, ʽникаквец, измамник’) Црномурен/црномурна, убава црна жена.
**калкан** (тур. **kalkan** ʽштит, засолниште, стремен покрив со дрвени ќерамиди’) Потпорен ѕид.
**калос** (бошк.) (грч. **καλος** ʽдобар, благ, убав’) Леб, храна. (*Налапај се калос и шмугни ја! – Најади се леб и бегај!*)
**калош** Херој, јунак, борбен, бестрашен.
**калчин/калчини** Плетени волнени чорапи.
**камара** (бошк.) (тур. **kamara** ʽсоба, бања, комора’) 1. Уста. 2. Отвор во ѕид за кандило, цвеќе, книги.
**каменисан** Скаменет.
**кандисаник** (тур. **kandırmak** ʽ(се) сложува, дава согласност, (се) согласува’) Оној што е натеран, наговорен да се сложи или да се реши за нешто.
**кандисување** (в. тур. **kandırmak**) Натерување некого да се сложи со нешто.
**кандисувач** (в. тур. **kandırmak**) Оној што тера, наговара некого да се сложи за нешто.

**капнати/капнатици** (бошк.) Нозе, стапала.

**капс** (бошк.) (тур. **kabiz** ʻнеуредна столицаʼ) Запек.

**караванче** (тур. **karavana** ʻвид јадењеʼ, ʻвојничка порцијаʼ, ʻјадење што се добива во војскатаʼ) Тавче од бронза.

**караконжула** (тур. **kara** ʻцрно/црна бојаʼ и **konç** ʻчорапиʼ + суфиксот *-ул-а*) Се однесува на црна, висока, запуштена жена, несмасно облечена.

**карашица/карашици** (тур. **kararsiz** ʻнеодлучен, нерешителен, непостојан, лабилен, променлив, колебливʼ) Се употребува за еден вид на сточарско-овчарска задруга каде што членовите работеле како кооперанти, партнери и ортаци.

**кардаш** (тур. **kardeş** ʻдругар, братʼ, (разг.) ʻистомисленикʼ) Другар, пријател.

**карназ** Пукни, тресни.

**карфија** (грч. **καρφι** ʻшајкаʼ) Шајка.

**карфица** (грч. **καρφιτσα** ʻтопуска, украсна игла, брошʼ) Шпенадла.

**карши/каршија** (тур. **karşı** ʻпреку, спроти, наспротиʼ) Отспротива.

**кастиле** (тур. **kastile** ʻнарочно, намерноʼ) Намерно, нарочно.

**кастровиње** Гранки од обработено дрво.

**катавечер** Секоја вечер.

**катаден** Секој ден.

**катил** (тур. **katil** ʻкрвник, убиец, лош човек, насилникʼ) Лош човек, крвник, злобник.

**кафтење** (бошк.) Несмасно однесување.

**кацевање** (бошк.) Навредливо клештење, смеење.

**кашканица** (тур. **kaskati** ʻтврдо, многу тешко, безмилосно, нетолерантноʼ) 1. Мешавина од различни материи, како и течни материи. 2. Некаква мешаница меѓу луѓе, нечиста работа.

**кашкање** (в. тур. **kaskati**) 1. Мешање, замешување на неколку работи во една, но во поинаква смисла. 2. Се однесува на работење на некоја работа, што изгледа нема да успее.

**кашлаче** (бошк.) Пиштол.

**каштисан** Ист, сличен на татко или на мајка.

**квасење** Воденење, попрскување со вода.

**квит** (лат. **quit**) Доста, нема повеќе разговори, расправии.

**кеват** . . . Има. (*Мануков кеваш̄ йилави? – Човеков има йари?*)

**кежавење** Тегавење.

**кекелавење** (тур. **kekele** < **kekelemek** ʻдʼтка, пелтечи, тепкаʼ, можеби хибрид со глаголот **(се) килави**).

**кекелко** (в. тур. **kekele**) Болезлив, несмасен, тром, слаб.

**кекере** Бонбона

**келепур** (тур. **kelepir** ʻнешто добиено за малку пари или под цената, нешто добиено со измама или украденоʼ, ʻкупено евтино за таа пригодаʼ) Бесплатно користење определена услуга или определено добро.

**келер** Келнер.

**керефетлоци (в. ќерефека)** Претерување, инсистирање на нешта што немаат суштина и содржина, туку само надворешност.

**керестек** Дрвена граѓа за правење куќа, дрвен материјал.

**кефтење** Несмасно смеење проследено со наредби.

**кецкар** Мајтапчија.

**кивчење** (бошк.) Умирање.
**кијамет** (тур. **kıyamet** ʽмака, несреќа’, ʽсудниот ден, крај на светот’) Невреме, вејавица.
**кикирка** (бошк.) Поткуплив човек, кој лесно паѓа под туѓи влијанија.
**кинисување** Тргнување за некаде.
**киселица** Киселец, вид зелено јадливо растение, кисело по вкус.
**ките** (бошк.) Неспособен да направи нешто.
**киур** Споменик, гроб изработен од порозен бигор камен.
**кифче** (бошк.) Полов орган на мало машко бебе.
**кифчење/кифчит** (бошк.) Заминување.
**Кичава** Кичево
**клавање** Ставање.
**клаводан** Чисто, бистро, блескаво.
**кладник** Огниште, камин.
**клањање** Поклонување.
**клапнување** (бошк.) Непоканетото доаѓање.
**клапунисување** (бошк.) Бладање.
**клапутање** Трепкање.
**клапутка** Трепка.
**клапуш** Клампав, влечко, припрост.
**клацкало** (бошк.) Шегаџија, мајтапчија.
**клашеник** Горен дел од женска носија.
**клашна** Дебела ткаенина од волна, чоја.
**клбас/клбасица** Колбас/колбаса.
**клвање** Колвање.
**клвнување** Колвнување.
**клевчи** Клешти.
**клепало** Ѕвоно, камбана.
**клепажија** Ѕвонар.
**клепање** Биење на камбани.
**клет** Подрум, визба.
**клинка** (бошк.) Зграда.
**клинкање** (бошк.) Мајтапење.
**клинчење** (бошк.) Седење, чекање.
**клк** Колк.
**клнење** Колнење.
**клокотење** Вриење на вода, но и силно извирање на вода од извор.
**кломбу(а)рец** Меур, плик од изгореница.
**клопало** Тропало.
**клопање** Тропање.
**клопкање** Тропкање.
**клопнување** Тропнување.
**клопот** Тропот.
**клопотање** Тропање.
**клопотарење** Тропотење, интензивно, брзо и ритмично тропање.
**клопотарец** Ѕвонец (обично оној вид на ѕвонец којшто им се става на животните (овен-предводник) за да се слуша каде се движат.
**клопче** Преѓа, волна намотана во топчеста форма.

**клоцкапа** Понижување некого.
**клучало** Клуч.
**клчавење** (бошк.) Досадување, забушавање, неработење. (*Се клчавит. – Се досадува, не работи.*)
**клцање** Кривење при одење.
**клчишча** Испокинати делови од јаже.
**кнап** Точно, по мерка.
**кобник** Повикувач на несреќи.
**когагоде** Кога и да било, во невреме.
**коде** Каде.
**кодегоде** Каде и да било.
**кодела** Недопредена волна, подготвено парче волна за предење.
**кожинка** Одрана кожа од свиња.
**Кожувар** (бошк.) Русин
**кожурек(ц)** Кајмак, стврдната мрснотија од сварено млеко.
**козинавење** (бошк.) Лутење.
**којгоде** Некој, кој било, кој и да е.
**којзноет** Којзнае.
**коклица** Стол без потпирач.
**кокона** (дотерана, нагиздена жена, госпоѓа) Дама, модерна жена од висок, богат сој.
**кокор(ав)ење** (бошк.) (коренот **кокори** има повеќе објаснувања: ʽгледа со широко отворени очи', ʽ(се) џари, зјапа', (прен.) ʽ(се) прави важен, (се) дуе') Прчење.
**кокорач** (бошк.) Убав, свечено облечен.
**кокорија** (бошк.) Човек со авторитет, чијшто збор се почитува. (*Ќа ти го викна свири кокорија. . .*)
**кокотка/кокотче** Девојка/девојче.
**колај работа** (тур. **kolay** ʽлесно') (прен.) Лесна работа.
**колело** Тркало.
**комат** Пита, баница.
**компира** Компир.
**кондиса** Остане во некое место извесно време на конак, отседне.
**контар** Кантар за мерење.
**копчање** (бошк.) Разбирање, сфаќање.
**копчач** (бошк.) Оној што брзо сфаќа, ги поврзува работите.
**кордален/кордаленица** (бошк.) Изнемоштен/изнемоштена, старец/старица, сам/сама.
**кори/ќори** (бошк.) Пари.
**корила** Крагна од кошула.
**коркач** (бошк.) Плашливко, страшливко.
**коробарење** (бошк.) Лутење за нешто. (*Манукана се коробарит дека мускат белоно. – Госпоѓата се лути дека мириса сирењето.*)
**короман** Големо парче леб.
**корф/корфца** Крв/крвца.
**косај** Залак.
**косање** Касање, гризење.
**коснување** Каснување.

**Косор** (бошк.) Србин.
**кот** Селско огниште, приватно место, своина (*Мануков ми г̄о фат̄и кот̄от̄. – Човеко̄т ми г̄о зафат̄и, ми сеѳна на моет̄о мест̄о.*)
**котишча** Земја, терен, место. (*Шо сакат̄ на мои кот̄ишча. – Шт̄о бара на моет̄о мест̄о, мојат̄а земја.*)
**котка** (бошк.) Мачка.
**котловор** (бошк.) Човек муфтеџија.
**котлосување** (бошк.) Иронизирање, пецкање, јавно прекорување или навредување.
**котник** Катник, вид заб.
**котоман** Богат, богат домаќин, заповедник.
**кофтање** (бошк.) Чешање.
**кочен** (бошк.) Гален.
**кочење** (бошк.) Мазење, галење, попуштање.
**кочоперење** Перчење.
**кошкање** Туркање.
**кошнување** Турнување.
**кошоравење** Плеткање.
**кошчавост** Тврдост.
**красато** Кисело по вкус.
**красотливост** Киселост.
**красотница** Киселост.
**краста** Голо, карпесто место.
**краци** Нозе, се однесува на бутовите и потколениците.
**крепење** Држење, се однесува и на здравјето. (*Ми се креп̄иш со зѳравицет̄о! – Ми се ѳржиш со зѳравјенцет̄о!*)
**крија мижа** Детска игра криенка, миженка.
**ркалаони** (бошк.) Милијарда, милијарди, количински многу.
**кркање** Јадење.
**крлемење** (бошк.) Двоумење, нерешителност.
**крмилишче** Крмилиште, место каде што се крми стоката.
**кротење** Смирување.
**кротко** Питомо, мирно.
**кроце** Полека.
**крс** Крст, ’рбет, грб.
**крсје** мн. од крст
**крстилишче** Крстилница.
**крстуле/крстулиња** Мал крст, крстче, крвче.
**кртел** Кртул, вид неквалитетна, остра, планинска трева, Nardus stricta.
**круша кајкуша** Вид ситна, планинска круша.
**кршало** 1. (бошк.) Нужник, веце. 2. Вид самоделска дрвена алатка за кршење на лешници.
**кршчавање** Крштевање.
**кршчавка** Крштевка.
**ксмет** (тур. **kısmet** ‛среќа, судбина’) Судбина, коб, среќа, успех.
**ксметлија** (тур. **kısmet** ‛среќник’) Среќлија.

**кукавик/кукавичка** Вид извик, со можно значење на несреќник/несреќничка, осаменик/осаменичка. (*Ал ѓо скиваш кукавикон? – Дали ѓо ѓледаш несреќникон?*)

**кулет** Добро спакуван пакет за испраќање, пратка.

**курдисување** (тур. **kurmak** ʿпоставува, мести, отвора’, ʿсоздава’, ʿ(се) намести, мести, навиткува’) Наместување, сместување.

**курназ** (тур. **kurnaz** ʿлукав, итар, вешт, дрзок, арогантен’) Итар, дрзок, надуен.

**куртул** (тур. **kurtuluş** ʿспас, спасител, избавување’) Ослободување, спас, избавување.

**куртулување** (тур. **kurtuldu** ʿизбавување, ослободување, спас’) Спасување.

**путкање** Туркање.

**кутнување** Турнување, бутнување, паднување.

**кутрак/кутраци** Куче/кучиња.

**куќарче** Куќичка.

**куфет** (тур. **kuvvet** ʿсила, јачина, снага, моќ’) Сила.

**кучево** (бошк.) Постела, кревет.

**кушаци** (мн.) (тур. **kuşak** ʿколан, каиш, ремен, гајтан, опфаќа, опашува’) Потпори.

# Л

**лавење/лавит** (бошк.) Малтерисување/малтерисува.
**ладрон** (бошк.) Мангуп.
**лаѓа** Брод, кораб.
**лајаче** (бошк.) Куче.
**лајкучка** (бошк.) Жена којашто многу зборува нападно.
**лакомлок** Лакомост.
**лангач** (бошк.) 1. Куче скитник. 2. Човек што скита, скитник.
**лањо** Лајно.
**лапе** (бошк.) Млад, недозреан.
**лапчо** Оној кој оди со отворена уста.
**лаф** (тур. **laf** ʽзбор, изрека, пословица, говор, разговор') Збор, зборување.
**лафење** (в. тур. **laf**) Зборување.
**лебати** (срп. **лéбати** ʽтечна храна или пијалак во голтки, малку-помалку, обично со карактеристичен шум, голтка') Вид на изрека со значење ʽнавистина'. (*Жив ти лебот.*)
**левање** (бошк.) Крадење. (*Скивај го манукон да не леват нешчо! – Гледај го момчето да не украде нешто*!)
**левосување** (бошк.) Украдување.
**левосувач** (бошк.) Крадец.
**легало** Легло, кревет, постела, место за спиење.
**легач** Неработлив човек, мрзливко.
**легачење** Излежување, неработење.
**ледина** Ливада.
**лежишче** Лежиште.
**лазарици** (бошк.) Години.
**лезет** (тур. **lezzet** ʽвкус, задоволство, уживање') Вкус, задоволство, уживање.
**лековалишче** Лекувалиште.
**лелање** Пријатно, нежно лулање.
**лема (се)** (Се) мисли, размислува.
**летајка** (бошк.) Несериозен, неодговорен.
**летовалишче** Летувалиште.
**лефтерно** (бошк.) (грч. **ελεύθερος** ʽслобода') Слободно, комотно.
**ливот** (бошк.) Нечесен, безобразник, долен човек.
**лидање** (бошк.) Бегање.
**лиднување** (бошк.) Побегнување.
**лизгавје** Перница.
**лизгалишче** Лизгалиште.
**лија/линдра** Лисица.
**лисање** (бошк.) Чудење.
**Лисјак/Лисјаци** (бошк.) Грк/Грци.
**лискање** (бошк.) Посакување.

**лито** Тенко.
**литовина** Ткаенина од чоја за заштита на слабината.
**личотија** Личен/лична, убавина, красота.
**лобода** Вид растение.
**ловжија** Ловџија.
**ловишче** Ловиште.
**лога** Лага.
**логач** Лажго.
**логовен** Лажлив.
**ложга** Лажга.
**ложење** Лажење.
**ложица** Лажица.
**ложичарник** Место каде што се чуваат лажиците.
**ложичка** Долниот дел од абдоменот. (*Ноќеска клопчиња ми се врпее во ложичкава. – Ноќеска имав болки во стомакот.*)
**ложник** Постелнина од кожа.
**лојца** Лажица.
**локе** (бошк.) 1. Лично име. 2. Поим за неработник, мрзливец и шегаџија. 3. Променлив, бескарактерен, а сепак мирен и добродушен (човек кој измислува итроштини за да преживее, еден вид мијачки Итар Пејо).
**локот** Лакт, лакот.
**локтање** Лактење.
**ломба(т)ќ** (бошк.) Голем пламен.
**ломотење** Зборување напразно, неважно, празен муабет.
**ломотница** в. **ломотење**
**лочење** Одвојување на младите јагниња од мајките.
**лошава** Непријатно чувство, лошење, гадење.
**лубичица** Љубичица, вид цвеќе.
**лубов** Љубов.
**лубовжија/лубовжика** Љубовџија/љубовџика.
**лување** Лулање.
**луга** Смеса од пепел од изгорено дрво и вода што се употребува за миење на садови.
**лугач** Оној кој употребува погрдни зборови.
**лулело** Лулашка.
**лумбурисување** (бошк.) Паѓање.
**Лунга/Лунги** (бошк.) 1. Албанец/Албанци. 2. Див човек кој не почитува закони.
**лупач** (бошк.) Арамија, човек кој постојано краде.
**лупешка** Лушпа.
**лустук** Човек што сака да проба секаков вид на храна.
**луфнување** (бошк.) Лапање набрзина.
**лушкање/лушнување** 1. Чукање, потчукнување. 2. Штрбнување на некој предмет.
**лцнување** Шинување, приклештување на некој нерв во грбот или слабините.

# М

**мажење** Мачкање.
**мазалка** Седело од кокошка. (*Од мазалкана здипли некое какаре, да не те скивнет. – Од седелоно земи некое јајце, ама да не те видат.*)
**мазнење** Галење, милување.
**мајке** 1. Мајкино. 2. Мило, драго.
**мајсторлок** Мајсторлак.
**мајче** Старица, баба, стара жена.
**макавеј/макавеји** Стари луѓе, старци. (*Макавеине решиле да главит сејмени. – Старцине решиле да ангажираат лично обезбедување.*)
**максум** Мало, невино дете.
**максус** Нарочно.
**малу** Малку.
**мамлаз** (унг. **mamlasz**, преку српското **мамљаз**) Будала, глупак.
**манда(ле)ње**
**мандало** Машки полов орган.
**мандарање** Зборување глупости. (*Пушчи го мандарат! – Остави го, зборува глупости!*)
**мангари** (бошк.) Пари.
**манук** (бошк. од влашки јазик **mănucl'iu**) 1. Човек, момче, господин, љубовник или кој било маж на кој намерно не му се спомнува името.
**манука** (бошк. од влашки јазик **mănucl'iu**) Љубовница или некоја друга жена на која намерно не ѝ се споменува името.
**манучење** (бошк.) Мажење, женење.
**манче/манчо** (бошк.) Непознат господин, странец.
**мањос** (бошк.) Штама.
**Марко плешка** (бошк.) 1. Човек, џандар, полицаец, шпион, агент. 2. Некој од кого што треба да се пазиш, а доаѓа од името на еден галички комита.
**марсаник** (бошк.) Газда.
**мартаќ** Долго тенко дрво.
**маскара** Засрамена, компромитирана личност. (*Го сторив маскара. – Го изрезилив.*)
**масолник** (бошк.) Нос. (*Истртај го масолникот, ќа догурат марсаникон. – Издувај го носот, ќе дојде газдата.*)
**мастраф** (тур. **masraf** 'трошок, издаток, потрошувачка, расход') Трошок
**маткажија** маткач
**матосување** (бошк.) Лажење, маткање (*Мулни му на матосувачон да не ја прекардашуват. – Кажи му на лажгоно да не ја претерува.*)
**матрапаз** Прекупец, препродавач.
**маурек** (бошк.) Мачка/мачор.
**мафнат** (бошк.) Ментално болен.
**мафнување** (бошк.) Оставање нешто или некого настрана.

**мафтосување** (бошк.) Лажење, измислување.
**маф работа** Незавршена работа, непосакуван, лош исход.
**маштраба** (тур. **maşrapa** 'сад од кој се пие вода, вино и сл.') Лонче.
**медана/мецана** 1. Мечка. 2. Дебела жена.
**меѕдре** Слабина, ципа.
**мек** (бошк.) Кал.
**мерда** Усна.
**месарија** Жена што знае добро да сука и да прави месени работи.
**метилави/метилавици** (бошк.) Заболени овци од метил.
**меткање** Шуткање лево-десно, губење на време.
**метлосан** (бошк.) Опијанет.
**метлосување** (бошк.) Опијанување.
**меторбавење** (бошк.) Врткање, плеткање. (*Не ми се меторбави! – Не ми се плеткај!*)
**мешарка** Голем дрвен ковчег за чување брашно и за месење леб.
**мешпаис** Десерт, слатко, благо.
**мижење** (бошк.) Спиење. (*Скорни го плакион од мижење. – Разбуди го стариот од спиење.*)
**мижит (се)** (бошк.) (Се) стемнува, не се гледа.
**мијалник** Лавабо.
**мије** Ние (1л. мн.).
**милаон** Милион.
**минжа** Женски полов орган.
**минтан** (тур. **mintan** 'машка кошула без јака') Горна облека од чоја
**Мисир** (лат.) Египет (*Ја намажале во Мисир со помош на некој Лисјак. – Заминале во Египет со помош на некој Грк.*)
**млз** Млаз.
**млзење** Молзење.
**млзница** Молзница.
**млкнење** Влечење, тегнење.
**млкнување** Молкнување, стишување.
**млк/млкот** Молк, молкот.
**млкотница** Тишина.
**млња** Молња.
**млња/млњаци** Низалка, ѓердан со стари пари на него, се носел за време на одредени обреди како дел од празничната носија.
**млскавица** Молскавица.
**млскање** Молскање.
**млчење** Молчење.
**млчливост/млчаливост** Молчаливост.
**мнук** Внук.
**могла** Магла.
**моглење** (бошк.) Бегање. (*Могли ја да не те вида! – Бегај да не те гледам!*)
**могличавење** Замаглување.
**моење** Можење.
**мож** Маж.
**мозулка/мозулки** Бубулица/бубалици.
**мока** Мака.

**мокање** Мочање.
**моме** Девојка.
**момиче** Девојче.
**моска** Вид на животно, маска.
**мотење** Матење.
**мотнење** Матнење.
**мотно** Матно.
**моченик/моченица** Маченик/маченица.
**мочеништво** Мачеништво.
**мочење** Мачење.
**мочилишче** Мачилиште.
**мочител** Мачител.
**мочнина** Мачнина.
**мошкарче** Младинец, момче.
**мошкост** Машкост.
**мошчеа** Маќеа.
**мошченица** Матеница, маштеница.
**мошчилок/мушчулок** (тур. **muştuluk** ʽбакшиш, награда за убава вест') Подарок што му се дава на доносителот на добра, радосна вест.
**мрва/мрвка/мрвица** Малку.
**мрвкање** Земање од нешто помалку, јадење по малку.
**мрестилишче** Мрестилиште.
**мрзофалење** Тегнење во кревет.
**мркач** Животно за оплодување.
**мрко** (бошк.) Кафе.
**музеверлок** (тур. **müzevvir** ʽозборувач, интригант') Кодош.
**мукает** (тур. **mukayyet** ʽвнимание, интересирање') Заинтересиран, претпазлив, внимателен.
**мукаетчија** (тур. **mukayyetli** ʽвнимателен, претпазлив') Внимателен, претпазлив човек,
**муклевање** (бошк.) Молчење.
**муклес** (бошк.) Тишина, молк.
**мулкање** (бошк.) 1. Зборување, кажување. 2. Тајно зборување, шепнување нешто на уво.
**мунасип** (тур. **münasip** ʽумесно, добро, згодно, поволно') Лесно, згодно.
**мунза** Гримаса зад грб, со ишарет или со зборови.
**мунтање/мунтосување** (бошк.) Лажење.
**мунтач/мунтосувач/мунтажија** (бошк.) Лажго.
**мураќе(и)п** (тур. **mürekkep** ʽмастило за пишување, црнило') Мастилен молив.
**мурдар** Нечист, гнасен.
**мускање** (бошк.) Мирисање.
**мутавче** Покривка ткаена од волна, ќебе.
**мутла** Долап во ѕид во подрум.
**мутлак** (бошк.) Сигурно.
**муфлет** (тур. **mühlet** ʽодложување') Време, рок за размислување.
**муфлуз** (тур. **müflis** ʽтој што нема пари, пропаднат трговец, материјално пропаднат човек') Припрост, загубен, заостанат.
**муфкало** Кодош, доушник.

**муфнување** (бошк.) Лакомо, брзо јадење.
**муфтало** (бошк.) Човек што јаде лакомо и ненаситно.
**муфте** (тур. **müft** ‘бесплатно, џабе’) Без пари, гратис, на туѓа сметка.
**мушлосување** Поттурнување.
**мушулавец** Итар, вешт, оној што секогаш се наоѓа на местото на настанот, особено ако се работи за некоја тајна, доверлива работа.
**мушчерија** Муштерија.

# Н

**наваќе** Наваму.
**навирање** 1. Набодување, наденување. 2. Облекување.
**навирач** (бошк.) Лаком човек, муфтеџија.
**нагурување** (бошк.) Наоѓање.
**наѓезме** Нане.
**назиздување** Наѕидување.
**назирач** Ѕиркач.
**на зорум** В зори, во зората.
**назрување** Ѕирнување, ѕиркање.
**најдобор** најдобар
**најдосор** (бошк.) Најпоследен, најкрајно, најнакрај.
**наказание** Кажување, претскажување.
**наквасување** Наводенување.
**наклкување** (бошк.) Натоварување.
**на колај** 1. На дофат на раце. 2. Во видно поле. 3. За полесно.
**накревање** (бошк.) Поттикнување на некого да стори нешто.
**наксан** (бошк.) Тврдоглав, непопустлив.
**налет** (тур. **nalet** клетва: ʽпроклет да е, проклетство') 
**налетлеме** (бошк., в. тур. **nalet)** 1. Здодевен, досаден човек. 2. Еден вид напаст.
**налисување** Начудување.
**намажување** 1. Намачкување. 2. (бошк.) Побегнување. (*Армасаницана му ја намажала на шилименконо. – Вереницаӣа му ӣобеѓнала на ѓеӣишӣено.*)
**намлзување** Намолзување.
**намуз** (тур. **namus** ʽчест, чесност, искреност, карактер') Срам, почит.
**намузлија** (тур. **namuslu** ʽчесен, искрен') Чесен, честит, срамежлив.
**наплнување** Наполнување.
**наполу** Наполу.
**напреку** Попреку погледнат.
**напушчање** Напуштање.
**нароквица** Нараквица.
**нарочка** Нарачка.
**нарочување** Нарачување
**насиќеме** (тур. **ne sikiyim > ne sikiim > ne sikim** ʽшто ти е по ѓаволите') Налутено давање на несоодветен одговор.
**наслзување** Насолзување.
**наспичување** Влегување на спица (делче) од дрво во кожата.
**настива (се)** (Се) најаде, (се) прејаде.
**натаќе** Натаму.
**натемаго** 1. Ѓавол, сотона. 2. (стгрч. **ἀνάθεμα/ана́тема** ʽпринесување жртва, вотивен дар, меморијален натпис, посвета, **црк**. проклетство, проколнување')

1. Вид проколнување на човек за кого што се однесува. 2. (прен.) Проклет, недоследен човек, вртикапа.

**натлчување** Натолчување.

**натупучување** Натратување.

**натунтување** Добро облекување со повеќе облека заради заштита од студ. *(Скивни го ѓалено како го натунтале. – Види го детено како го изнаоблекле.)*

**натучен** Мрсен, маслосан.

**наќофтување** (бошк.) Натепување. (*Муклевај да не те наќофтает. – Молчи си да не те натепаат.*)

**нацакуле** (бошк.) Бремена жена, трудница.

**нацуцулување** Ставање нешто на врв.

**начарување** (тур. **çare** 'помош, излез, спас, лек, средство', (разг.) 'ослободување од болест') Фаќање на некоја лоша болест или лоша магија.

**небидник** Самоволен, непослушен, кој не извршува наредби, па затоа и не го бидува за ништо.

**негдегоде** Понекаде, ретко.

**недокквакан** (бошк.) Недоносен.

**недоклепан** (бошк.) Недоносен.

**незграјник** (бошк.) Невоспитан, немирен, самоволен.

**неисе** Добро де!

**некадар** Неспособен.

**некевање** (бошк.) Немање.

**непара** Не баш, нецелосно.

**непендек** (бошк.) Лошо, малер (грч. **πένθος** 'траур, жалење, мака, печал' засилена со префиксот *не-*) За човек: неранимајко, нескротлив, лоша природа.

**неплускај (се**) Не истрчувај се!

**непрокопсан** Неуспешен, непримерен, лош.

**непушчање** Не пуштање.

**не раздавај** (бошк.) Не се прави паметен, не кажувај многу.

**нешчо(е)** Нешто.

**ниет** (тур. **niyet** 'намера, план', (мусл.) 'молитва кажана пред пост') Намера, намисла.

**нигдегоде** Никаде.

**никоде/никодека** Никаде.

**нишан** (тур. **nişan** 'цел, знак, ознака, обележје, белег') 1. Знак, белег. 2. Златна пара што се дава на веридба.

**нишчавило** Ништавило.

**нишчо(е)** Ништо.

**нурец** (бошк.) Ѕид.

**нуркање** (бошк.) Ѕидање.

**нурум** (тур. **nur** 'светлина' и формата **nurum** 'мојата светлина/светлино моја') Скриено (вообичаено во изразот *под нурум*).

# О

**обигрување** Вештина, увежбување.
**објадување** Измамување, украдување.
**објала** Вид примитивни обувки како чорапи на стапалата направени од волна и зашиени со кожа.
**облак** (бошк.) Жена.
**облакање** Облекување.
**облекло** Облека.
**обрадување** Забрадување.
**обувало** Обувка.
**оваја** Оваа.
**овамо** Ваму.
**оваќе** Вака.
**овеја** Ова.
**овја** Овој.
**овојзе** На оваа.
**овому** На овој.
**овоцу** Олку.
**огнена жена** (бошк.) Работлива, брза, вешта жена.
**огнишче** Огниште.
**огон** Оган.
**огрејан/огрејана** (бошк.) Умен/умна.
**одаја/одајче** Соба/сопче.
**одбрзнување** Отплетување, отпарување.
**одгрнување** Откривање.
**одгурување** (бошк.) Заминување.
**одменување** Заменување.
**одмлкнување** Одмолкнување.
**одмлчување** Одмолчување.
**одморалишче** Одморалиште.
**одоводе** Одовде.
**одожен/одожена** (бошк.) Исчистен, среден.
**одоноде** Одонде.
**одрезен** (бошк.) Изморен.
**одсебен** Оддалечен.
**ожак** Се мисли на оџак, а се употребува со значењето домаќинска куќа.
**ожебување** (бошк.) Свенување, овенување.
**оклафтување** (бошк.) Доодување.
**оклафтан** (бошк.) Дооден.
**оклинчување** (бошк.) Оставање, долго останување на исто место, оставање за подолго.
**ококорување** (бошк.) Ширум отворање на очите, оџагарување на очите.

**окол наокол** Наоколу.
**окрасатување** Окиселување.
**окромидување** (бошк.) Заседнување на гости.
**олан** (тур. **olan** > **oğlan** ʿсин, машко детеʾ и во обраќање ʿсинкоʾ (разг.) ʿвојникʾ)
**оломнани** Преклани.
**омал** Омарнина, спарина, спарно време.
**омјазен** (бошк.) Засрамен.
**оможување** Омажување.
**онаја** Онаа.
**онамо** Таму, онаму.
**онаќе** Онака.
**онеја** Она.
**онја** Оној.
**онојзе** На онаа.
**оному** На оној.
**оноцу** Онолку.
**опак** Нечовек, терсене човек.
**опичаници** Врзалки за опинци.
**оплакнат/оплакната** (бошк.) Симпатичен/симпатична, привлечен/привлечна, убав/убава маж/жена.
**опоро/опорито** Тешко, сложено, напорно.
**оптегачка** Опуштање, лежење, излежување.
**опул** Поглед.
**опулен/опулена** 1. Со отворени очи. 2. (бошк.) Внимателен/внимателна, снаодлив/снаодлива, вешт/вешта.
**опулување** Погледнување, прогледување.
**опурци** Искинати опинци.
**опута** 1. Волнена подлошка за стапалото на ногата. 2. (бошк.) Неморална жена.
**опушчање** Опуштање.
**орјат** (бошк.) Необразуван, заостанат во ставовите, прост.
**орман** Шума.
**орфање** (бошк.) Робување, мачење, страдање.
**оса** (бошк.) Брз, вешт, работлив.
**осој/осојница** Место коешто не го фаќа сонце.
**осом** Осум.
**остинување** Оладување.
**откорнатик** (бошк.) Клетник, будалиште.
**откукување** Отуѓување, искоренување, прекинување на односите со непосредните роднини.
**отоде** Оттаму.
**отпетлување** Откопчување.
**отпотност** Отпатност.
**отпретување** Откопување од земја.
**отпушчање** Отпуштање.
**отранчување** Удирање, убивање.
**оту** Оти, зошто.
**отшрафување** Отштрафување.
**офирање** (бошк.) Издавање на некоја тајна.

**ошевратување** (бошк.) Удирање, осакатување.
**ошиклен/ошиклена** (бошк.) Образуван/образувана, способен/способна, итар/итра.
**ошмар(к)а** (бошк.) Замаена, завеана, но и лесноумна жена.
**ошумоглавување** Зашеметување.
**ошутрување** (бошк.) Разбистрување на главата по болка или пијанство, доаѓање на себе.

# П

**паанда** Вид големо резе за затворање на влезната порта.
**паберка** Внатрешен џеб.
**пагување** (бошк., алб. **pagim/i** ʽплаќање’) Плаќање.
**пазува** Мишка.
**пазуварка** (в. **паберка**) Внатрешен џеб од ќепето или од доламата.
**паланза** (балансa) – Кантар.
**палежно** Луто.
**паметување** Памтење, помнење.
**пангар** Послужавник на кој се ставаат пари во црква.
**панта/панти** (бошк.) Карта/карти за играње.
**пантање** (бошк.) Картање, играње карти.
**пантофил** (бошк.) Паричник.
**панукла** Чума.
**папо** Леб.
**село Папрадишче** Село Папрадиште.
**параман** Големо парче леб.
**параспур** (влаш.) Растрошен, неуреден.
**пардии** Даски за ограда, тараби.
**патлак** (тур. **patlak** ʽпиштол’, ʽпенис, машки полов орган’) Пиштол.
**патлижан** Домат.
**Паќа** (бошк.) Србија.
**паќност** Уредност.
**пафтање** 1. Мавтање со раце. 2. Отпоздравување.
**пафтосување** (бошк.) Крадење.
**пашапорт** Пасош.
**пеано човече** (бошк.) Учен човек.
**пеклен** Нешто, човек или случка што придонеле до голема емотивна болка.
**пелтек** Човек кој пелтечи.
**пенавење** Пенење.
**пен(г)авење** (бошк.) Напинање, мачење. (*Не йен(ѓ)ави се! – Не мачи се!*)
**пенжере** (тур. **pencere** ʽпрозорец’) Прозорец.
**пепелаво** (бошк.) Брашно.
**первазење** (бошк.) (тур. **pervaz** ʽограда, рамка, круг’) Бесцелно шетање, шетање без работа.
**перде** (тур. **perde** ʽзавеса’, (*йрен.*) ʽпокривка, превез’) Завеса.
**перлење** (бошк.) Викање, карање, дерење. (*Не йерли се! – Не ѕери се!*)
**петаче** (бошк.) Мало дете.
**петел** (бошк.) Момче.
**петлица/петличе** Копче.
**пикасување** (бошк.) Гледање.
**пилав** (тур. **pilâv** ʽјадења од варен ориз’) Јадење од варен ориз.

**пилави** (бошк.) Пари.
**пилиштарец** Незрел, недораснат.
**пиперница** (бошк.) Глава. (*Ушче му фаќат пиперницана на кордаленон. – Сè уште памети старецот.*)
**Пирго** (бошк.) Ром, Циган.
**пиростија** Примитивно ќумбе слично на мангал.
**писание** Судбина.
**питулица** Вид јадење од потпечено пченкарно брашно, искршено на ситни парчиња.
**пицосан** (бошк.) Дотеран.
**пишало** Молив, пенкало.
**пишење** Пишување.
**пишчало** Пиштало, аларм.
**пишчење** Пиштење.
**пјата** Чинија, порција.
**пјокање** Пукање.
**пјокнување** Пукнување со пушка.
**плака** (бошк., алб. **plakë/a** ʽстарица, стара жена') Стара, мајка.
**плак/плакиот** (бошк., алб. **plak-u** ʽстарец, стар човек') Стар, татко или постар човек. (*Мулни му на плакион да ја ведрит! – Кажи му на стариот да бега!*)
**плакање** Плачење.
**плакач/плакачка** Плачко/плачка.
**пластуси**
**плевча/плевчи** Плешка/плешки, дел од грбот.
**плескуќа** (бошк.) Жена која подолго време поминува кај соседите.
**плжав** Полжав.
**плн** Полн.
**плненица/плнатица** Полнатица (полненица), празно место пополнето со нешто.
**плнење** Полнење.
**плнотија** Исполнетост.
**плускање** 1. Аплауз, ракоплескање. 2. Паѓање на силен дожд.
**плускај (не)** (бошк.) Не се истрчувај, не избрзувај!
**плускален** (бошк.) Пиштол.
**плускарец** 1. Посебен вид шумски јагоди. 2. Плускавец на рака.
**плуснување** Плеснување.
**плф/плх** Вид животно слично на верверичка, но поголемо од неа.
**побрго** Побргу.
**повамо** Ваму.
**повардување** Попазување (пазење).
**поваќе** Поваму (ваму).
**повелање** Наредување.
**повнотра** Повнатре.
**поган** Лош, пакосен, одмаздољубив.
**погани меса** (бошк.) Машки и женски срамни места.
**поганшчилок** Поганштилак.
**поджграбнување** Подгребнување.
**подиклај** (бошк.) Побарај! (*Подиклај му на манукон! – Побарај му на момчено!*)

**подлго** Подолго.
**подложување** Подлажување.
**подмажување** Подмачкување.
**подмлчување** Подмолчување.
**подуен** (бошк.) Надуен, горд.
**поечина** Пајажина.
**пожлтување** Пожолтување.
**позелавување** (бошк.) Посмејување.
**позурко** (бошк.) Мочко, помочко.
**позурување** (бошк.) Помочување.
**појочување** 1. Засилување. 2. Од глаголот *јачи* - поофкување.
**поклапушување** (бошк.) Покривање.
**поклвување** Поколвување.
**покроце** Полека.
**полесок** Материјал за ограда, ѕид на ограда**.**
**полкокош** (бошк.) Правење на нешто дополу, не докрај завршување на некоја работа.
**полог** Јајце во седело за испилување.
**положување** Полажување.
**помалу** Помалку.
**помлзување** Помолзување.
**помлчување** Помолчување.
**score** 
**поможување** Помагање.
**помотормави (се)** (бошк.) Поврткај се!
**помотување** Поматување.
**понавамо** Понаваму.
**понаваќе** Понаваму.
**понадвор** Нужда, кога човек мора да оди во нужник, во клозет.
**понатамо** Понатаму.
**понатаќе** Понатаму.
**понедлник** Понеделник.
**по нојмо** На ќоро, од прилика.
**попарен** (бошк.) Тажен, натажен, обесхрабрен.
**попишчување** Попиштување.
**поплнување** Пополнување.
**попок** Папок.
**попошчување** Требење на вошки.
**попраќаленка** Таа што испраќа.
**популување** Погледување, загледување.
**попушчање** Попуштање.
**порадвување** Порадување.
**поркање/поркач** (бошк.) Пиење/пијаница.
**поркевање** (бошк.) Одговарање, одење во корист
**порочка** Порачка, нарачка.
**порочување** Порачување.
**поруганија** (бошк.) 1. Срамота. 2. Се однесува на човек за кој се мисли дека е груб, нечесен, невоспитан, неранимајко, расипник, бесрамник.
**поручек** 1. Појадок. 2. Попладне.

**поручување** Појадување.
**посакување** Побарување.
**поскопување** Поскапување.
**послнчување** Сончање.
**посмоќија** Навика, остроумност, итрина.
**посоп** Посипување, посипан со брашно.
**постанување** Заморување, уморување.
**постилци** (бошк.) Пелени.
**постребрување** Посребрување.
**пострекуќи** Низ цела куќа, низ куќата
**пот/потиче** Пат/патека, патче.
**потамо** Потаму.
**потахмина** Нешто што се работи во мрак, потамина. (в. **по нојмо**).
**потаќе** Потаму.
**потилосување** Удирање по тилот.
**потишча** Патишта
**потјочување** Офкање (од глаголот *јачи*).
**потјочнување** Офкање.
**потка/потки** Гранки (од папрат, од јавор).
**поткоснување** Подкаснување, подјадување.
**поткосување** Поткасување, подгризување.
**поткошнување** Поттурнување.
**потлчување** Потолчување.
**потник** Патник.
**потонисување** (бошк.) 1. Криење, сокривање, губење. 2. Намерно криење на предмет/предмети на тајно место.
**потпетување** Намерно нагазување на чевли во делот од петицата, што потоа личат на влечки.
**потпушчање** Потпуштање.
**потрчајче** Обиколката што се прави околу црква за време на верскиот празник Христово воскресение.
**потсекалка** Остра потсечена тревка.
**поттифнување** Потстишување, потсмирување.
**потќофтување** (бошк.) Потепување.
**потшлукнува** – Малку удира со слаб удар (волева активност, намерна). (*Се шлукна. – Го изгуби умот.*)
**потшпатнува (в. шпатнува)** Прави мал неспретен (ненамерен) гест (за разлика од шлукнува) – (*ја шпатнав чашава, ми се истури содржината....ми се шпатна од бојава се извалкав*).
**потштркнување** Потпрскување.
**потшчукнување** Подикнување, подзбудалување.
**почивалишче** Почивалиште.
**почивање** Одморање.
**поштркување** Попрскување.
**пошчење** Требење вошки.
**пошчо** Зашто.
**прапорец** Вид мал ѕвонец.

**прафча** 1. Јаже од коњски самар. 2. Прачка (вид примитивно оружје, она со коешто Давид го победил Голијат).
**првображење** Верскиот празник Преображение Христово.
**прдало** (бошк.) Зборува сè и сешто, не може да му се верува.
**прдла** (бошк.) Плашливко.
**превардување** Припазување.
**превлитосување** Големо, силно настинување.
**прегаварање** Расправање.
**прегозба** Ден на родовска слава.
**предобор** Предобар.
**преѓе** Пред малку.
**презборвување** Презборување, оговарање.
**прејочување** Офкање (од глаголот *јачи*).
**прекаилување** Премислување, пишманење.
**прекардашување** (бошк., тур. **kardeş** ʽбрат, другар, пријател') Претерување.
**преклвување** Преколвување.
**преклнување** Преколнување.
**прекосување** Прегризување, прекасување.
**преложување** Прелажување.
**премажување** Премачкување.
**премлзување** Премолзување.
**премлчување** Премолчување.
**преможување** Премажување, мажење за друг маж.
**премотување** Прематување.
**преоблакање** Преоблекување.
**препашка** Врвка од женска невестинска носија.
**пеперуга** Пеперутка.
**препишчување** Препиштување.
**преплнување** Преполнување.
**препорочување** Препорачување.
**препсано** (бошк.) Случено.
**препушчање** Препуштање.
**пресакување** Барање повеќе, пребарување.
**преслакање/пресоблакање** Пресоблекување.
**преслзување** Пресолзување.
**престегнат** (бошк.) Офицер, воено или полициско лице.
**претотнување** Прегрмување.
**префриган** Итар, мудар.
**префтасување** Престигнување.
**преш** Праз.
**прешрафување** Прештрафување.
**прештркување** Препрскување.
**привардување** Припазување.
**припек** Место изложено на сонце.
**припирисување** Пристапување.
**присој** Стрмина огреана од сонце.
**пристанишче** Пристаниште.
**приќоса (ја)** (бошк.) Ја загуби.

**причесна** Света причест во црковниот обред.
**пришелец/пришелци** Дојденец/дојденци.
**пришрафување** Приштрафување.
**прлутка** Школка.
**проглтување** Проголтување.
**продлжение** Продолжение.
**продлжеток** Продолжеток.
**продлжување** Продолжување.
**прожожарница** Мали жарчиња останати во пепелта.
**прозборвување** Прозборување, проговорување.
**проклнување** Проколнување.
**прокопсаност** (бошк.) Доброта, примерност.
**промена** Промена, свечена празнична облека.
**променување** Променување, дотерување.
**прослзување** Просолзување.
**простотилок** Простотилак.
**протец** Патец.
**протондисување** Скривање нешто без трага.
**прототнување** Протатнување.
**протурен** (бошк.) Килав, хернија.
**прочка** Прачка.
**прошвиги** (грч. **πηγαίνω** ʽоди') Повратници, луѓе иселени, па повторно вратени.
**прошч(е)авање** Проштевање.
**прошчевачка** Простувачка. (*Коде имаш карачка имаш и прошчевачка. – Каде што има караница има и простувачка.*)
**прошчевка/прошка** Прочка.
**прцле** Мало нешто, дете.
**пуздер** (алб. **puzdër** ʽлом, крш') Искинато.
**пукнатик** (бошк.) Непримерен, несовесен, неработник
**пукнатоперде** (бошк.) Бесрамник.
**пулач/пулачка** Гледач/гледачка.
**пулење** Гледање.
**пулка** (бошк.) 1. Кокошка. 2. (прен.) Девојка.
**пупунец** (бошк.) 1. Мртовец. 2. Здрвен, вкочанет.
**пуравење** Варење, испарување.
**пусат** (тур. **pusat** ʽоружје', ʽкоњска опрема') 1. Оружје. 2. Коњска опрема.
**пусула** Писмена порака.
**пуфла** Мрзелива жена.
**пуфтање** Пушење.
**пушчање** Пуштање.
**пцора** (*пцора попцорена*)
**пцукање** Парење на животни.

# Р

**раат/раатлук** (тур. **rahat/rahatlık** ‘задоволен, мирен, спокоен, безгрижен, удобен’, ‘задоволство, спокојство, удобност, безгрижност’) Мир, тишина, безгрижно одморање.
**работање** Работење.
**работач/работачка** Работник/работничка.
**рабоќе** Работи.
**раванлија** Коњ што чекори ситно, одмерено.
**радвење** Радување.
**разбаржување** Размачкување.
**разблешчување** Разблештување.
**разблскување** Разблескување.
**разборчување** (тур. **borç** ‘долг, заем’) Раздолжување.
**разбрзнување** Распарување, расплетување.
**разбуфтување** (бошк.) Раскашлување, растепување.
**развежување** Разврзување.
**развешчање/развешчување** (бошк.) Разбирање.
**развонување** Раззвонување.
**разгаќување** Опуштање, распуштање, разуздување.
**разголичување** Разголување.
**раздавај, не** Не зборувај, не кажувај!
**раздлжување** Раздолжување.
**разелавување** (бошк.) Расмејување, засмејување.
**разломотување** (бошк.) Раззборување на празен муабет.
**размлзување** Размолзување.
**размлкнување** Размолкнување.
**размоглување** Размаглување.
**размотување** Разматување.
**ракијари** Гости на куќна слава.
**рало** Пар, чифт.
**рамнишче** Рамниште.
**расакување** Пребарување.
**раслзување** Расолзување.
**расоневање** Расонување.
**рас(х)отка** Прошетка.
**распашување** Разуздување.
**распетлување** Раскопчување.
**распишчолување** Раскомотување.
**распишчување** Распиштување.
**распорување** Распарување.
**распулување** 1. Процветување. 2. Прогледување, разгледување.
**распушчање** Распуштање.
**растлчување** Растолчување.

**растурикуќа** Човек кој руши заеднички договори.
**растурување** Растурање.
**расфрчување** Ширење, отворање (отшивање на споени делови на облека, оддиплување на нешто здиплено, припиено).
**расчинување** Разделување.
**реа** Смрдеа, лоша миризба.
**реавост** Тенкост (за материјал, ткаенина).
**ребрење** (бошк.) Плашење.
**резил** (тур. **rezil** ʻсрамота, подлост, нечесностʼ, ʻпосрамен, пониженʼ) Срам.
**резилење/резилавење** Срамотење.
**реим** (тур. **rehin** ʻзалог, гаранцијаʼ) Залог.
**реис** Автобус.
**репејка** Вид корен што се јаде.
**репнување** (бошк.) Удирање.
**ʼрзнување** Остра вербална реакција, опомена, прекор, најчесто од страна на супериорниот во комуникацискиот чин.
**риза** Крпа.
**ризинче** Марамче
**ризлуле** Крпче, марамче.
**рикаче** (бошк.) Магаре.
**Рим папа** (бошк.) Раскопчан, неуреден.
**рисјанин/рисјанка** Христијанин/христијанка.
**рисјанство** Христијанство.
**Ристос** Исус Христос
**роб** Раб.
**робник** 1. Рабник. 2. Раб, краен дел од нешто.
**робче** Краешник, краен дел од лебот.
**ров(ф)ја** Гром.
**рока** Рака.
**рокав** Ракав.
**рокавица** Ракавица.
**рокофатност** Спретно работење со рацете.
**рокување** Ракување.
**рочва** Разгранок.
**рочвање** Разгранување.
**рочишче** Рачиште, голема рака.
**рочка** Рачка.
**рочно** Рачно.
**ʼрскање** Гласно зборување за нешто. (*Да ѓо ʼрскосаш – ѓа не ѓо йошѿеѓуваш, ѓа му кажеш сѐ шѿо мислиш.*)
**руба** Облека, свечена облека.
**руво** Женска невестинска носија.
**ругање** Исмевање.
**руженица** Млада мајка, родилка.
**рулек/рулекче** (бошк.) Бебе, новороднче.
**рупница** Убава девојка или жена, пристојно облечена.
**руфет** (тур. **hirfet** ʻмода, облекаʼ) Облека.
**ручување** Ручање.

# С

**саат** Часовник.
**саатжија** Часовничар.
**саглам** (тур. **sağlam** ʽсигурен, верен, предан, чесен’) Нормален, кому може да му се верува, квалитетен (човек, институција, предмет).
**саде** Само.
**садно** (бошк.) Рана.
**сајбија** (тур. **sahip** ʽгосподар, сопственик, стопан, домаќин’) Сопственик, стопан, имател.
**сајдисан** Добар, разбран.
**сакалма** (тур. **sıkılma** ʽсаклет, грижа, тегоба, мака’) Нелагодност.
**сакање** Барање.
**сакн** (тур. **sakin** ʽвнимавај, пази’, ʽмирен, тивок, спокоен’) 1. Никако. 2. Молчи, да не си изустил.
**сакселам** (тур. **selâm** ʽмуслимански поздрав’) Вид поздрав!
**самовилите, во** (бошк.) В зори. (*Догурај во самовилите! – Дојди в зори!*)
**сандисување** Сложување, прифаќање.
**сатор** Сатар.
**саторисување** Обезглавување, заколување.
**свадбален/свадбални** Учесници на свадба, свадбари.
**светачка** (бошк.) Црква.
**свирикокорија** Измислен лик, викач, лош човек, страшило за деца.
**свиснување** Опуштање (*Манукон ми је многу свиснат. – Момчето ми е многу опуштено.*)
**своевање** Живеење добро со некого.
**своерочност** Своерачност.
**севда** (тур. **sevda** ʽљубов, силна и страсна љубов, страсна желба’) Желба, мерак.
**седело** Седло, гнездо.
**седом** Седум.
**сејмен** (тур. **seğmen** ʽстражар, придружник’) Вооружен човек, стражар.
**секало** Огнило.
**секоде/секодека** Секаде.
**сенешчо** Сѐ, сешто, сенешто.
**сенишче** Сениште, авет.
**сенчица** (*дем.*) Сенкичка.
**сереј** Прво млеко измолзено од крава по телењето.
**сермија** (тур. **sermaye** ʽкапитал, имот, стока, главнина’) Пазар, панаѓур, имот, богатство.
**сефте** (тур. **sefte** ʽпрво, отпрвин’) По првпат.
**сешчое** Сешто.
**сижим** (тур. **sicim** ʽврвка, јаже’) Јаже.
**сиктер** (тур. **sikter** ʽмарш, надвор, бегај’) Марш.

**силме** (тур. **silme** ʽрелјефно украсен плафон') Гужва, преполно.
**силци** Жарчиња од оган.
**синдилија** Стрмнина, надолнина.
**синија** (тур. **sini** ʽвид голема тепсија од бакар', ʽниска тркалезна маса, софра') Емајлирано тавче.
**сирма војвода** Израз за храбра, своеглава жена, машкуданка.
**сиромашчија** Сиромаштија.
**скале(и)ла** Скали.
**скапчување** 1. Престанува да капе. 2. (прен.) Запирање на доток на пари.
**скашкување** Исто што и закашкување, односно расипување. (*Ји скашкае рабоќено. – Ги расипаа работите.*)
**скивала** (бошк.) Очи.
**скивање** (бошк.) Гледање.
**скивнат/скивната** (бошк.) Забележан/забележана.
**скивни (го)** (бошк.) Погледни го дискретно.
**скивосување** (бошк.) Здогледување.
**скивосај (го**) (бошк.) Истепај го!
**скивчување** (бошк.) Починување, умирање. (*Плакион бил френгузав, па скивчил. – Стариот бил болен од сифилис, па умрел.*)
**скијалишче** Скијалиште.
**склет** (тур. **sıklet** ʽнепријатност, вознемеиреност, нервоза, возбуда, мака, душевен немир') Непријатност, нервоза, душевна состојба.
**склештеност** Стиснатост, собраност, збиеност.
**скокала** (бошк.) Болви.
**скопжија** Скапчија, продавач што стоката ја продава скапо.
**скопотија** Скапотија.
**скопчување** Сфаќање, мисловно заклучување
**скоревање** 1. Станување на некого. 2. Станување од место (столче) и сл. 3. Будење некого.
**скостеност** Умореност, омалаксаност.
**скот** Говедо, некој што се однесува како говедо.
**скошкување** Затуркување, степување.
**скраја** Далеку.
**скрајник/скрајници** Ѓавол/ѓаволи.
**с(о)кривалишче** Скривалиште.
**скропешница** (бошк.) Смеа.
**скубе** (бошк.) Лесноумен, недоверлив, ветрушко.
**скубнување** (бошк.) Побегнување, бегање.
**скукален** (бошк.) Собран од студ.
**слагање** Слегување.
**слза** Солза.
**слзавец** Солзавец.
**слзавење** Плачење, лигавење.
**слзење** Солзење.
**сливосување** (бошк.) Лажење.
**слнта** (бошк.) Мрзелива, несредена жена.
**слнчаница** Сончаница.
**слнчање** Сончање.

**слнчевост** Сончевост.
**слнце** Сонце.
**слоч** Солена течност во којашто се чува сирењето.
**смарландисано** Дотерано, средено.
**смлачување** Замлачување.
**смола** (бошк.) Жена која не одржува хигиена.
**смочување** Смачување.
**смугре** (бошк.) Глупавко.
**смулен** (бошк.) Украден, скриен.
**смушнување** Тајно, неприметно провлекување.
**сноа** Снаа.
**сновење** (бошк.) Постојано шетање.
**снога** Снага, тело.
**соба** Ќумбе.
**соблакање** Соблекување.
**собота** Сабота.
**соботари** Нововерци.
**сој** Вид, сорта, род, потекло.
**сојница** Место што не го фаќа сонце.
**сокале** Испилано дрвце.
**сокачар/сокачарка** Оној/онаа што скитаат без цел.
**со лес** Лесно.
**соленик** Дрвено „кутивале“ за сол.
**сомлување** Сомелување.
**сомун** Голем селски тркалезен леб.
**соневање** 1. Сонување. 2. Симнување на нешто поткачено на повисоко место.
**сопенање** Сопнување.
**сорок** Долг стап, прат, на што се поставува мијачкиот бајрак.
**сосан** (бошк.) Оголен.
**сотка** Саќе.
**сотрување** Истребување, уништување, запустување.
**софра** Маса за јадење.
**соче** Високо, тенко дрво.
**спастрување** Средување, чистење.
**спевање** (бошк.) Речување, кажување.
**спида** 1. Змија. 2. (прен.) Лоша, злобна.
**спилно** Стрмно.
**спиндилија** Стрмно место.
**спотнување** Испотување.
**спраскување** (бошк.) Скарување. (*Бачон и фичурон вчера се спраскае. – Мајсторот и неговиот помошник вчера се скараа.*)
**сприја** Брза, вредна, работлива.
**спрфнување** Омекнување.
**спушчање** Спуштање.
**срдевце** *(дем.)* Срценце.
**срча** Скршено стакло.
**срчка** Пролив.

**старогозник/старогозница** Оној, обично дете што се однесува или знае работи како старец/старица.
**стинеење** Ладење, изладување.
**стифа** Полно, преполно.
**стлб** Столб.
**стлбец** Столбец.
**стлчување** Столчување.
**стоваришче** Стовариште.
**стојалишче** Стојалиште, став, гледиште.
**стокмување** Натокмување, наместување.
**стоногалица** Стоногалка.
**стопалка** Стапалка.
**стопка** Стапка.
**стопнување** Стапнување.
**сторение** Случка.
**сторување** Направање.
**стратир** Нешто за мерење.
**стребро** Сребро
**стребреник/стребреници** Сребреник/сребреници.
**стреда** Денот среда.
**в стреде** Во средина.
**средина** Средина, мекиот дел од лебот.
**средишче** Средиште.
**средно школо** Средно училиште.
**стрежавење** Плашење, страшење.
**стрелишче** Стрелиште
**стригарница** Место каде што се стрижеле овците, се употребува и за берберски салон.
**стрнишче** Стрниште.
**стројалени** Стројници.
**стропјак** (бошк.) Развиен, корпулентен. (*Стројпјакон доѓура, шчукај шо мулкаш! – Силниот бабачко дојде, дознај што зборува!*)
**струпка** Зарасната рана.
**стурување** Симнување (*Едвај се стуривме од планињево. – Едвај се симнавме од планиниве.*)
**стутулување** Стуткување, скривање, криење. (*Шо си се стутулил тујека. – Што си се скрил тука.*)
**су сум** Јас сум.
**сукарец** Човечки измет.
**суклендар** (бошк.) Волк.
**суправување** Средување, чистење. (*Суправа постреќуќи. – Средувам низ куќа.*)
**супротставување** Спротивставување.
**сурат** (тур. **surat** ʽлице, образ, физиономијаʼ) Лик, лице.
**суратлија** Човек со убав или карактеристичен лик.
**сургун** (тур. **sürgün** ʽпротерува надвор од земјата, прогонствоʼ) Прогонство.
**суредување** Средување, доведување на нешто во ред.
**сурме** Ковчеже. (*Шо жбараш во сурмето, ведри ја! – Што бараш (напипуваш) во ковчежето, бегај оттука!*)

**сурмек** Рицинус.
**сурмет** Наглув (*Мулкај колку сакаш, ӣлакион е сурмеш̄. – Зборувај колку сакаш, сш̄ариош̄ е наī̄лув.*)
**сурнување** Слизнување.
**суртук** (тур. **sürtük** ʽскитник, безделник, мангуп, непрокопсаник’) Неранимајко, невоспитан, непримерен.
**суферисување** (бошк.) Согласување, наоѓање заеднички јазик со некого.
**сушчество** Суштество.

# Т

**табиет** (тур. **tabiat** ʻнарав, карактер’) Карактер, навика
**таја** Таа (3л. едн., ж.р.).
**тајтање** Тетеравење, клатење
**такви ми ти рабоќе** (фраза): Така стојат работите.
**такома/такоми** или **такам** Украсена облека.
**такравати** Разни работи.
**таксират** (тур. **taksirat** ʻмака, несреќа, неволја, лоша судбина’) Несреќа.
**тактисан** Заболен, мрднат од умот.
**такуѓере** Исто така.
**Талјан** Италијанец.
**тамам** (тур. **tamam** ʻточно, по мера’) Токму.
**тамбарање** (бошк.) Зборување за сѐ и сешто.
**тангалана** (бошк.) Разотворено, запустено.
**тангосување** (бошк.) Удирање, чукање по глава.
**тантарање** Неповрзано зборување.
**тапосување** (бошк.) Давање, плаќање. (*Да не му ѿаӣосуваш на вересија! – Не ϑавај му без ӣари!*)
**тасламан**
**таќе** Така.
**таќечинење** (бошк.) „Онаа работа“.
**тахмаќар** Вешт, снаодлив.
**тевеќелија** (тур. **tevekkeli** ʻнаивност, лукав и безумен човек’) Наивен, будала.
**текинање** Текнување.
**теклиф** (тур. **teklif** ʻповик, предлог, понуда’) 1. Ред. 2. Повик, покана.
**без теклиф** (в. тур. **teklif**) Без ред.
**тел** Жица.
**телеме** Смеса за изработка на кашкавал.
**телемежија** Мајстор за изработка на кашкавал.
**темерут** (тур. **temerrüd** ʻмрзелив човек, будала, проблематичен, неспособен за каква било физичка работа’, ʻтемен, мрачен, молчалив, опор човек’) Сериозен, стабилен.
**тепе** Заден дел од главата.
**тептисување** (тур. **tepmek** ʻ(се) занесува, (се) губи’) Запрепастување, изненадување, вчудовидување.
**терјакија** Мераклија.
**терсене** (тур. **tersine** ʻнастран, незгоден, чуден, непријатен, човек со опак карактер’) 1. Незгодно, наопаку. 2. Човек, незгоден по карактер.
**тертип** (тур. **tertip** ʻред, поредок’, ʻплан, начин, стил, уредување’) Начин, форма на работа.
**тертипжија** Човек што е точен, одреден, строго принципиелен.

**тефрит (го)** (можеби од тур. **tefrik** ‘делење, поделба, разлика’) го поддржува, го толерира
**тешка** (бошк.) Бремена, трудна жена, трудница.
**тешкокосен** 1. Крупен, развиен. 2. Тешко подвижен.
**тиганица** Мекица.
**тиганичавење** (бошк.) Разгалено, несериозно однесување.
**тије** Тие (3л. мн.).
**тита** (бошк.) Остави, не чепкај, не фаќај!
**тиќа** (бошк.) Човек со посебни, чудни навики.
**тифнување** Стишување, смирување.
**тлчење** Толчење.
**тлчило** Толчило.
**тлчник** Толчник.
**тнока** 1. Свечена облека. 2. Нова специјална кошула за невестата наменета за првата брачна ноќ.
**това** Тоа, (3л. едн. ср.р.).
**токмак** (прен.) Прост.
**токмење** Местење, наместување.
**токмо** Така како што треба, токму.
**токмонози** Скок од место со двете нозе одеднаш, вид на селска спортска игра.
**толос(о)ум** Привидение, вампир.
**топан** Тапан, музички инструмент.
**топанисување** Измрзнување, отекување од смрзнатини.
**топаните** Музички состав од два тапана и две зурли.
**топкање** Играње со топка, тапкање.
**топор(ав)ење** Заканување, покажување сила.
**топтан** Сѐ заедно.
**торлак** Припрост.
**торомборија**
**тотнеж** Татнеж.
**тотнење** 1. Татнење, грмење. 2. (прен.) Брзање. (*Тотни по потот! – Оди, брзај по патот!*)
**тотон** Грмотевица.
**тотолан** Гомно, тврд човеков измет.
**точкање** Зачестено посетување на определено место.
**транчење** Правење, одење.
**трафтала** (бошк.) Стари износени обувки.
**тремпете** (бошк.) Пијан, неподвижен.
**трескање** (бошк.) (прен.) Јадење.
**треќ** Трет.
**трешчење** Трештење, бучна веселба.
**ткалишче** Тркалиште, место каде што се одржуваат трки.
**трлачка** (бошк.) Пила.
**трнгоз** Закачко.
**тропарање** Бучно, шумно чекорење, одење.
**тропи** (бошк.) Чевли.
**трон** 1. Грамада. 2. Куп од снег. 3. Голем како стол.
**тронда** Тромава, дебела жена.

**трофла** (бошк.) Несмасна, дебела жена, мрзливка.
**трчкање** Бркање.
**туѓоземјанин** Печалбар.
**тује** Тука, овде.
**тујека** Овдека.
**тук** Стопена маст.
**тунтуфе** Нагалено, милозливо име за девојче.
**тунџа** (бошк.) Вода (според реката Тунџа во Бугарија).
**тунџосување** (бошк.) Додавање вода, разводнување. (*Тунџосај му го белоно. – Стави му вода во млекото.*)
**тупање** Удирање.
**тупучка** Грутка, оток..
**тури потпечи** Вид на јадење.
**туреница** Разурната, урната куќа.
**турување** 1. Уривање 2. Истурање, силно врнење.
**тутараци** Плашење (*Не давај му тутараци! – Не плаши го!*)
**туткун** Смотан (глуп, прост), неспособен, срамежлив, нерешителен. (*Му ја фтупиле офтикана зашчо је туткун! – Му ја дале болнана (за жена) зашто е смотан!*)
**тутнување** Давање нешто скришум или насила.
**туто** Зелник, комат.
**тутуле** 1. Сармичка од зелка или од лозов лист. 2. Сѐ што е замотано.
**тутурај (не)** Не полни му ја главата, не зборувај што-годе.
**тутуркапица** (бошк.) 1. (Се) исплаши. 2. Избега исплашен.
**тутурничав** (бошк.) Плашлив.
**туфкање** Кукање, тажење, себеобвинување за направена грешка.
**туфтало** Вид печурка која меѓу луѓето се користела и како медицинско средство за запирање на крвавењето.
**тушалка** Подвиткување во ќебе, заштитувајќи се од студ.
**тушење** Прдење.

# Ќ

**ќа** Ќе, честичка за правење на идно време.
**ќаја, ќеаја** (тур. **kâhi, kâhya** ʽглавен овчар, богат сточар, економ, надзорник на имот’) Сточарски големосопственик, кој имал по неколку илјади, па дури и десетици илјади овци.
**ќеиф** (тур. **keyif** ʽволја, расположение, задоволство, уживање, радост’) Мерак, желба, уживање.
**ќекузе** Човек со низок раст, снаодлив во секој поглед.
**ќелеш** (тур. **keleş** ʽќелавко, ќелав човек’, (прен.) ʽникаквец, ништожен човек’) Бедник.
**ќелуш** Ќелав човек.
**ќердосување** (тур. **kâr** ʽпостигне успех, среќа во животот, стане успешен, (се) збогати’) 1. (прен.) Усреќување. 2. Добивање, заработување.
**ќерефека (в. керефека)** Интересна работа, смешка.
**ќерефетжија** Изведувач, човек кој се прави интересен.
**ќерефетлок/ќерефетлоци** Изненадување, изненадувања.
**ќерефекување** Изведување, глупирање.
**ќефлија** Расположен.
**ќешки** (тур. **keşkı** ʽпоарно, камо да, камо среќа’) Камо среќа, нека, да.
**ќим биле** (тур. **kim bile** > **kim** и **bilmek**, ʽкој’ и ʽзнае’, **kim bil-e** ʽкој да знае, кој да ти знае’ (*-е* во случајов ʽда’) Којзнае што.
**ќимкање** Давање тајни сигнали, ишарети, сигнализирање.
**ќитап** (тур. **kitap** ʽкнига, книга што содржи верски учења и прописи кај муслиманите’) Книга.
**ќоле** (тур. **köle** ʽслуга, роб’) Измеќар.
**ќокта** Дебела жена.
**ќоркање** Намигнување.
**ќоруш** Слепец.
**ќос** Човек на кого не му растат брада и мустаќи.
**ќостек** (тур. **köstek** ʽсинџирче за џебен часовник’) Часовник што се носи на појасот.
**ќофтање** (бошк.) Тепање.
**ќукуш магаруш** Вид пајак со долги нозе и ситно тело.
**ќулавка** Капа од волна.
**ќуле/ќулавец** Врв.
**ќурк** (тур. **kürk** ʽгорна облека опшиена со крзно, кожув, бунда’) Долго платно поставено со кожа, крзнено сако.
**ќутук** (тур. **kütük** ʽпресечено суво дрво, трупец, пењушка’, (прен.) ʽнедоделкан човек’) (прен.) Прост, тромав.
**ќуфкање** Плачење.

# У

**убарачување** Урочување.
**угарок** Парче јаглен (што е гламносан, изгорен, поцрнет).
**угич** 1. Овен предводник во стадото. 2. (прен.) Првенец.
**угорница** Нагорнина.
**угоре** Нагоре.
**угурала** (тур. **uğurlamak** ʽиспраќа добри желби, посакува среќен пат’) Вид поздрав за среќен пат!
**угурсуз** (тур. **uğursuz** ʽразбојник, неранимајко, расипан, лош, запоставен човек’) Неранимајко, мајтапчија, арамија.
**удина** Меко месо без коски.
**удолница** Надолнина.
**удолу** Надолу.
**Удолуглавечки** Со главата удолу.
**ужбарување** Замачкување, зашлакување.
**ужграбување** Изгребување.
**ужегнување** Застојано (јаткасти плодови, тестенини и сл.).
**уј-ујови** Карактери, табиети.
**ујдисување** Натокмување, спогодување, здружување.
**ујгун** (тур. **uygun** ʽзгоден, подесен, погоден, допадлив’) Удобен, погоден.
**ука** Наука, поука, совет.
**укало** Викотница.
**укање** Гласно викање, дерење.
**укмосување** Обесхрабрување, разочарување.
**укнување** (бошк.) Запејување. (*Укни ја! – Зайеј ја!*)
**укосување** Укасување.
**укубет** 1. Неранимајко. 2. Изрод.
**улишче** Улиште, место каде што живеат пчелите.
**ума** Глина.
**ургија** Малер, несреќа.
**устабашија** (тур. **ustabaşi** ʽглавен, најдобар мајстор’) Прв мајстор, главен мајстор.
**устрамување** Засрамување.
**устрел** 1. Ѓавол. 2. Врколак.
**устубеч**
**усул** (тур. **usul** ʽначин, внимание’) Полека.
**ут** Незнајко, заостанат.
**утранчување** (бошк.) Натрапување, заседнување, клапнување.
**уфирување** (бошк.) Заминување, бегање, одење.
**уфитилување** (бошк.) Налутување.
**уцркалување** Сркалување.
**учинување** Сторување, направување.
**ушиќарување** Добивање нешто во своја корист.

**ушкука** Начин на носење човек или товар на грб.
**ушлинко** Со големи уши.
**ушници** Обетки.
**ушнување** Шинување, изместување, исчашување.
**ушче** Уште.

# Ф

**фајде** (тур. **fayda** ʽкорист, полза’) Корист.
**фазла** (тур. **fazla** ʽповеќе’) Вишок.
**факман** Итар, снаодлив, способен човек.
**фантон** (бошк.) Жандарм, полицаец. (*Фантонон доѓура, ведрите ја! – Полицаецот доаѓе, бегајте!*)
**фањела** Блуза, џемпер.
**фара** Сродство, потекло, род.
**фаруш** (бошк.) (тур. **faraş** ʽѓубралник’) Ѓубрарник.
**фелење** (бошк.) Водење љубов.
**фелка** Парче, дел од нешто (кришка од лубеница, од диња).
**фира** (тур. **füru** ʽона што се отфрла при мерењето и почесто при изработувањето на нешто, отпадок’) Отпадок.
**филан** (тур. **filan, falan** ʽнекој (одреден)’) Некојси, едикојси, определен (човек, место).
**филибарка** Кришка леб.
**филизи** (тур. **filiz** ʽмлада гранка, ластар’) Млади гранки, листови, ластари.
**филушка** (бошк.) Кришка леб, сеченка за мачкање со путер.
**фис** Сој, род, племе.
**фиросување** (бошк.) Умирање, пцовисување.
**фитилосување** (бошк.) Налутување. (*Не чепкај го стропјакон, фитилосан е. – Не го задевај набилданиот, бабачкото, налутен е.*)
**фитос** Избега, го снема, исчезна (од глаголот *витосува*).
**фичур** (тур. **fiçi** ʽбуре’) Помошник на мајсторот за правење на сирење и кашкавал .
**фишеклија** Вид пушка.
**фишек/фишеци** (тур. **fişek** ʽкуршум, огнометна ракета’) Куршум/куршуми.
**фјокање** (бошк.) Бесцелно шетање. (*Не фјокај се коде да е. – Не се шетај бесцелно кај да е.*)
**фодул** (бошк.) (тур. **fodul** ʽоној што непоканет се меша во туѓи работи, надзорник без налог’, ʽгорд, надмен, вообразен, фалбаџија’) Конте, кицош, прчко, горделивец.
**фодулење** (бошк.) Прчење, гиздавење, вообразување.
**франгил** Квака
**фраскотница** Тепаница, караница.
**фраснување/фраскање** 1. Тепање со тенко дрво. 2. (прен.) Самоудирање.
**френгузав** (бошк.) Болен од сифилис.
**фрик** (бошк.) (алб. **frikë/a** ʽстрав, бојазливост’) Страв.
**фркање/фркнување** (бошк.) 1. Сркање/сркнување, голтање/голтнување алкохол. 2. (прен.) Пијанчење.
**фртома** Ортома, долго дебело јаже
**фртуна** (влаш. **furtună** ʽневреме’) 1. Невреме. 2. (бошк.) Брз како молња.

**фрфулање** Паѓање на ситен снег.
**фрча** (тур. **firça** 'четка') Четка.
**фтасување** Стигнување.
**фтупување/фтупи му го** (бошк.) Давање/дај му го.
**фузбал** Фудбал.
**фукара** (тур. **fukara, fıkara** 'сиромав човек') 1. Сиромаштија, прост свет. 2. Пропаднат човек, бедник.
**фукнување** (бошк.) Мавнување, удирање.
**фукса** (бошк.) (герм. **Fuchsstute** 'лисеста кобила', (прен.) 'уличарка, блудница, јавна жена') Неморална жена, проститутка.
**фурење** (бошк.) Студење (кога навлегува студ од некој процеп, неквалитетна врата или прозорец).
**фуруглица** (бошк.) Брза, работлива, млада невеста.
**фута** Свечена, шарена скутина од свила.
**фуфкање** (бошк.) Страв, плашење.
**фуфкат му** (бошк.) (Се) плаши, му е страв.
**фуфиркат му** (бошк.) Стравува да преземе нешто.
**фуцеле** (бошк.) Мало буре.
**фучење** Дување на силен ветер.

# Ц

**цаблан/цабланко** (бошк.) Недозреан, лесноумен, будалест.
**цакуле** (бошк.) Мало дете.
**цап** Прч, јарец предводник.
**цапање** Газење.
**цвитосување** (бошк.) Облекување во нова облека. (*Скивни го како е цвитосан. – Види го како е дотеран.*)
**цврчење** Пржење на масло или сало.
**цврчки** (бошк.) Џимиринки.
**целење** Заздравување. (*Ранава целит! – Ранава здравее!*)
**целотрупен** (бошк.) Прост, заостанат човек, човек што не сфаќа.
**цепутка** Пукнатина во дрво, процеп.
**цибрина** Сув студ.
**цилуфки** Шишки.
**цимење** Цимолење, тивко плачење.
**цркалање** Тркалање.
**црпка** (бошк.) Глава. (*Варди ја црпката! – Чувај ја главата!*)
**црцање** варење
**црцопејче**
**цуцул** Врв.
**цуцулење** Ставање нешто на врв. (*Не ми го цуц(у)ли това. – Не ми го ставај тоа на врвот.*)

# Ч

**чадлива** (бошк.) Цигара.
**чакар** (бошк.) Млад, недозреан.
**чакарлија** Шашлив човек
**чакле** Вид алатка, слична на мотика.
**чактисување** (бошк.) Удирање.
**чалдисување** Заболување, воспалување.
**чалија**[4] (бошк.) (тур. **çali** ʽбодликава/трнлива грмушка, џбун, пасиште’)
**чалмиче** (бошк.) Оџак.
**чапчале** Шолја, лонче за пиење.
**чара** Минлива болест.
**чаре** (тур. **çare** ʽсредство, начин, излез’, ʽспас, лек, помош’) Барање решение за некој проблем, излез од некоја ситуација.
**чаркови** (бошк.) Мускули
**чатија** (тур. **çati** ʽпокрив, кровна конструкција без ќерамиди’) Кров, покрив.
**чегли** Чевли.
**чекален, -а, -и** (бошк.) Луѓе што чекаат, чекачи.
**чекалишче** Чекална, чекалиште, место каде што се чека.
**чекич** Чекан.
**чекмеже** (тур. **çekmece** ʽфиока на маса, кутија за накит’) Мал ковчег, ковчеже.
**чекул** Место за починка.
**чембер** (тур. **çember** ʽжелезен обрач за бурило, свилена шамија за глава’) Обрач.
**ченгија** (тур. **çengi** ʽтанчарка, играчица’) Кафеанска забавувачка која изведува игри, кафеанаска танчарка.
**чеперок** Еден вид мерка – просторот помеѓу палецот и показалецот.
**чепиле** Изабен нож.
**чепиле** (бошк.) Цицija, скржавец.
**чепкање** Допирање, пипкање.
**чепурка** Печурка.
**чере** Изглед, лик, физиономија.
**черево** Црево.
**черепна** Глинена тепсија, црепна, сач, вршник, вид на кујнски сад.
**черек** (тур. **çeyrek** ʽчетвртина од нешто’) Четвртина од час, 15 минути. (*Чукаленон е черек ѕо осом. – Саат̄от̄ е 7:45.*)
**черечење** (в. тур. **çeyrek**) 1. Сече, расечува на парчиња, распарчува. 2. (прен.) Насилно раздвојување на некоја целина.
**черешна** Цреша

[4] сè уште не може да се најде вистинското значење и неговата употреба во тајниот бошкачки говор (забел. на СШ)

**черупка** 1. Долга брада. 2. Рилка, муцка.
**чивосување** (бошк.) Наседнување, подметнување.
**чим** Штом.
**чипо** Многу кусо, кратко, тесно.
**чипчење** Цврсто држење, штипење.
**чиричник** Грклан
**чичек** (бошк.) Свечено облечен, дотеран.
**чкрапја** Шкорпија.
**човече ѓугумале** (бошк.) Млекар.
**човешчилок** Човечност.
**чопенка** Дробенка.
**чораб/чораби** (тур. **çorap** ʻчорапи, дел од облеката што се навлекува на нозете’) Чорапи.
**чоросеменица** (бошк.) Сперма.
**чувалени** (бошк.) Луѓе што чуваат нешто, чувари.
**чудесија** Чудо.
**чуја** Слуша.
**чукален** (бошк.) Часовник, саат.

# Ш

**шабурек** Цевка од каде што тече вода.
**шајна** Санка.
**шајнање** Санкање.
**шака** Шега.
**шакажија** Шегаџија.
**шалапајка** (бошк.) Несериозна жена, ветрушка.
**шамата** Кавга, расправија.
**шапшало** (бошк.) Несериозен, шегаџија.
**шара** Пила.
**шарање** Пилење, сечење дрва.
**шаражија** Пилач (ʽсечач, тој што сече со пила, со шара’).
**шарбан**
**шарник** Дрвена гравура за украсување на погача.
**шафтање** (бошк.) Неврзано зборување.
**шашардисување** (тур. **şaşırmak** ʽ(се) збунува, (се) изненадува’) Зачудување, вчудовидување.
**шашлупка** Лушпа.
**шашма** Заговор.
**шашмара** Интригантка.
**шевање** Неодредено движење лево-десно.
**шејбале** (бошк.) Незрел, несериозен, припрост, неугледен.
**шеј** (тур. **şey** ʽствар, предмет’) Предмет. (*Левај ѓо шејчено од сурмето, да не те скивнет плакана! – Укради ѓо предметот од ковчежето, ама да не те види старата!*)
**шемо** Мал, кус човек.
**шемотење** Губење свест.
**шен** Весел, расположен.
**шеќерче** Бонбона.
**шептење** Шепотење.
**шепурка** Цевка низ којашто истекува вода.
**шепуркање** Течење, истекување на вода.
**шер** Беља, незгода, неволја.
**шерешере** (бошк.) Хаос, неред, испревртено.
**шеретување** (тур. **şerret** ʽлукав, препреден човек, шегаџија, мајтапчија’, ʽдосетлив, умен, паметен, итар’) Палавење, изведување.
**шеталишче** Шеталиште.
**шетало** (бошк.) Клозет.
**шешердисување** в. **шашардисување**
**шиблинка** (бошк.) Вошка.
**шикла** Вид плод од даб (*шикли за бакли* – во слободен превод: *роѓови за свеќи*).
**шилеже** Мало јагне.

**шилименко** (бошк.) Неискусен млад човек, детиште.
**шиндра** (тур. **şendere** ʽтенка букова штица за тавани’) Парче дрво, штичка за покривање на куќа.
**шифа** (бошк.) 1. Отров. 2. (прен.) Труење со храна.
**шифосување** Труење.
**шкето** Варено месо без додатоци.
**шкорлав** (бошк.) Наглув човек.
**шкракулец** Скакулец.
**шкрапало** 1. Кременарка (кремен). 2. Кибрит.
**шкрапање** Палење.
**шкрапја** Скорпија.
**шкрека**
**шкрет** 1. Сам, осамен. 2. Планинец.
**шкрипец** Теснец.
**шкутало** (бошк.) Непрецизен, кој постојано промашува.
**шлибнување** Истурање, исипување на течност. (*Кога шлибате тунжа во белоно, со усул мајката! – Кога сипувате вода во млекото, со мерка мајката!*)
**шлукнување/шлукање** (бошк.) Потчукнување со прсти при одбирање (на пример лубеница).
**шлукнат** (бошк.) Чукнат човек.
**шмагање** Гнасење.
**шметнување/шметкање** Фрлање.
**шмеќарлок/шмеќарлоци** 1. Сплетка/сплетки. 2. Итрина.
**шмугнување** Протнување, незабележливо заминување.
**шнурање** (бошк.) Душкање, барање на некој предмет.
**шо** Што.
**шоегоде** Кој било.
**шоедае** Што било.
**шоедајница** (бошк.) Жена што половично ја врши работата.
**шојко** (бошк.) Ум.
**шпарање** (герм. **Sparen** ʽштеди’) Штедење.
**шпаражија/шпарач** (в. герм. **Sparen**) Штедач.
**шпатнува** (алб. **shpat** ʽсрт, планински срт или брдо, стрмнина’) Одзема нешто што не му припаѓа – (*Шпатнал од колачот/средствата. Се шпатнал – го изгубил умот.*).
**шпатнување/шпаткање** 1. Енергично отстранување на нешто. 2. Шуткање.
**шпела** (алб. **shpellë** ʽпештера’) Пештера.
**шпиј** (бошк.) Дома.
**шпирто** Кибрит.
**шпорт** Марш, бегај од тука!
**шпота** (бошк.) (герм. **Spott, Spötten** ʽсе потсмева, се исмева’) Се употребува повеќе со засрамувачко значење. (*Шпота поштотена.*)
**шпоткање** в. **шпаткање**
**шраф** Штраф.
**шрафење** Штрафење.
**шрафцигер** Штрафцигер.
**штафење** (бошк.) Онеспособување.

**странгање** Ѕвечење.
**штрапачка** (бошк.) Жена којашто многу зборува.
**штркало** Прскалка.
**штркање** Прскање.
**штрокаво** (герм. **Stroh** 'слама') Тврдо, тегаво.
**шубе** 1. Сомнеж. 2. Резерва.
**шукаре /шукарче** (бошк.) Симпатично, слатко детенце.
**шуле** Слуга, измеќар.
**шулупулу** (бошк.) Будала, ненормален, психопат.
**шупелко** (бошк.) Недозреан, лесноумен.
**шутка се** Се движи бесцелно. (*Го шуткает вамо тамо*!)
**шутрак** Будалест, нераниmajко.
**шурање** Мочање.
**шуќур** (тур. **şükür** 'благодарам, фала Богу') Фала му на Бога.
**шушки** Пари.
**шушурикање** Жуборење, шумолење.
**шчавеј** Штавеј, вид зелено растение.
**шчавување** в. **штавење**
**шчепуравено** Собрано.
**шчипење** Штипење.
**шчипка** Штипка.
**шчица** Штица.
**шчукање** 1. Икање. 2. Штукање. 3. (бошк.) Слушање (*шчукат – слуша*).
**шчулнување/шчулкање** Скршнување, земање мало парче.
**шчуринче** (бошк.)
**шчурување** (бошк.) Запалување цигара.
**шчути** (бошк.) Слушај, внимавај што ќе каже и запомнувај!
**шчутит** Слуша нешто тајно, доверливо.

## С О Д Р Ж И Н А


Перо АНАСТАСОВ

Злетовскиот говор ........................................................................ 5

Слободан ШОШКОСКИ, Македонка ДОДЕВСКА

Речник на интересни мијачки и бошкачки зборови ......................... 51